**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Дваесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 февруари 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,15 часот.Седницата ја отвори и на неа претседаваше Бесим Догани, потпретседател на Собранието.

**Бесим Догани:** Продолжуваме со работа по Дваесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џевад Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Иван Анастасовски, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Љубчо Георгиевски, Никола Рилкоски, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Радмила Шеќеринска, Лазар Китановски, Зоран Петрески, Јани Макрадули, Марјан Додовски и Владо Бучковски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес.

Има збор пратеникот Митаноски Веле, повелете.

**Веле Митаноски:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги, почитуван господине Андов,

Само после два дена расправа во Парламентот се покажа колку ова прашње е суштествено и сензитивно. Тоа не е случајно и тоа е само еден одсјај, би рекол, на очекувањата на јавноста. Јас ќе додадам и на одговорноста пред која што сме исправени, како пратеници.

Од друга страна, после толку дискусии, ние, денеска, на третото продолжение што учествуваме, исправени сме пред ризикот нешто да повториме, за што однапред барам разбирање. Сепак, оценив дека не треба да се остане рамнодушен и сега ќе ми дозволите и јас да ги споделам со вас моите размислувања.

За она што најверојатно ќе го преминам посакуваниот праг на тајминг од 10 минути, вината е во сеуште актуелниот Деловник. Со ова сакам да кажам дека и јас исто така се залагам за нов, со ограничување на времето. Прашање е само што е тоа разумно и функционално потребно време, дали 10, 15 или 20 минути. Но, за тоа, по тоа, заедно ќе одлучуваме.

Дозволете ми, најнапред да ја поздравам иницијативата за подготовка на овој законски проект. Бидејќи текстот не е читан на некои од комисиите каде јас членувам, ќе ја искористам можноста на овој начин да ги искажам моите ставови.

Поради политичката конзистентност, за што лично се залагам, пред се, а и во мојата пратеничка група на НСДП и пошироко, пред се, сакам да ја поздравам определбата законот да го носиме во редовна процедура, со неколку читања, што претпоставува поширока јавна расправа. Добро е што во неа веќе се вклучени дел од невладините организации и медиумите, на некој начин целиот невладин или, како што милуваме, цивилен сектор или невладин активитет, а не е лошо, пред се се обраќам кон господинот Андов, да побараме можеби и некоја меѓународна експертиза, дококлу не е доцна, по примерот на Венецијанската комисија и сл.

Во досегашната јавна дебата, што се однесува на веќе поднесениот Предлог на закон за определување дополнителен услов за вршење јавна функција или, популарно наречен законот за лустрација на почитуваниот пратеник Стојан Андов, поддршан со потписи на уште 89 пратеници и од опозицијата, на површина исплива едно прашање во поглед на тоа дали проектот е задоцнет или не, и ако е задоцнет, кои би биле консеквенциите во поглед на целите што сакаме да ги постигнеме?

Со самиот факт што овој проект е постигнат или на пат сме да постигнеме општ парламентарен консензус, се едно што во јавноста по малку доби призвук на усилена претходна поддршка, самиот по себе се наметнува заклучокот дека ваков закон треба да биде донесен. Мене ме радува што во овој момент конечно постои и политичка волја за тоа. Што е особено добро.

Од друга страна, можеби е задоцнет, затоа што ако го донесевме на почетокот на транзицијата во 90-тите години, ефектите ќе беа далеку поголеми, опфатеноста на луѓето кои треба да се реално предмет на лустрација ќе беше поголема, а со тоа и ефективната целисходност, односно помала ќе беше веројатноста некој да се провлече, сеедно дали со силата на позицијата можел да ги избрише темните петна од својата биографија или пак времето му ја прочистило личната биографија. Исто така, ако тогаш се направеше проветрувањето, многу големи ѕверки на нашата криминална приватизација и темниот политички вилает, едноставно ќе беа оневозможени да бидат дел или пак креатори на тој процес, што од Македонија направи црна дупка на Балканот и Европа. Но, тоа е тоа во Македонија.

Изминатиов период многу работи беа поставени на глава. Па ние и по овој проект сега не можеме да инсистираме на некоја до крај или темелна принципиелност. Ако јас би ја оквалификувал ситуацијата, би се послужил со онаа народната дека законот е задоцнет, но сепак не е заборавен, односно не е заборавена потребата од него. Или, како што на почетокот од расправата колегата Рафис Алити ја дефинираше ситуацијата "подобро некогаш отколку никогаш". Сеедно дали е тоа наша автохтона потреба, што би била посимпатичната страна на нештата или пак го носиме притиснати од барањата и стандардите на земјите од развиената западна демократија.

Бидејќи не можеме до крај да го исклучиме ова второто, сакам да укажам на потребата од селективност во имплементацијата на странските искуства, односно во градењето на текстот да внимаваме и на негативните искуства на земјите кои тоа го направиле пред нас. Да не заборавиме дека дури и иконата на демократизацијата во Југоисточна Европа, за што говореше и Шутаров и некои други колеги, полскиот синдикален лидер и подоцна шеф на државата Валенса, самиот беше предмет на смислена, безбедносна дискредитација во својата земја.

Ако сепак ја бараме основната причина во доцнењето, таа, според мене, лежи во фактот што, кај нас, демократизацијата на земјата ја понесоа, односно се роди во пазувите на претходната комунистичка номенклатура, а не против неа, односно во фактот што ние сепак не го изнедривме својот Хавел. Таа номенклатура подоцна, свесно или несвесно, ја изгради својата финансиска олигархија како сидро на своето опстојување.

Во Република Македонија, дополнително и новоформираните партии тргнаа по тој рецепт, заборавајќи дека корупцијата почнува со денот на изборите, можеби и порано, со денот на формирањето на партиите, така што на тој начин се затвори тој маѓепсан круг и не донесе таму каде што не донесе. Но, повторувам, никогаш не е доцна за добри намери, иницијативи и проекти, се разбира доколку намерите се добри, се во интерес на демократизацијата и напредокот на земјата и доколку исклучуваат секаква можност за политички реваншизам, односно политички поднесувања на тамошни делби и лични меѓусебни и теснопартиски пресметки, конструкции и елиминации.

Ние, во оваа фаза и дополнителната, пред се, мораме да создадеме услови за отворена демократска расправа.

Господинот Ефтим Гашев, веќе цитиран во ова Собрание, еден од синонимите на македонската идеолошка репресија, јавно спори не со потребата, туку со содржината на предлогот, односно намерите на предлагачот, цитирам, “Не станув збор за вистинска, целосна лустрација, туку за дневно политичка пресметка помеѓу партиските потенцијални кандидати за високи функции во државата”, заклучува господинот Гашев, гледајќи во текстот симболичен дел од сегментот на поранешните комунистички режими.

Почитувани, нашето општество е сериозно поларизирано по политички, социјални или етничко-национални линии. Национално, но дури и интра национално. Секако, не спаѓа меѓу оние кои сметаат дека законот се прави за нови делби внатре во македонското политичко и етничко ткиво, но секое предупредување на реалноста и опасностите од неа, би било излишно. Или, како што веќе беше опишано, да отстраниме секаква можност и повод за некои идни лустрации од страна на денес или утре лустрираните. Имено, при секоја смена на власта...

(Џагор во салата).

Јас ги молам колегите, бидејќи не сме многу.

Значи, при секоја смена на власта, а до сега тоа се случи дури пет пати, не останувaa имуни “на промените” ниту безбедносните служби во кои циклично се внесуваа партиски и аматерски инфилтрации.

Во изминативе 15 години имавме најмалку десетина афери иницирани и координирани од тие служби, а сепак тесно поврзани или во интерес на политичките партии. Исто, како што имавме примери за инфлитрација во самите политички раководства или пак јавно или срамежливо пласирани информации дека некои партии или деривати на веќе постојни партии изникнуваат токму со прстите на безбедносните служби. Мислам дека нашево внимание сега треба да биде насочено токму во таа насока, односно јавната расправа да се искористи за подорување на текстот што во иницијална фаза или рамка го добивме како Иницијатива на господинот Андов.

Првиот ден од расправата, самиот Андов побара “што повеќе нови идеи и аргументи”. Во секој случај треба да го заштитиме тој процес од можни злоупотреби, односно уште сега да осуетиме и најмал обид за политички реваншизам.

Многу е сериозна дилемата дали проверката на податоците ќе ги прави некаква комисија или секретаријат или пак како што е редот, тоа ќе му се остави на судот, за што малку подоцна повеќе ќе зборувам. Во секој случај, ние, со законско решение мора да обезбедиме правна постапка, односно реална процедура на заштита во случај некој да донесе погрешна одлука при јавното соопштување на имиња на луѓе, но исто така и можност за надомест на морална и материјална штета. Ако штетата падне на товар на лустраторите, тогаш ќе се елиминира опасноста од поднесување конструкции и реваншизам.

Она што посебн сакам да го укажам е опасноста од исклучивост, во која што можеме да западнеме во јавната расправа. Односно, опасност од некаква забетонирана ситуација про и контра. Имено, веќе се профилираат групации, па и институции што нудат аргументи и причини против донесувањето на овој закон, велејќи дека се толку многубројни и релевантни што ја доведуваат во прашање потребата од негово донесување.

Од друга страна, веќе се лицитира, злонамерно, со бројка на пратеници и нивни години на старост, на министри, на судии, на други функциноери кои ќе бидат санкционирани со овој закон, што по малку добива кампањска димензија, на што не останавме имуни и самите ние, со што во јавноста емитираме одредени пораки што лошо не легитимираат.

Почитувани колеги,

Дозволете во продолжение да ги лоцирам прашањата што ќе не доведат до подобар текст, ќе ја отстранат опасноста од исклучивост во јавната расправа, односно ќе помогнат општиот парламентарен консензус, без разлика на мотивите, да се преточи во општ национален консензус.

Во овој дел, сакам да ја поздравам определбата на иницијаторот, односно иницијаторите за вградување на реално постоечките предлози од јавната расправа, за што од господинот Андов слушнавме и вчера. Во ист контекст го доживувам и Мислењето на Владата која што, со право, на прашањето на текстот, отвори многу прашања и дилеми од чисто правно формална природа, но и подлабоки етички или слични прашања.

Мислам дека во расправата ќе зајакнат барањата овој закон да ги санкционира не само информаторите, туку многу повеќе градителите на тој систем, односно поттикнувачите и корисниците на информации. Нема сомнение дека по казаматите на Голи Оток и Идризово заглавија невини луѓе. Ако е така, централно прашање е кој ги испрати таму? Секако и поткажувачите и собирачите на информации, но сигурно далеку пред нив оние кои ги селектираа и употребуваа, односно злоупотребуваа тие информации. Оние кои градеа еден крајно репресивен систем.

Мислам дека тука не треба да одиме по линија на помал отпор, а јас ќе кажам рамнотежа на стравот, во смисла дека со тоа што на санкции ќе ги подложиме и босовите и политичките инспиратори, демек тие, како реванш ќе ни ги селектираат или уништат документите. Тие веќе го имаат тоа направено и не треба во таа насока да бидеме ниту малку наивни.

Впрочем, ова не беше само наша специфика. Ќе ве потсетам, веќе го спомнаа случајот на Квашњевски, кој вели дека тој не работел за разузнувачките служби, туку дека тие работеле за него. Сакам да кажам дека со овој закон, ние треба јасно да ја поставиме одговорноста и на извршителите, но пред се на идеолозите на тој систем. Инаку, ќе им дадеме за право на оние што предупредуваат дека “едно очекувано проветрување, што би требало да биде некаква катарза на нашето општество, може да се претвори во фарса”. За такви стравувања говореше и господинто Трајанов на почетокот од расправата. Мислам дека укажувањата доаѓаат од човек, мислам на Трајанов, кој многу добро ја знае материјата. Бил министер за внатрешни работи, долгогодишен вработен во Министерството, но и човек или дел од група на луѓе која ги започна процесите на демократизација и демистификација во раните 90-ти години или годините на нашата почетна транзиција. Мислам дека неговите укажувања мора да се примат со максимално внимание. Мене не ми е туѓа и неговата идеја, почетната иницијатива да продолжи и да биде преточена во текст зад што ќе застане Владата со сите капацитети. Тоа, со ништо не ја намалува нашата иницијативност и не не подредува како пратеници. Мислам дека е тука лажна дилемата дали овој проект е на сите пратеници или само на поединец. Мислам дека е и ќе биде на сите.

Почитувани колеги,

Ако беше правило тоа да се прави во името на постоечката идеологија, односно во интерес на номенклатурата од тогаш единствената партија, тогаш иницијаторите на овој законски проект треба да размислат ако не сакаат да паднат во нова идеолошка замка, дали не треба да се “претресат” уште некои архиви, пред се архивата на Комунистичката партија-старата и реформираната во СКМ-ПДП, за што денес истакнати историчари велат дека била предадена, веќе претходно “прочистена”.

Деновиве можевме да прочитаме изјава и на оние што ја примиле во Државниот архив дека била “нецелосна”, односно како што стоело во записникот “во некомплетна состојба”. Тоа го соопштуваат и авторитети, историчари од Институтот за нациојална историја кои имале можност да ѕирнат во тие архиви.

Во дипломатските записи, текст на писателот, академик Луан Старова ("“Актуел” број 304 од 2 јануари годинава) токму деновиве, можевме да прочитаме дека токму во времето кога тој се повлекувал од дипломатијата, тогашниот сојузен секретар или министер, по сегашната терминологија, за надворешни работи Будимир Лончар истовремено бил и министер, но и шеф на тајната дипломатска служба. Не е непознато дека македонската политичка емиграција, конкретни лица-политички прогонети или самопрогонети, беа следени и преку оваа Служба, а не мал број се и оние што беа ликвидирани во земјите на нивниот престој.

До колку сакаме да бидеме доследни, правични и сеопфатни во приодот, мислам дека треба да не го испуштиме од ова и ова трето или четврвто сидро на службите за безбедност. Имено, подеднакво треба да го третираме: политичкиот, полицискиот, воениот и дипломатскиот сегмент на тогашните, ако веќе така ги дефинираме, тоталитарни режими.

Во овој дел, неминовно е во јавната расправа да се постави прашањето за соработката со тајните странски и безбедносни служби. Таа соработка, во најдобар дел се одвива институционално. Меѓутоа, службите не би биле тајни ако тоа не го прават и надвор од институциите. Значи ли тогаш дека таквите соработници, денес се помало зло од тајната соработка со домицилните безбедносни служби?

Еден од моите колеги, од мојата пратеничка група, на Комисијата за политички систем го постави прашањето за разграничување на мотивите на соработката: дали таа била во интерес на државата или пак во интерес на политички пресметки и дискредитации односно на штета на правата и слободите на граѓаните?

Мислам дека и ова прашање е многу значајно ако сакаме да ја елиминираме опасноста од политичка одмазда, бидејќи истата никој пат не била легитимно политичко средство.

Прашањето на дистикцијата, дали се соработувало за државни цели или потреби или пак од чисто кариеристички и лични побуди се денунцирале идејни противници, го наглсија речиси сите дискутанти во досегашната расправа. Тоа не е случајно. Постарите, како што вели еден колега, паметат дека барем до осамостојувањето, но и после 90-тите години ние живеевме во една атмосфера на ОНО и ОСЗ, општонародна одбрана и општествена самозаштита. Нас, во училиштата не учеа дека “сите сме армија”, “сите сме заштита”. Дека нема заштита ако таа не се потпира на секој граѓанин. Во армијата што нели, беше “народна” и во самото свое име важеше правилото “изврши па жали се”. Можеби помладите треба да ги потсетиме на акциите од СВОЗ, “Сите во одбрана и заштита”, што нашите северни браќа ги викаа “ништо не може да не изненади”. Одбраната и заштитата се изучуваше во училиштата а ние имавме и Факултет со таков назив.

Почитувани колеги, предлогот за донесување на законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција, во пошироката јавност попознат како закон за лустрација, како што веќе напомнав, очекувано предизвика поделени мислења за и против. Дел од медиумите, невладиниот сектор и експертската јавност, читајќи го текстот на Предлогот на законот, уставната основа и причините за неговото донесување, но и очекуваните ефекти од неговата имплементација, вниманието го фокусираат на практикувањето на законодавната, извршната, управната и судската власт во изминатиот транзиционен период.

Притоа укажуваат на погрешна перцепција на укажувањата со пренасочување на острицата на одговорноста од реалните, вистинските субјекти кои можат брзо да се идентификуваат мошне лесно и мошне брзо на лица - засега познати, за разлика од другите непознати чија идентификација ќе се врши во една долга процедура, за која токму ние сме повикани да ја направиме недостапна за манипулантите и сејачите на магла, се со цел да не внесеме дополнителна “зла крв” во веќе затруениот организам.

Мислам дека јавноста и со јавната дебата по овој закон ќе биде немилосрдна кон носителите на јавни функции, кои се носители на одговорноста и за недемократската, криминална приватизација на општествениот капитал, за енормната невработеност и осиромашувањето на населението до степен на гола егзистенција, во што немаме конкуренција во Европа, а затоа пак сме на врвот според степенот на корумпираноста и организираниот криминал.

Иницијалниот текст на Предлогот на законот ја нагласува потребата на некој од постојните лица кои се избрани и именувани на јавни функции, изрично наведени во член 4 од Предлогот на законот да им се оневозможи поставување на такви функции во иднина. Како што се образложува со цел да биде сопрен процесот на натамошна криминализација на општеството и државата во процесот на демократизацијата и осиромашувањето на народот и другите негативни трендови, што би отворило можност за општ прогрес. Бездруго, безрезервно ги поддржувам таквите иницијативи и начелни определби.

Ќе ми дозволите сега да повторам нешто од мојата дискусија од пред неколку дена кога разговаравме за стечајците. Имено, по мое гледање расправата како првенствено ќе го исфрли прашањето на селективност односно на селективниот приод. Јавноста ќе бара тотална или целосна лустрација, можеби во чешки модел кога нивната лустрација рече “стоп” на целокупната претходна комунистичка номенклатура. Вчера колегите тоа го дефинираа како потреба од декомунизација. Јас, на пример кога говорев за потребата од заштита или решавање на статусот на стечајците и работниците технолошки вишок побарав да се види кој ги втурна нив во таа неволја. Со други зборови кој ја инспирира и озакони нашата криминална приватизација и бесконечна транзиција. Кој ги направи транзиционите богаташи и дали тој процес мина без “прстите” на безбедносните служби.

Нема сомневање во земјите источно од нас беа испрани пари низ новите бизниси токму на ваквите служби. Не можам да тврдам дека и кај нас било така, иако е тешко дека сме останале некоја посебна “оаза”. Мислам дека јавноста и по овој повод ќе биде немилосрдна кон носителите на функциите кои се и носители на одговорност за таквата приватизација на општествениот капитал, за енормната невработеност и слично. Значи, како да ги оставиме настрана оние што ја предизвикаа моралната и материјална катаклизма на нашата држава.

Јас и по овој повод ќе укажам дека тоа национално зло што остави без иднина многу луѓе и потомства не е ништо помало од тоа да некој некого да денуцирал, или бил присилен некој пат и уценуван за тоа. Впрочем, и самиот Андов во образложението за причините на законот ја посочија криминалната приватизација. Но, тука застанува предлагачот. Тоа не го преточува во законот и сега е сосема логично или да го надополниме тоа, или Владата, група како што предлага Трајанов, што е можна и сосема очекувана варијанта, или пак таквата поткрепа во образложението да ја изоставиме, што по мене е речиси неможно и политички штетно.

Почитувани колеги, како што потенцирав потребата од овој закон се поткрепува меѓу

другото со катастрофалните ефекти од приватизацијата и транзицијата. Ако се согласиме дека сите зла за нашата материјална, социјална, морална деградација лежат тука тогаш останува нејасно зошто нема консеквенции и за луѓето што ќе ги закачи законот, но по една друга основа, или нема да ги закачи по основа на криминитација. А, станува збор за познати имиња и денес присутни во политичкиот живот. Во кој правец би требало да се движиме? Во најблага форма тој дел од образложението да изостане, или пак да го преточиме во членовите.

Значи, не можеме ние истовремено да знаеме кој не заталкал во ова беспаќе, а да го амнестираме. Ако не можеме со овој закон, да донесеме друг закон кој инспираторите и носителите на ова општествено зло, не помало од она што е предмет на законот за лустрација едноставно ќе ги брише од политичката сцена, како што тоа радикално беше направено во Чешка и Словачка во раните 90-ти. Од овој аспект ако вака размислуваме и ако целта ни е декомунизација, за што зборуваа колегите вчера мислам дека законот од тој аспект ни е задоцнет.

На крајот, мислам дека проектот не става пред одговорноста како да ја препознаеме опасноста, политичката елита да се самоамнестира за одговорноста за оваа катастрофална, сурова транзиција односно апашка транзиција која тотално го уништи нашиот вредносен систем. Дали сега одговорноста ќе им ја префрлиме само на извршителите, но по некој друг повод? Во овој дел сакам да го насочам вниманието и во овој правец.

Ајде дури и да прифатиме дека Република Македонија била некаква оаза во тој дел. Но, скоро и да нема двојба дека во земјите од Источна Европа приватните беа изникнати, а на кој начин за тоа да не зборувам.

На крај, општиот дел на Предлогот на законот во кој се изнесени правните основи и причините за негово донесување во нешто поблага формулација, но сепак реално ги отсликува состојбите во општеството. Оттаму и потребата од брз излез од тој ќорсокак.

Верувам дека ќе се согласиме и во неопходноста за драстични кадровски промени во кои како критериум можеби треба да влезе и откривањето на информаторите во контекст на овој Предлог на закон, но само под услов дека ќе поседуваат цврсти докази, дека соработката со тајните служби влијаела да се случат патолошки состојби во државата, какви што ги опишува предлагачот. Но, од друга страна ние се стремиме кон современите европски демократии, кон општества и правни држави каде е недозволиво со законска одредба да се дерогира уставна, што е случај со Предлогот на законот по неколку основи односно по неколку членови од Уставот, за што мислам дека предлагачот ќе води сметка.

Мислам дека е голема одговорноста на овој законодавен дом како тоа ќе го премостиме без да создадеме нова работа за Уставниот суд. Имено, во ниту еден момент не треба да го заборавиме начелото на еднаквост. Имено како тоа предмет на овој закон се само функционери односно функционерите? Што станува со оние што ниту се, ниту сакаат да бидат функционери, а евентуално би се нашле во папките на службите? Каде се и што со оние што не биле “тајни информатори”, ама биле наредбодавачи на таквите, или инспиратори ама не се кандидати за јавни функции? Или поедноставено, дали сите лица надвор од одредбите на овој закон, или овој првичен текст ги исполнуваат условите за вршење на јавна функција. Сите што не се во сферата на кандидати за јавни функции. Значи, прашањето е доста комплексно и бара многу покомплексен приод, од желбата на пример, да оставиме некаква првична импресија.

Исто така, мислам дека, во овој контекст, секаква аналогија, со слични закони, што биле донесени од државите на поранешните тоталитарни системи, нема многу да ни помогне. Ниту еден сериозен аналитичар и познавач на приликите во тие земји, не може да потврди дека влегувањето на некои од нив во Европската унија, се должи токму на донесувањето на таквите закони затоа што имаме и поинакви примери.

Почитувани колеги, неодменлив е впечаток дека ние, како законодавен дом, со овој предлог, имаме намера јавните функции да ги направиме недостапни, за одредени постојни носители на јавни функции, односно да оневозможиме на истите функции да бидат избрани, или именувани лица за кои, во посебна постапка, утврдена со истиот Предлог закон, ќе се утврди дека во периодот од преку 6 децении, сметано од 2 август 1944 година, денунцирале граѓани, врз идеолошка основа, со што довеле до кршење, или ограничување на основните човекови права и слободи на сосема конкретни граѓани. Ќе треба многу усет, такт и знаење, да не западнеме во истата идеолошка матрица. Имено, ние со овој закон, или со овој текст, не собравме амбиција од јавните функции да бидат отстранети лицата што ја предизвикаа моралната и материјалната катаклизма за што говорев и не сакам да повторувам. Знам сега ми забележуваат или барем се изнесуваат стравувања дека повторно би влегле во истата стапица со повторно кршење или ограничување на основните слободи и права на граѓаните во кој правец главно одат и забелешките од Хелсиншкиот комитет.

Имено, не треба да го занемариме фактот дека пратениците се бираат од граѓаните на слободни и непосредни избори, со тајно гласање за период од 4 години, без можност да бидат отповикани предвреме, па не може со законски акт да се дерогира таа уставна одредба или треба да најдеме начин како тоа ќе го премостиме. Претседателот на државата е избран на исти

такви избори со можност да му престане тој мандат предвремено само во случај и постапка утврдена со Уставот на Република Македонија. Како тоа ќе го премостиме.

Според Уставот сите судии имаат траен мандат откако ќе бидат избрани, а предвреме можат да бидат разрешени само во случаи и постапка утврдена со посебниот закон за судовите.

Со други зборови сакам да укажам на потребата при утврдувањето на конечниот текст на Предлогот на законот да го имаме во предвид уставното начело за еднаквост на сите граѓани на Република Македонија пред Уставот и законите (член 9 од Уставот). Се разбира, јас ги познавам само површно правните норми. Мојата согледба е само до нивото на начелното, а верувам дека правниците, иницијаторите на законот, надлежните собраниски тела и сите останати повикани ќе изнајдат решенија кои не би биле надвор од уставните рамки особено ако се има во предвид одредбата од член 23 од Уставот, според која секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавни функции.

Во спротивно ќе оставиме простор да бидеме обвинети дека од исти мотиви го повредуваме уставниот поредок на правната држава, давајќи приоритет на некои интереси.

И денеска во светот постои дилема по прашањето колку лустрацијата е алатка на демократизацијата. Имено, соочувањето со минатото секогаш е многу болно. Носи многу ризици. Нашата најголема одговорност во тој правец е да изградиме легислатива што ќе елиминира и најмала можност за грешка, но луѓето не можат да ги избегнат до крај грешките. Ако тоа е така тогаш нема за нас опрост ако не изградиме инструменти за исправување на нашата евентуална грешка. Судската власт, почитувани пратениц, судот се најповикани за таа постапка, некои колеги говореа за тоа, а јас само ќе потенцирам.

Мислам дека тоа најубаво го елаборираше господинот Трајанов и нема потреба од повторно задржување. Во прилог само ќе кажам дека начинот на кој однапред се лицитира со имиња на членови или претседатели на комисии само е уште една потврда дека судот е единственото нешто некому да се докаже вина. Ќе ве потсетам на една ситуација некаде од 1970-те години. Тогаш државата формираше комисии за испитување на потекло на имот. Се создаде една невидена хајка за од денешен аспект погледнато смешни 20 или 30 метри квадратни станбен простор. Деловен простор тогаш беше ерес. Нели изгледа тоа смешно, да не кажам трагично ако проблемот го гледаме со денешната диоптрија.

На крај, ние никого не смееме да ставиме на столбот на срамот без судска постапка и низ неа пропишана и завршена процедура. Се друго одење по жилет. Или како што деновиве напиша еден колега, да не се доведеме во ситуација суспендирајќи ја процедурата да ја исфорсираме импресијата. Дека првичниот текст има примеси на тоа говори мислењето на Владата што го добивме на почетокот на расправата и кое мислам дека во темел го проветрува иницијалниот текст.

Сериозноста на Владата ја поздравувам и ја има нашата т.е. мојата лична поддршка.

Забелешките на Павле Трајанов ги прифаќам и се доста конструктивни, не знам дали се од работна група, Влада, заедно со иницијаторот и слично.

На крај, не спаѓам меѓу оние што сега велат дека ќе ги растуриме безбедносните служби. Дури мислам дека компромитирачките материјали се надвор од нив, или исчистени од оние што биле во позиција тоа да го направат, или се засолнети, да не речам открaднати за подоцнежно подземно контролирање на состојбите во земјата односно судбината на поединци. Но, сепак дури неприфаќајќи таква аналогија сакам да укажам на временското коинцидирање на две работи.

Отворањето на тајните досиеја на Управата во 2001, или 2002 година, во пресрет на кризата, или војната, кој како милува и сега по пресрет на косовската статусна разрешница, Српската парламентарно - изборна разрешница, односно во поширок контекст последниот чин на југословенската дисолуција што неминовно ќе има реперкусии кај нас и со некои примеси на криза, или блокада што до скоро ни беа присутни под овој покрив. За среќа последниве 2-3 дена фаќаме некое посакувано темпо, што мене ме радува и го поздравувам.

Благодарам за вниманието и опростете за екстезивноста.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Митановски.

За збор е пријавен пратеникот Игор Ивановски. Повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

Благодарам колега Митановски што на конкретен начин покажавте дека за некои работи не може да се зборува помалку од 10 минути. Вие сега говоревте 36 минути, што јас го поздравувам бидејќи навистина ова е сериозна тема, треба да се слушат многу аргументи и се надевам дека ваквиот пристап ќе наиде на поддршка не само кај опозицијата, туку и кај вашите колеги пратеници, кои исто така ќе го поздрават.

Тоа е многу битно бидејќи во изминатиот период се навикнавме во ова Собрание да расправаме за се, само не она што претставува наш приоритет. Се навикнавме да расправаме за се она кое што повеќе не оддалечува од добивањето на одговорите и не оддалечува од дефинирањето на нашата иднина и ведаш на почетокот сакам да кажам една работа.

Со оглед на тоа што во јавноста има обид од страна на политичките претставници, дали тоа се дел од предлагачите, дали тоа се дел на останати

политички претставници иницирани од предлагачите, или некој трет, сеедно, се наметнува една лажна дилема дека секој оној кој ќе се спротивстави со аргумент или ќе каже поинаков аргумент од оној  кој што е напишан во овие листови хартија на предлагачот Андов и на останатите што се приклучија дека тој е против лустрацијата и дека тој е, пазете, кодош, или заштитник на кодошите.

Веднаш на почетокот сакам да кажам дека таквата лажна дилема ја отфрлам и таа апсолутно нема да помогне во доаѓањето до конечното решение. Ова го кажувам од проста причина што слична дискусија на ваква тема имав јас лично со господинот Андов во некој друг наврат и пак ќе го повторам она што го кажав тогаш. Јас лично не сум бил член на поранешната партија, на која што вие господине Андов сте биле и јас не сум учествувал во некакви хипотетички активности. Факт е дека целокупното раководство на СДСМ нема стаж во поранешната Комунистичка партија, што не е случај со вашиот стаж, значи на предлагачот Стојан Андов и на голем број истакнати дејци во партиите на владеачкото мнозинство, вклучително заедно со вас и уште еден претседател на вашиот коалиционен партнер, почитуваниот господин Тито Петковски.

Ова го велам за да ја расчистиме лажната дилема, но и да се обидеме да вметнеме, за промена, почитување нанекакви морални и етички критериуми. Бидејќи, ако ни е целта да ја замаглиме оваа расправа, ако ни е целта да донесеме закон низ расправа која повеќе ќе ги отвори прашањата отколку затвори, апсолутно не сме ја постигнале целта освен можеби вашата цел на замаглување на неуспесите на Владата во овој момент и дефокусирање на јавноста во некоја друга насока. Се надевам дека за ова ќе ме разубедите.

Ова го кажувам од проста причина што пред да влезам во анализа на она што е предложено или на она што јас сметам дека треба да биде земено во предвид, делумно од тоа беше искажано вчера, многу кратко, ако се тргнат на страна оние напишани говори кои добар дел од нашите колеги ги читаат без да разберат што кажуваат.

Да истакнам уште една работа. Во образложението на Предлогот, поточно во причините поради кои треба да се донесе законот, на повеќе места, но јас ќе акцентирам две, се наведени дека остатоците на тајната мрежа на соработници на тајната политичка полиција се искористени за инсталирање на недемократски поредок, за криминална приватизација, осиромашување на населението, блокирање на плурализмот и формално на хартија воспоставени институции кои инаку треба да имаат демократски карактер задскривајќи се зад тешкотиите врзани за независноста и нејзиното оспорување овие структури под изговор на зачувување на државната безбедност овозможија на недемокртско и непазарно приграбување на општествениот капитал во приватни раце и т.н. Тоа е прво акцентирање.

Ако е ова точно господине Андов, вие треба веднаш да си поднесете оставка. Ако ова не е точно, а не е точно, треба да ги образложите мотивите зошто ова сте го напишале. Бидејќи вие на два наврати бевте претседател на Парламентот, вие бевте носител на истакнати политички функции во претходниот систем, јас сериозно повторно во оваа пригода ќе ја отворам мојата дилема дали вие не сте дел од ова што е напишано овде, ако цврсто верувате во ова.

Ако ова е точно, а јас не ја наоѓам логиката дека е точно, како тогаш на два избора победи партијата ВМРО-ДПМНЕ. Ако ова  е точно, јас не верувам дека е точно, како тоа вие ги обавувавте овие функции на претходниот систем, како тоа членот на предлагачите за кои добија пари од овој законодавен дом по втор пат е носител на истакната државна институција која исто така има чувствителна природа, тоа е Државниот архив. Како третиот учесник во пишувањето на овој текст, континуирано се наоѓа на високи функции во овој законодавен дом во делот на службената администрација, ако ова е точно еден од нив беше и амбасадор на Република Македонија, како ако ова е точно еден мој млад колега успеа да стекне и научни звања и титули и да биде афирмиран во демократијата во Република Македонија? Како господине Андов вие после сите овие години на учество во политиката можете да го тврдите ова притоа Европската унија да ни доделува статус кандидат за членство притоа да очекуваме покана за членство во НАТО во 2008 година, притоа да има демократски промени на парламентарните мнозинства и на владите, консеквентно на тоа како Република Македонија очекува да стане полноправна членка на Европската унија ако сето ова е точно.

Бидејќи ова не е точно ќе сметам дека ова е груба конструкција за политичка употреба која е најмалку потребна кога се разговара за ваков проект.

Токму за тоа, кога го говорам ова се обраќам спрема вас, бидејќи вие лично ја имате одговорноста за овој конкретен законски текст, јас веднаш на почетокот ќе кажам дека СДСМ го подржува Предлогот за донесување на закон за определување на дополнителен услов за вршење на јавна функција и има сериозни забелешки во ова што е напишано сега. Има сериозни забелешки во мотивите на оние кои ова го предлагаат. Има сериозни забелешки што не наведувате зошто господине Андов овој законски текст не го направивме во 1991 година кога тоа го правеа повеќето држави кои излегоа од поранешниот систем и отворија нови демократски општества. Зошто? Имаше некоја посебна причина?

Зошто господине Андов кога во 2000-та година на 5 јули е донесен Закон за постапување со досиеја

за лица водени од Службата за државна безбедност, значи донесен Законот од тој парламентарен состав каде повторно на чело на Владата беше ВМРО-ДПМНЕ во тоа време Љубчо Георгиевски, а министер за финансии Никола Груевски. Вие подоцна дојдовте за претседател на Собранието. Не е постапено по она кое е напишано овде. Зошто не сте формирале комисија на ниво на Собрание, зошто не е формирана комисија на ниво на Влада која е предвидена, која требала да ги проучи научно-историските и културни импликации за досиејата во Архивот, а потоа оваа комисија во Собранието тоа да го верификува. Еве сме имале шанса, изгласан е ваков законски текст, но не е постапено. Каде е тука вашата одговорност, бидејќи вие по заминувањето на Саво Климовски дојдовте на ова столче позади мене.

Ова го говорам, бидејќи кога се зборува за вакви работи и кога се носат одлуки, мора да го прават луѓе со чист морален кредибилитет, а не оние кои имаат можеби некоја дамка или сомнеж за минатото и се обидуваат истата на многу перфиден и суптилен начин да ја исчистат. Затоа тоа сомневање го изразувам. Исто како што се отворени дилемите и сомнежите како е можно еден носител на дипломатска функција на поранешната Југословенска федерација во еден многу актуелен регион во моментот Ирак т.е. вие, да нема никакви внатрешни пориви да докаже, барем лично да каже, како што јас тоа ќе го направам, јас господин Стојан Андов не сум учествувал и не сум соработувал со ниту една тајна домашна или странска служба. Очекувам сите овие кои го предлагале законот однапред ни го кажеа за да имаме морален кредибилитет денеска тоа да го разговараме, а е предложено од нив. Бидејќи јас денеска, бидејќи предвидувате во овој законски текст изјавувам дека Игор Ивановски не соработувал со ниту едни домашни или странски служби и таа изјава, ако сакате, ќе ја потпишам и сега ама за да бидете вие кредибилен требаше да го направите јавно на самиот почеток. Не е доцна, веројатно тоа ќе го нарпавите под морална и кривична одговорност.

Ова го говорам, бидејќи постојат тенденции за исклучително битен и значаен проект за кој ја пропуштивме шансата да го направиме на самиот почеток кога му беше времето, се злоупотребува и користи во политички етикетирања, во политички дисквалификации, она кое популарно и јавно се нарекува “политички лов на вештерки”. Како ќе го објасниме ако не ги поставиме вистинските работи на самиот почеток дека не е идеата на предлагачите дека ваквите механизми ќе се користат во политичката борба. Да, факт е, 88 пратеници се потпишаа, ама подржувајќи ја идеата која не значи дека се подржуваат и овие конкретни решенија. Јас сум првиот што не ги подржувам. Но, апсолутно сметам дека Република Македонија треба да донесе ваков законски текст ама многу прецизен, многу јасен кој нема да отвори дилеми, кој нема да стави инструменти и оружје во рацете на некој кој можеби и самите треба да бидат предмет на таканаречената лустрација. Е, тоа во овој момент не го добиваме како конкретен факт.

Токму затоа образложението е бизарно, контрадикторно, апсурдно. Тука нема ниту едно релевантно објаснување каде се вели дека ова се прави за заштита на човековите права и слободи, барање на конечната вистина и преземањето на одговорност. Не. Само политички голи флоскули и тоа човекот кој е директно соучесник на истите, ако верувате дека е точно. Јас не верувам. Разубедете ме.

Се отворија сериозни дилеми и добро е што тие дилеми се отворија од колегата Павле Трајанов, кој бил не учесник, тој бил дел од тој систем и добро е што тие дилеми ги спомнува тој, веројатно е свесен за одговорноста на искажаните аргументи и факти. Бидејќи ако некој бил дел од официјалните институции кои работеле за внатрешниот безбедносен поредок како ќе ја правиме дистинкцијата кој “кодошел”, кој ја давал нарачката и кој ги обработува податоците. Кај кого е одговорноста поголема, кај кого е одговорноста помала. Дали еден амбасадор на поранешната Југословенска федерација не обработувал податоци и не доставал податоци до трети лица. Кажете дали тоа е точно или не, за да знаеме на што сме во моментот и да знаеме каде сакаме да стигнеме.

Бидејќи само ги отвораме работите тие лебдат во воздухот, говориме за свесна или несвесна соработка за идеолошка или лична соработка, за убеденост во соработката или не. Епа, извинете, не знам дали е демантирано или не, јас не верувам и не можам да се согласам еден, ако не и претседател на комисијата за лустрација биде Зоран Тодоровски. Од две причини.

Првата работа е не се согласувам тоа да го прави комисија и втора работа не знам дали ќе ги земаме како интерпретација фактите искажани во еден политички магазин или ќе ги земаме изјавите на инволвираните личности во тоа, сеедно, дилемата постои и дилемата артикулирана во јавноста дали мотивот на Зоран Тодоровски со учество во овој проект и евентуално по желба на премиерот Груевски да биде поставен како претседател на евентуалната комисија не е за да си го заштити сопственото минато. На таа дилема треба да одговори тој, а не јас, но легитимно е да ја отворам сега овде, а не кога ќе биде доцна.

Зошто требаше тој луксуз на незавршена работа, на толку многу дилеми, ние однапред промовираме, замислете, претседател на комисијата, а не сме ја утврдиле комисијата дали треба да остане или не. Ние веќе го промовиравме од највисоко ниво претседателот на комисијата. Тоа е погрешен потег кој говори за вистинскиот мотив.

Дополнително, кој е тој предлагач на комисија од 5 или 6 луѓе кој ќе има мандат да верификува

факти надвор од судскиот поредок. Земете ги компаративните примери,нема идеален процес на лустрација во ниту една држава. Најблиску до доброто се оние држави каде тоа се правело низ легитимна судска постапка. Во судот е местото, согласно уставниот поредок на Република Македонија за докажување или отфрлање на некаква вина. Кој ќе ја преземе вината до колку вие намерно или не намерно згрешите, ако тоа е случајно и залепите етикета на некој. Вие? Не. Отидена е работата. Тоа веќе не се предвидува, нема контролен механизам, се предвидува дека тоа ни е многу симптоматично дека својството на член на комисијата не престанува со исполнување на старосна пензија. Не мислите ваљда на вас.

Ако се имале во предвид компаративните искуства сите барања се лустрацијата да биде или потврдена или корегирана, но дефинитивно мониторирана од Уставниот суд како заштитник на уставноста и функционирањето на правнио тпоредок во Република Македонија како дел на судскиот, но и уставниот поредок во нашата држава.

Ме зачудува фактот зошто многу срамежливо, до сега имав прилика тоа да го слушнам прв пат од колегата Китановски, не е ставена една маса на луѓе кои дефинитивно соработувале со странските обавештајни служби. Јас сметам дека во овој Предлог треба дефинитивно да се прошири на оној слој на соработници или онаа структура на соработници кои работеле и соработувале, ама ако претходно дефинираме на кој начин, што го нема во овој момент и со странските безбедносни обавештајни или како ги нарекувате служби, но не само со КОС или да почнеме од КОС, но да завршиме со бугарската обавештајна служба, грчката, албанската, да имаме комплетна ситуација, бидејќи македонската историја е многу тешка и болна, таа историја е повеќе на поделби отколку на интеграции. Ако сакаме да дојдеме до вистината која знаеме дека не е апсолутна, треба да ја објективизираме колку што е можно повеќе, ако имаме желба. Јас овде таа желба не ја гледам, разубедете ме. Говорам за текстот, а не за Предлогот.

Оттаму, не може да се исклучуваат оние кои навидум на еден или на друг начин соработувале со домашните безбедносни служби, а никаде да ги нема оние кои соработувале сега во овој момент, вклучително и онаа на северниот сосед странска обавештајна служба. Не. Сите да се земат во предвид. Се плашам дека во таква ситуација дел на именувани луѓе во последниот период од страна на Владата ќе се најдат прозвани. Оние кои еднаш го напуштаат ВМРО-ДПМНЕ, па се враќаат, но мислат на поголема врата.

Јас не сакам да го претвориме овој проект во политичка битка во која ќе се докаже кој бил поголем кодош, бидејќи таква тенденција постои сега. На кого тоа му одговара во овој момент?

Главната цел на овој закон е да се скенираат сите оние луѓе кои сакаат да имаат или да учествуваат на избори да бидат поставени на јавни функции, да бидат носители на истите. Тоа е идеата, да ја зацврстиме демократијата, а не да ја инсталираме од почеток, бидејќи по оваа ваша логика или ова образложение оваа институција е недемократска. Така пишува овде. Владата е недемократска, судовите се недемократски небаре оваа држава е како од некој крими стрип што ги читаат помладите. Тајна, замислете.

Затоа искуството од 2000- та година кога се донел еден Закон и ништо не се направило понатаму, треба да го имаме во предвид. Одговорноста за тие што ништо не направиле во тој период треба да ја имаме во предвид. Моралниот кредибилитет на голем број на луѓе кои учествуваат во овој процес, треба да го имаме во предвид, бидејќи на крајот дали судот, дали комисијата, Собранието, Владата, било кој, се луѓе и тие се субјективни, а овој закон и овој процес може да биде успешен само ако биде што е можно пообејктивен, што е можно почесен и што е можно поефикасен, бидејќи во спротивно ќе стане забава, како што има тенденции да стане во овој момент и на утврдување на еден збор кој мислам дека не треба воопшто да се споменува во овој парламентарен дом, веројатно има и други термини во македонскиот јазик, но ако некој смета дека лепи зборот “кодош” и дека е тоа нешто интересно за да се дефокусира јавноста од сето она за кое треба да се прави, во ред, јавноста на крајот ќе суди.

Вие најдобро знаете кои луѓе што правеле во минатото и верувам дека можеби вашите насоки и сведочења, бидејќи сте биле дел, сведок или учесник на тој систем, ќе бидат многу драгоцени. Треба да бидат драгоцени и за да се види, оние партии кои наводно сметаат дека во изминатото биле репресирани, да ги побараат архивите на партијата и да проверат кој луѓе учествувале во нејзиното основање, па малку да се распрашаат кој и што.

Ве молам, да не продолжиме со кажување кој е поголем патриот кој на кого му ја палел куќата во изминатиот период, бидејќи тие податоци треба да се остават таму каде што. Ако е можно низ судска постапка да се утврди одговороста, ако не е можно да не ги употребувате во политичка цел и она што претходно го нареков, во обид на масакрирање на личности, за политички линч и дефинитивно дефокусирање на македонската јавност.

Одговорноста на овој парламентарен состав, кога станува збор за овој законски проект, е голема. Одговорноста на предлагачите е поголема повеќе заради тоа што тие лично го претставуваат, но и заради еден друг момент затоа што за ова ги трошите парите на граѓаните. Прашањето е дали ќе ги оправдате и дали со истите нема да дозволите во желбата наводна за заштита на

човековите права и слободи, да ги прекршите другите.

Ме интересира кој е моделот, кој е маханизмот, бидејќи ако јас добро го читам образложението имам чувство дека сеуште на власт е тајната мрежа на соработници на тајната политичка полиција иако веќе од 5 јули вие сте на власт, па ме интересира, бидејќи ќе заврши до денот што овој закон во некои одредби предвидува да трае до денот на усвојувањето, како временски период, што правиме за понатаму. Сметате дека до моментот кога ќе се донесе овој закон ќе престане да постои тајната мрежа на соработници на тајната политичка полиција, дека од утре дента Република Македонија, наспроти недемократски, ќе има демократски поредок, наспроти криминална приватизација ќе има успешна приватизација, осиромашување на населението и веднаш утре дената населението ќе стане исклучително богато, што јас лично го посакувам, но не го гледам решението во ова.

Ако веќе разговараме, колку сте вие подготвени да го контролирате функционирањето на постоечките безбедносни структури на Република Македонија, оние за кои претпоставувам може најмногу да говори господинот Трајанов, јас лично немам никакви информации и не би сакал.

Она што го спомнав апропо странските обавештајни служби, ме интресира, ако зборуваме за соработници на домашните обавештајни служби, каде тука ја гледате Агенцијата за разузнавање која има обврска да ги следи активностите надвор од границите на Република Македонија, барем согласно постоечките правилници или поделбата итн. Ако ги поставуваме сите, јас се согласувам да имаме тајни служби, не да ги криете некои, веројатно со некои мотиви. Јас немам скриени мотиви, веднаш тоа го кажав на почетокот. Се надевам дека вашите скриени мотиви за кои јас го изразив моето основање сомневање, ќе ги демантирате многу јасно и гласно. Инаку во спротивно, со добрата желба да ја зацврстиме демократијата, ќе направиме многу поголема беља и штета и таква ситуација не треба да дозволиме.

Да повторам, СДСМ ќе го поддржи предлогот за донесување на закон за определување дополнителен услов за вршење јавна функција и очекувам на многу посериозен, многу почесен, многу пообјективен начин во следниот период да дојдеме до вистински издржан законски текст што навистина ќе се дојде до конечно решение и конечно ќе се расчистат оние дилеми.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ивановски.

Пред да поминеме на репликите, сега му давам збор на господинот Андов, како предлагач.

**Стојан Андов:** Со внимание го ислушав излагањето на господинот Ивановски.

Прво тој побара од мене да дадам изјава. Јас морам да кажам дека таа изјава сум ја давал многу пати во јавноста и сега ќе ја дадам. Никогаш не сум соработувал, ниту со домашна ниту со странска тајна служба и подготвен сум да потпишам се што треба да се потпише. Подготвен сум да се разгледа и да се проанализира целокупната моја активност во политиката и до 1990 година и после тоа. Сигурен сум дека имам моралем кредибилитет да го поднесам овој закон затоа што ако сериозно тоа се разгледа, сигурен сум дека ќе се констатира дека можело да не се наштети на никого, а да се работи за народот и за земјата и да се биде корисен. Тоа сосема слободно нека се утврди и може да се утврди. За се постојат документи. И во партијата постојат документи. Нека ги видат расправите во 1972 година во Градскиот комитет, во 1973 година во Централниот комитет. Се согласувам се тоа нека се испита. Но сега тоа да го оставиме. Сега тоа не треба да биде предмет на расправа. Треба да расправаме за други работи.

Второ прашање на кое треба да одговорам е зошто во 1991 година не се донесе ваков закон. Зошто јас не сум предложил ваков закон. Зошто не се донесе неможам да кажам, но зошто јас не сум предложил, можам да кажам.

Не предложив ваков закон во 1991 година поради многу настани. Меѓу другото овде во ова Собрание, на првата седница не можевме да се договориме која химна ќе ја пееме, кое знаме ќе ни биде овде.

Во расправата да донесеме декларација за сувереноста на Република Македонија, што јас огранизирав да се направи сето тоа, имавме судни маки да обезбедиме едногласност и ја донесовме со акламација. Потоа почнаа борбите низ Југославија, потоа почна борбата за признавање на Македонија, почнаа и други работи и кога почна разврската во Босна однесовме ние Предлог декларација за извинување на жртвите од поранешниот режим.

Нека секој од вас ги види весниците од тогаш и нека се увери кој го спречи донесувањето на таа декларација и со кои аргументи.

Таа Декларација што во ист текст тогаш ја поднесовме, а беше одбиено да се уврсти во дневниот ред, ја донесовме минатата година на 7 април, 11 години подоцна.

Основата на овој закон за лустрација што го предлагам е донесувањето на таа декларација. Тоа е втората работа зошто порано не сум го предложил законот.

Трета работа е што се намерава со овој закон.

Со овој закон не се намерава тоа што го зборува господинот Ивановски. Со овој закон не се утврдува ничија вина, не се утврдува ничие кривично дело. Со овој закон се утврдува само додатен услов за вршење на одредени функции во државата. Според тоа, судот не може да одлучува ако нема дело, ако не е делото покренато. Ако е кривично дело ќе одлучува судот. Ако се направи кривично дело во

верификацијата на фактите и работата на Комисијата, се разбира ќе одлучува судот. Суд не одлучува по услов за вработување. Само ако е прекршен условот, или добивање функција. Значи ако е прекршен условот тогаш одлучува судот. Тие се работите што сакам да ги кажам овде. Според тоа, законот не утврдува вина, не утврдува кривична одговорност на никого, утврдува само додатен услопв. Разликите што ги забележавме сега во излагањето на господинот Ивановски, околу оценката на овие настани од 1991 година наваму, јас уште еднаш со полна морална одговорност и гордост за мојата работа во овој период, кажувам дека стојам зад тоа што сум го напишал и подготвен сум да поднесам одговорност ако господинот Игор Ивановски докаже дека јас носам одговорност, за било што од тоа што тој го зборува овде.

Ако ние се оградиме од овој застој што и е наметнат на Македонија, ако го отфрлиме како нетожчен, оваа толку годишна стагнација, криминализација во стопанството, корупција итн, ако се оградиме од тоа, тогаш треба нам марсовци да ни се виновни. А кој е виновен потоа, тоа е веќе кривично дело. За тоа треба да седнеме и да видиме кој не дозволи да се формира анкетна комисија за испитување на атентатот, кој ги замрзна службите да не си ја вршат работата, зошто не се отвори истрага за атентатот во 1993 година. Има маса прашања за кои ако почнеме овде да расправаме, ќе одлета вкупната наша работа и ќе се покаже дека некој со финта сака да ја изврти работата и законот да не се донесе. Тоа јас сакам да го избегнеме и за тие работи да не разговараме сега. За секого може индивидуално да се докаже, со однапред појавените сомневања, пред да се воспостави постапка во која ќе се докаже кој е виновен за ова, она или направил ваква или таква работа. Ваквите искажувања за искажување на сомневања, јас ни еден не посочив овде, ниту во оваа дискусија, ниту во настапите по повод законот. Тоа не е ништо друго туку да се сврти работата на лични напади, лично да се браниме овде, па ние да бидеме проблемот, а не да биде проблемот донесување на закон што не се донесе еве 15-16 години. На тие работи сакам да обрнеме внимание и останете си на тоа што фактички го потпишавте. На СДСМ, по нивно барање им беше предаден целиот текст. Се им беше познато и го потпишаа.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Андов.

Три минути реплика за господинот Иван Ивановски.

**Иван Ивановски:** Господине Андов јас за тоа и говорам, да се отстранат сомневањата.

Вие овде во член 20 кажувате-податоци до Комисијата можат да достават и трети лица.

Што ќе се случи ако трети лица спомнат дека Стојан Андов е соработник. Немојте сега, има една друга тенденција, да ги релативизирате фактите и тежината на овој проект. Јас само реков дека со овој закон се бара само додатен услов. Не утврдуваме вина.

Господине Андов, ако вие утврдите факт дека некој му направил штета на трето лице, со својата соработка, со тајните служби, зарем тука нема вина. Апсолутно има вина и за таа вина треба да има и одговорност, треба да има име и презиме и тоа треба да се утврди на суд, а не да утврди комисија составена од пет члена, во која можеби ќе бидат Зоран Тодоровски и Стојан Андов. Тука е волонтаризмот. Тука е можноста за злоупотреба. Јас за тоа говорев.

И на крај, господине Стојан Андов, не ми дадовте одговор на едно крупно прашање. Имате образложение од две страници во кое кажувате и повторно велите, стагнација, криминал во стопанството итн. Господине Андов, пред месец дена, можеби и помалку, дали оваа Влада не започна кампања која се вика-Македонија нов бизнис, рај во Европа. Па за кој бизнис говориме, ако се тоа што вие го говорите е точно. Кој овде не ја кажува вистината? За каков бизнис рај говориме господине Андов, ако вие внатре во Владата говорите дека оваа држава е тајна, полициска, нема демократија, обавувате функции при тоа, а некој друг вели допрва ќе го направите. Сакам да кажам, ако не ги објективизираме работите, ќе стане реализирање на желбата или на Андов, или на Игор, или на некој трет. Во политиката за вакви сериозни прашања нема компромиси. Ве молам не не убедувајте за нешто за што однапред рековме дека се согласуваме. Јас ви го реков тоа, ама дајте податоци, дајте факти, дајте механизми, дајте процедури, како предлагачи, каде тоа ќе биде објективно, кредибилно, веродостојно и после откако ќе се заврши ќе речеме, Македонија со ова е еден чекор повеќе во демократијата, а не е два чекори назад во минатото. За тоа говорам. Утврдете си ги фактите, утврдете си ги аргументациите, или сме полициска држава, или сме бизнис рај. Одлучете за што ќе говорите, бидејќи вака како се говори, тоа е само дефокусирање и ситна забава за јавноста во еден многу тежок период.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Ве молам, текстот е пишан во септември. Општата оцена е таква како што стои и јас стојам зад неа.

Она што сега Владата го работи само е обид за пробив во еден сектор, во инструментите на поттикнување на странски инвестиции. Се тоа може да биде блокурано ако овој закон не се донесе вака како што е. Треба да го донесеме законот, а за објективизирање на критериумите ќе работиме и во втората фаза, не само сега.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Сега продолжуваме со репликите кон говорот на господинот Иван Ивановски.

Прв за реплика се јави пратеникот Александар Николовски. Повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам потпретседателе,

Јас би сакал да продискутираме некои работи, не директно да му реплицирам на колегата.

Господинот Ивановски отвори повеќе дилеми за кои сметам дека е корисно да поразговараме и сметам дека и двајцата имаме морално право да поразговараме за ова, јас сум дури уште и помлад од него, така што ако тој немал стаж во КПМ, јас немам ни можност да имам стаж таму, така што мислам дека можеме од една објективна перспектива да разговараме за некои работи. Се отворија некои прашања за кои сметам дека е корисно да дискутираме.

Прво, по однос на соработниците на странските тајни служби. Апсолутно се согласувам дека треба да станат дел од овој закон односно се согласувам дека и оние кои биле соработници треба да бидат опфатени со овој закон заради тоа што доколку не го направиме тоа ќе ни се случи да остане една паралелна мрежа која повторно би функционирала во системот.

Второто прашање е како Македонија е пред вратите на Европската Унија . Веројатно подобро прашање или подобар одговор е зошто Македонија не е во Европската Унија, во моментот, туку е пред вратите на Европската Унија. Еден од одговорите е заради тоа што периодот на транзиција трае предолго, а тој период трае предолго заради тоа што има луѓе кои се во поголема предност и од мене и од колегата, има луѓе кои, за разлика од мене и од него ги имаат сите информации и за мене и за него илуѓе кои и со мене и со него не почнуваат од исти стратни позиции во ова општество затоа што тие знаат повеќе одколку што треба да знаат и тие ги користат овие информации на начин на кој не треба да ги користат.

И Уште повеќе, она што финално би сакал да го кажам е дека во Македонија треба да престанат да се користат тајните служби за политичко пресметување. Јас тука можам да спомнам дека лично не сум бил соработник со службите, но не биле ни моите претци, соработници со службите, а за жал имаме многу луѓе кои не се соработници, но го влечат тоа од нивните семејства односно нивните родители, нивните татковци и дедовци го правеле тоа.

И уште повеќе, она што најмногу сакам да го потенцирам и што би сакал да не ни се случува во натамошниот период е она што ми се случувше и мене и на мои пријатели, а тоа е на денот на избори господине Ивановски, на 5 јули мои најблиски пријатели да бидат повикувани од инспектори вработени во Министерството за внатрешни работи, да им се сугерираат работи, да им се кажува дека не е многу паметно на денот на избори да ја подржат кандидатурата на ВМРО-ДПМНЕ и уште повеќе, она што ми се случуваше во 2002 година, кога случајно добивав закани по живот, кога случајно добивав СМС пораки само заради тоа што решив мирно да протестирам за работа за која не се согласувам. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика од една минута за пратеникот Игор Ивановски. Повелете.

**Игор Ивановски:** Се разликуваме само во една работа. Јас сум учествувал на повеќе избори од вас, па никој не ми се заканвал.

(Коментар на пратениците Силвана Бонева и Александар Николоски со зборовите: "Тоа е разликата").

Сакам да кажам немојте да ги злоупотребувате фактите и да се правите херои таму каде што не постои место. Ако сакате да ја расчистите работа до крај, јас можам да ви помогнам и ве упатувам да ја расчистите, бидејќи на овие клупи седи вашата министерка за внатрешни работи, кога во изминатите периоди имаше прилика да слушнеме дека одредени поединци ја злоупотребиле својата положба во полицијата таа имаше еден одговор - обратете се во службата за професионални стандарди и пратете пријава. Јас ќе ве упатам вас лично и вашите пријатели на вашата колешка од ВМРО-ДПМНЕ писмено со име и презиме, бидејќи во демократијата мора да има име и презиме. Нема општи работи, има конкретни работи, ќе ги пратите до Министерството за внатрешни работи, таму да се расчисти целата работа, јас ќе ве подржам во тоа и ќе ви помогнам. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Реплика од три минути има пратеникот Агим Рамадани, повелете.

**Агим Рамадани:** Ви благодарам.

Почитувани пратеници, почитуван господине Игор, мило ми е што се произнесовте дека ќе го подржите овој закон, но не е добро тоа што во вашето излагање видов опортунизам. Ова сигурно не ве засега вас, бидејќи вие сте релативно млад, сигурно дека во тие времиња кога се направени најтешките злосторства во Македонија и поранешна Југославија не сте биле ни родени, но немате право да ја споредувате 2000 година со 2006 година и 2007 година кога почна да се подготвува и треба да се донесе овој закон, затоа што во 2000 година односно токму во 2001 година од необјаснати сили, некого до срж го здоболе и ја наруши Владата во војната од 2001 година. Времето ќе каже кој беше тоа и што стана во тоа време.

Второ, немате право да велите дека нема да се истражуваат случаите на странските служби. Иако тоа не во законот, со соработниците што шпионирале автоматски ќе излезат и меѓународните шпиони на пример од КГБ, КОС, Бугарија, Тајната албанска служба, односно сите ќе се докажат бидејќи кодошот е кодош, има една крв, таа е плава крв, не е црвена. Сите кодоши се исти, било да се Албанци, Македонци, Турци,

Грци, Бугари, Срби. Значи сите се исти, но немате право да ја доцните работата со донесувањето на овој закон, бидејќи цели семејства се уништени господине Игор. Има луѓе кои не го знаат гробот на член на нивното семејство, има необјаснети работи. Коските на Албанците страдаат од шпионите од 1945 до 1948 година и нивните посмртни останки останале во домовите во Групчин, во монополите во Тетово. Ова треба да го кажеме пред новите генерации, но исто така и вам ви припаѓа задача да ја објасните оваа дилема, бидејќи кривичното дело убиство индивидуално или колективно е кривично дело и никогаш не застарува. Поради тоа во секое време се бара одговорност. Затоа, мило ми е што ти и припаѓаш на оваа партија, млад си по возраст и имате нова сила во вашата партија да се вклучите во демократските вредности кои ги имаме сега. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам и јас.

Контра реплика од една минута има пратеникот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Моја лична сугестија не до вас, туку до раководството на коалиционите партнери во Владата е да се соугласуваат кога разговараме. Мене ми е многу криво што Република Македонија не само што задоцни на почетокот, туку и кога имаше конкретна шанса во 2000-та година да го спроведе донесениот закон тоа не го направи. Веројатно ќе го прашате вашиот претседател или заменик претседател на ДПА зошто тоа се случило, можеби имале друга активност во тоа време во безбедносниот систем, па имале потреба или немале време. На крајот на краиштата, СДСМ не го кочи донесувањето на овој закон и ние го подржуваме донесувањето на овој Предлог, но при тоа сите треба да имаат одговорност на кој начин, со кои процедури и што ќе значи тоа за Република Македонија. Погледнете ги пријавените дискутанти, ќе видите колку од нив или најмалку се од СДСМ.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Реплика од три минути за пратеникот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам потпретседателе.

Јас се надевам дека подршката која што ја даваат во било каква форма пратениците на СДСМ во првата фаза ќе биде пак и во втората фаза. Се надевам дека ваквиот законски проект ќе добие подршка и во втората фаза, кога ќе биде многу посуштинска подршката од страна на СДСМ. Јас едноставно се сомневам и се плашам, после овие два дена дискусија, дека пратениците од СДСМ сакаат да ги извртат лончињата, па жртвите да ги направат виновници, а виновниците да ги направат жртви. Имаме две работи. Првата е фактичка, втората е формално правна. Фактичката состојба говори за масовни убиства, прогони, интернации, масовни национализации на имоти, масовни затворања, забрана за практикување на религијата итн. Тоа е фактичката состојба. Формално правната состојба е Декларација за основните права на човекот од АСНОМ, 2 август 1944 година, која практикува и кажува каква држава треба да биде Република Македонија. Основата е во тоа. За жал, 1946 година се случува тивок пуч, се воспоставува куминистички систем кој не бил по волја на граѓаните на оваа држава и тоа мора јасно и гласно да се признае. Во модерната македонска историја имаме донесено Декларација за извинување на жртвите на комунизмот пред една година, имаме донесено Закон за денационализација, кој исто така исправува неправди од минатото. Имаме донесено Закон за рехабилитација на жртвите кој за жал, со укинувањето на еден или два члена од страна на Уставниот суд не можеше да ја има својата целосна примена. Тој Закон е донесен во 2002 година. На крајот на краиштата, и Советот на Европа донесе две резолуции, една малку поодамна, 1096 и една сега пред две години - 1481, со која од државите наследници на комунистичкиот режим се бара расчистување на тоа минато, се бара детерминирање и детектирање на сите последици кои настанале од тој систем. Мора кака држава да признаеме дека тој систем е воспоставен без волјата на Македонскиот народи и сите граѓани на Македонија, а прашањето е зошто господинот Игор Ивановски во Советот на Европс не гласаше за ваква декларација. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика од една минута за пратеникот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Многу млад колега, а многу лошо интерпретирање на историски факти. Чудно!

Во Советот на Европа кога јас и мојот колега бевме присутни и разговаравме за овие работи, вашиот член од ВМРО-ДПМНЕ воопшто не беше присутен и како вашата партија требаше да го направи тоа или не, прашајте го на друго место. Јас ги почитувам одлуките и правилата на мојата гупа во Советот на Европа, каде што бев потпретседател и јас се воздржав од гласање. Но тоа е чисто само за ваша информација.

Колега Димовски, срамота е да говорите дека она што е направено 1945 година не е со волја на граѓаните на Република Македонија. Тогаш ве молам како партија да престанете да го одбележувате Илинден и како празник од 1903 и како празник од 1945 година, затоа што ова е некоректно да го кажувате сега. И на крајот, прашајте пред да разговарате за овие работи и погледнете ги изјавите меѓу претседателите на две од коалиционите партии за кои се однесуваат и една реченица на инволвирањето во одредени тајни полициски служби, а кои имавме шанса да ги слушнеме на претседателските избори во 1995 година. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Ивановски, имавте доволно време да се изјасните.

Сега му давам збор на пратеникот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван предлагач на овој текст на законот,

Еве неколку дена расправаме на оваа тема која е актуелна во Република Македонија години наназад, впрочем, од самото осамостојување и од воспоставувањето на плурализмот во Република Македонија. Меѓутоа, оваа година, овие неколку месеци добива на интензитет и впрочем сите обиди кои беа правени, беа од овој период од независноста на државата повеќе или помалку кои не беа со резултат на успех во однос на донесеувањето. Секако дека овој парламентарен состав и ние како пратеници ова го превземавме како еден предизвик пред нас за да се донесе закон кој во многу земји од поранешниот источен блок е донесен уште во 90-те години, меѓутоа, и да преземеме една голема одговорност во однос на однесувањето на едно квалитетно законско решение, како и во квалитетно спроведување на овој закон, кој што ќе има за цел да ги согледа сите негативности кои биле во сите посткомунистички земји до сега. Пред се, тоа нема да биде закон кој ќе произведува некакви нус појави или одредени состојби кои биле предизвикувани во другите држави каде биле донесени вакви закони. Пред се очекувам и во оваа расправа, која ја водиме неколку денови со оглед на интересот што постои кај колегите претеници, интересот кој што го предизвикаа во јавноста воопшто, во дебатата која се води и во јавната расправа, да ги согледаме сите решенија, да ги согледаме забелешките искажани од стручната и научната јавност и на крајот сите заедно, онака како што сите заедно се сплотивме околу идејата за донесување на еден ваков закон цврсто како за ниеден друг законски проект до сега, каде што дветретини од парламентарниот состав го потпиша овој Предлог на закон со што јасно ја искажаа сопствената политичка волја дека има потреба од донесување од еден ваков закон, се со цел одредени рецидиви од минатото да бидат ставени на она место на кое заслужуваат да бидат. Очекувам дека на крајот ќе донесеме закон кој ќе биде квалитетен закон, кој ќе има ефикасни механизми во спроведувањето на целиот овој процес кој пред се настојуваме сите ние да биде справедлив и праведен.

Многу од посткомунистичките земји уште во раните 90-ти години на минатиот век започнаа со донесувањето на вакви закони за лустрација се со цел побрзо да влезат во демократските текови на сопственото политичко живеење и општествено воопшто и на некој начин да бидат разоткриени негативните појави кои се случуваат во туталитарните режими во тој период и одредени водачи или одредени лица кои учествувале во таквите процеси, пред се во смисла на злоупотреба на одредени права кои се гарантирани на човекот и граѓанинот воопшто. Меѓутоа, праксата покажува дека во тој период се тргна од претпоставките за едно антикомунистичко расположение или законско решение со кое ќе се расчисти токму со овој режим, а не со негативните појави кои беа во неа и дека овој закон послужи како основа за политичка деградација и дискредитација на одредени личности во конкретните земји каде беше спроведуван овој процес на лустрација. Пред се мислам дека немаше волја во Република Македонија тоа да се направи од разни причини, кои можеме и денес и во текот на оваа дебата да ги поставуваме како причини, можеме да дадеме и соодветни одговори, меѓутоа, факт е дека тоа не беше направено. Мислам дека токму тие работи кои беа направени со спроведувањето на ваквите законски решенија и сите негативности кои беа предвидени во нив ќе бидат како основа за подготвување на овој текст на законот. Реков дека во различни земји, гледајќи ги споредбено законските решенија кои биле донесувани во овој период, различно биле спроведувани, користени за различни цели и при тоа скоро во сите случаи не целосно, реализирајќи ја целта за која биле донесени или декларативно се залагале раководствата на овие држави итн, впрочем, и господинот Вацлав Хавел во една своја изјава кажува дека полошо од комунизмот е антикомунизмот и тргнувајќи од таквите претпоставки дека треба да расчистиме со претходниот режим, а не со лошите појави кои се случуваа или за лошото работење на одредени функционери и носители на јавни функции во тој период, кои ги загрозуваат човековите права и слободи пред се заради политичка дискредитација или невклучување, оневозможување да се вклучат во политичкиот живот на одредени луѓе, беше основата која направи многу лоши работи во процесот на лустрација, кој беше спроведуван токму после донесување на вакви закони.

Често пати и во Словачка каде лустрацијата е спроведена линеарно и во другите држави, иако се обелоденети одредени настани кои се случувале и луѓе кои биле употребувани или злоупотребувани во процесот на правење на такви криминални дејанија, сепак имало и лица кои под присила давале одредени информации, под присила потпишувале и изјави дека соработувале со домашни или странски разузнавачки служи, итн. Меѓутоа, таквите појави на луѓе не беа заштитени соодветно или еноставно немаше механизми во таквите законски решенија да добијат луѓето соодветна заштита. Едноставно се тргна во тој процес сосема неподготвено, пред се можеби и охрабре ни од резолуцијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа, каде се укажува или препорачува да бидат донесени закони за лустрација, во тој перод како чекор напред кон демократизација на таквите општества, што

впрочем беше и заложба на сите земји од поранешниот систем.

Знаеме дека и во нашето соседство, во Хрватска воопшто ваков закон за лустрација не беше донесен, пред се заради силното влијание на ХДЗ и Туѓман кои биле дел од тој поранешен систем и поранешната партија која раководеше во Хрватска и СФРЈ и токму во тој период со формирањето на Судскиот совет и отворање одредени досиеа, околу 2000 лица останаа без работа, и адвокати, а околу 600 новинари исто така не можеа да си ја обавуваат својата дејност.

Во Србија овој процес не заживеа, заради тоа што не беше искажана полилтичка волја, односно беше декларација на одредени политички партии кои што во даден момент донесле законско решение и кои немаа политичка волја ова да го спроведат до крај, тој процес воопшто не е започнат, иако по барање на сегашниот премиер господинот Коштуница беше формирана една комисија, која што ништо не одработи во овој дел и не може да се пофалат со одредени резултати. Додека пак, во Албанија има мислење дали има одредени ефекти. Инаку, ефектите се сведувале на политички дискредирации на политичките противници кои биле користени не за демократизација на општеството, туку за градење на некои сопствени политики, што впрочем не е далеку од она што сакаме да го сузбиеме или пак да го одземеме како негативна пракса во последното делување во поранешните системи, туку наспроти тоа се преминува една тенка линија на разграничување и повторно се враќаме кон дискредитација, уцени и т.н. во политичкиот процес. Токму заради тоа, мислам дека имајќи ги предвид сите овие заложби односно согледувања кои ги направиле државите во нашето опкружување и воопшто во Европа, како и на кој начин го спровеле овој процес. Сите забелешки кои ќе ги искажеме и во текот на расправата, посебно во текот на јавната расправа од сите компетентни лица, ќе вградиме одредени одредби кои ќе бидат механизам на заштита, норми со кои што ќе гарантираме дека овој процес, за кој што сите се сложивме дека е процес кој конечно после 17 години ќе може да се одвива во Република Македонија или за некои бил пречка во демократизацијата на општеството, ќе овозможиме да биде закон кој што ќе си ја реализира целта за која што е донесена, а не закон според чии норми ќе се врши постојана злоупотреба или дискредитација на одредени поединци, а со самото тоа повторно рушење на човековите права во Република Македонија. Мислам дека, дури и сега одредени институции, пред се, Хелсиншкиот комитет, во Република Македонија кои ги разгледа одредбите од овој закон, кој што е понуден пред Собранието, даде едно сопствено видување, за што и предлагачот и ние пратениците ќе мора да ги разгледаме сериозно и да промениме нешто во однос на забелешките кои што се давани.

Сакам да цитирам само еден дел од извештајот кој што го даваат членовите на Хелсиншкиот комитет, каде се вели: “Хелсиншкиот комитет смета дека предлогот за донесување на овој закон содржи такви недостатоци, заради кои законот не само што нема да го зголеми нивото на заштита на човековите права и слободи и владеењето на правото, туку ќе придонесе за владеење на принципот, за владеење на правото и правната сигурност и директно ќе придонесе за повреди на човековите права и слободи во големи размери”. Според Комитетот, недостатоците поврзани со содржината на самиот закон, со идеата врз која се базира законот и негативните искуства на државите каде се донесени ваквите закони и спротивно со базичните принципи на човековите права и слободи и повреда на човековите права и слободи. Токму заради овие забелешки, кои што ги искажува Хелсиншкиот комитет, веројатно ќе следат и забелешки на други институции и поединци по однос на овој текст. Треба да бидеме претпазливи, да имаме капацитет да сослушаме и да прифаќаме добри и квалитетни решенија, за да не дојдеме во судир токму со овие принципи кои што треба да бидат основа при спроведувањето на овој процес или имплементацијата на овие одредби. Очекувам дека сите како што застанавме зад идеата да го започнеме овој процес и да ја земеме одговорноста, дека пред се и парламентарното мнозинство и Владата ќе имаат чувство и за сопствената одговорност во овој период. Очекувам дека ова нема да биде закон со кој што ќе ги прифатиме негативните периоди на спроведувањето или негативните импликации од земјите кои завршиле со еден ваков процес, очекувам дека овој закон нема да придонесе да има политичка дискриминација и дискредитација без никаква основа на политичките противници. Очекувам дека ова ќе биде основата да функционираат институциите на системот.

На крајот, очекувам дека вистинските луѓе ќе ја спроведуваат ваквата имплементација на законот, заради тоа што и покрај добрата намера на предлагачот, и покрај добрата намера на парламентарното мнозинство или на парламентарниот состав во овој период, кој што, како што кажав на почетокот, одговори на предизвикот да се зафати со една ваква работа, меѓутоа зема и голема одговорност. Мислам дека несериозно е во текот на расправата, дури во првата фаза се излегува од страна на претседателот на Владата господинот Груевски со конкретни имиња или состав на една комисија која што би ја спроведувала лустрацијата. Тоа упатува на нешто друго, тоа упатува можеби намерата или желбата да бидат спроведувани негативните примери кои што ги напомнав во другите држави, кои што се спроведувани во тој период. Укажува на фактот дека некој ќе сака да го искористи овој закон во политички цели. Лично јас и колегите од СДСМ кои што безрезервно

дадовме поддршка на оваа иницијатива и кои што активно учествуваме во втората фаза на подобрувањето на текстот, заради негова поголема ефикасност, подобра примена, очекуваме со едно квалитетно решение без претходни предрасуди или без претходни ставања под контрола на одредени луѓе кои што би биле вклучени во Комисијата, која што има за задача да ги согледа фактите и аргументите и притоа да биде тоа основ за водење на одредена постапка, дека после донесување на овој закон, сите ние ќе најдеме доблест и храброст и крајот на овој процес да го доведеме во онаа позиција за која што сме се залагале и да кажеме дека научивме нешто од оние што згрешиле во овој процес, научивме дека оние кои навистина направиле престапи во делот на човековите права и слободи со нарушување во одредени периоди од постоењето на македонската држава, дека ќе знаеме да ги санкционираме, меѓутоа никако, никако нема да го користиме овој модел за било каква политичка дискредитација или уценување. Тоа е потребно на Република Македонија, заради тоа што постојано и во овие 15 години се провлекува одредена теза дека одредени служби користат за целите на поединци, за цели на одредени групи, па дури и на олигархци, мислам дека покренавме два значајни проекти и во делот на законот за спречувањето на судирот на интереси, па еве и овој закон што е за лустрација, преку овие процеси паралелно ќе создадат едни нови принципи во однос на делувањето, без разлика во кој период е на власт во Република Македонија. Очекувам дека конечно нашите дилеми, дали одредени роднини се поставуваат на значајни функции или можат да бидат злоупотребувани одредени институции, заради задоволување на сопствените лични интереси, што е случај и сега во Република Македонија, се поставуваат и тоа како значајни дилеми, па мислам дека конечно со ова ќе ставиме точка на сите овие дилеми и прашања кои ги поставуваме во овој период и наназад во овие 17 години, дека конечно ќе направиме еден квалитетен исчекор кон демократизацијата на македонското општество и воопшто на Република Македонија. Секако, Република Македонија ќе ја приближиме напред и конечно ќе ги професионализираме сите служби кои што се во функција на заштита на државата, меѓутоа никако не во функција на заштита на лични интереси, на поединци или работење на цела служба или на поединци во заштита на нивната положба и статус. Со тоа што ќе се професионализираат овие служби, а нема да бидат поставувани според тоа дали некој ми е братучед или близок роднина, за да можам да ги користам информациите на одредени служби, ќе покажеме една политичка зрелост и политичка волја дека навистина Република Македонија сакаме да чекори напред според демократските принципи и стандарди воспоставени во Европа и на тој начин да покажеме дека сме подготвени да бидеме дел од европското семејство. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Спасовски.

Има збор пратеникот Трајанов Павле. Повелете.

**Павле Трајанов:** Бидејќи се јавувам по втор пат за расправа по предлог законот за исполнување на дополнителен услов за вршење на јавна функција, само сакам да кажам накусо неколку работи.

Прво, мислам дека со воопштена расправа, без разлика од која страна доаѓаат таквите расправи, дека нема да придонесеме за подобрување на решенијата содржани во овој закон. Моја сугестија би била, сепак, бидејќи тука има доста искусни пратеници да предлагаат решенија кои што верувам дека предлагачот или работната група што ќе ја формираме, ќе ги вгради во законот кој што подоцна ќе го добиеме во втората фаза. Инаку, сигурен сум дека овој процес на демонтажа на соработничката мрежа ќе оди многу тешко и сигурно дека ќе има отпори и тоа силни отпори, но сигурно дека ќе настанат и штетни последици. На еден или на друг начин некои ќе бидат погодени, но исто така ќе има соодветен одраз и врз националната безбедност. Бидејќи, се разговара за една осетлива структура, јас сакам да ја насочам расправата и да посочам дека ние разговараме за соработниците, за информаторите и за оние кои што работеле на дискредитација, на дисквалификација од идеолошки причини. Овде не разговараме за соработничка мрежа која што работи во интерес на безбедноста, суверенитетот и територијалниот интегритет на државата. Бевме посочени повеќемина тука носители на јавни функции и т.н., а јас сум носител на јавна функција после плурализмот. Меѓутоа, во овој Парламент објективно има пратеници кои што биле на високи државни функции. Има поранешни претседатели на македонскиот Парламент, има поранешни претседатели на влада, има поранешни министри. Натаму, затоа јас инсистирам во овој закон да стојат односно да се предвиди одговорноста и за носители на високи државни функции, кои извршувале функции од 1944 година, до сега. Понатаму, во овој Парламент има и шефови на тајни служби, што биле порано, не само заради нив, воопшто инсистирам да бидат ставени и шефовите на тајните служби.

Сигурно, третата категорија тоа се соработниците кои што ги опфаќа овој закон. Мислам дека тука има расправа околу тоа помлади, постари, не се станува соработник ако имаш 70 години. Значи, проценка е кој во кое време може да биде ангажиран. Меѓутоа, секогаш имало три основи за воспоставување на траен однос или трајна соработка со тајните служби.

Првиот услов, кој најчесто бил користен или злоупотребуван во минатиот период, тоа е од

патриотски причини. Тоа е првиот начин на станување на соработник.

Вториот е од лични, материјални и други финансиски интереси или од интерес да се унапредува во политичката кариера, во бизнисот во новинарството и т.н. Значи имало лични мотиви да се стане соработник.

Третата категорија на соработници или третиот начин, услов да се воспостави соработка било преку компромитирачки материјали, што еве и вчера разговаравме дека често пати голем дел од соработниците воспоставиле ваква соработка под притисок, практично биле уценувани.

Затоа мислам дека околу сите овие работи јас инсистирав Владата и надлежните институции многу точно да прецизираат што значи соработник, како се воспоставува таа соработка и тоа во законот фали како сегмент или како елемент што е многу битен. Бидејќи, за таква трајна соработка мора да постои документ и мора писмена согласност, да се потпише тој што воспоставил таква соработка со тајните служби.

Инаку, сигурно дека тука и господинот Андов зборуваше за неговата активност политичка, државничка и т.н., јас само сакам неколку работи да посочам. Бидејќи, имаше коментари дека дали припадниците на Министерството за внатрешни работи на Агенцијата за разузнавање, на военото разузнавање, па припадниците на АРМ кои на еден или на друг начин се дел од тој систем на безбедност, дали тие треба да бидат опфатени сите овие структури со законот за лустрација. Јас лично сум горд што сум припадник на Министерството за внатрешни работи што сум извршувал одговорни функции, посебно од 1990 година наваму. Затоа што, сакам да ги потсетам и пратениците но и јавноста Министерството за внатрешни работи одигра најбитна, најважна улога во осамостојувањето на Република Македонија. Тогаш кога овде, во Владата, во Парламентот, кога државниот врв сакаше Македонија да биде во заедница со Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и т.н., Министерството за внатрешни работи целокупната активност ја насочи кон тоа , прво, на мирен начин да ја испратиме ЈНА. Но, исто така, се подготвувавме и за полоши варијанти. Потоа, Министерството за внатрешни работи е прва институциа што ги презема границите во тоа време. Беа направени најобемните, најтешките и најсложените операции. Министерството за внатрешни работи спречи 12.000 млади Македонци, Албанци, Турци, да бидат упатени на боиштата во Босна и Херцеговина и во Хрватска, затоа што спречивме насилна мобилизација од страна на тогашната ЈНА. Министерството за внатрешни работи изведе огромен број на операции за одземање на оружје од магацините на ЈНА. Преземавме и бројни други активности, сега да не го замарам Парламентот, поради тоа што постоеше висока патриотска свест кај огромниот број на припадници на Министерството за внатрешни работи. Замислете, ако Министерството за внатрешни работи беше под команда на сосема други сили и структури, кои што сакаа Македонија и натаму да биде во сојуз со Србија, тогаш овие процеси што се одвива, немаше така да се одвиваат.

На крајот на краиштата, сакам да посочам дека овој пат преку овој законски проект, не смееме да дозволиме оние што биле џелати во стариот систем, сега да се прикажуваат како жртви, всушност, повторно да бидат во истата улога и повторно да настрадаат оние што во изминатиот период настрадаа или биле жртви на системот. Кога во 1989 година започнаа процесите, демократските процеси во Министерството за внатрешни работи, во една најзатворена структура, ниту на едно друго место немаше такви процеси.

Тогаш и јас и сите останати што беа одстранети од МВР, бевме тогаш предмет на полициска обработка. Беа направени огромни досиеја за целокупната наша активност. Јас и втор пат сум бил предмет на полициска опсервација на Службата за државна безбедност. Тогаш во 1994 година, објавив дека во Република Македонија има почетни облици на организиран криминал. И тогаш бев сменет од позицијата и тогаш се започнаа активности да се следи мојата активност. Дури имаше план да се изведе операција за да се наместат прислушни уреди во станот каде што живеев. Така да, сигурно дека сите овие работи сега што ги зборуваме се многу битни, и овој законски проект, како што рековме доби најширока поддршка. Но, треба да се имаат предвид сериозните забелешки за да не се случи оние што објективно направиле огромни штети на огромен број на семејства, сега да се извлечат, а да настрадат некои да речеме сосема “ситни риби”. А проектот, доби широка поддршка, но проектот треба да биде доработен и да биде многу јасен. Се знае точно спрема кои се однесува и какви ќе бидат последиците на сите оние што на еден или на друг начин учествувале во дискредитацијата, или што учествувале во испраќањето на невини луѓе во затворите, како што рекоа некои во интернација итн. Благодарам.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Владанка Авировиќ, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам потпретседателе, еве сега во овие неколку дена расправа, наметнувајќи повеќе аспекти и дилеми кај нашите колеги, чувствував и јас потреба накратко да се јавам како потписник и еден од предлагачите на овој закон. Можам да го кажам накратко моето мислење во оваа фаза. Значи, законот за определување на дополнителен услов за вршење на јавна функција е мерка на едно конкретно законско дистанцирање, со цел да се заштити демократијата и оневозможи поставување на лица на клучни позиции и во власта, кои ќе работат само во интерес на

одредени центри на моќта, пред се, идеолошки мотивирани.

Има павеќе причини за донесување на овој закон, кои веќе беа изнесени од колегите пред мене и со нивните анализи тоа го укажамаа и не сакам да се повторувам во тој дел, тој дел ќе го прескокнам. Некои од колегите исто така изнесоа некои негативни аспекти и срав од злоупотреба на овој закон, што би значело на некој начин враќање во минатото и етиќетирање на некој кандидат за вршење на јавните функции, да не се доведеме во таква ситуација.

Сметам дека законот во членот 26, во Предлог законот е доволно јасен во однос на казнените одредби. Значи, било кој што ќе се обиде да направи зло за некој од кандидатите на јавни функции, ќе биде казнет и тие казни се многу ригорозни, бидејќи четири години затвор не е малку. Во тој поглед, ми се чини дека избегнувам некои такви девијантни појави, кои што некои од овие наши колеги ги изнесоа како стравување.

Исто така, сметам дека заштита на лицата кои што согласно предвидениот член 22 дале изјава и чија вистинитост не соодветствува со вистината, се повикани од Комисијата во рок од пет дена да се произнесат и тука очекувам во овие членови уште повеќе да се допрецизираат сите моменти кои што ќе укажат на кој начин ќе се заштитат лицата кои што се доведени во ваква ситуација, како не би настанало за било кој, макар и еден единствен случај да има, лажно да се етикетира или да се доведат во ситуација во судот да ја докажуваат својата невиност. Со тоа, значи со овие членови, почнувајќи од членовите 9, 10, 22, 26, и останатите, ми се чини дека во доволна мерка е стартна позиција земена, дека овој закон ќе се штити, пред се, заради објективно утврдување на вистината.

Второ, овој закон од кој мотив, беа кажани повеќе мотиви, еден од тие е да ги суспендираме лошите работи, повторно тие веќе да не се случат. Тоа е соработката со тајните служби и искористување на личен бенефит и нешто кое треба да го сведиме на минимум, бидејќи да се сведе на нула е нешто невозможно. Битно е да се разбере дека лично граѓаните на оваа земја, кои сакаат да се бават со јавни функции, однапред да знаат во оваа фаза дека не можат да соработуват со тајни служби заради свои лични интереси. Или пак, интересите на на некоја моќна групација која е на власт и тие меѓусебе да се штитат, а на штета на трети лица кои имаат идеолошка различност, или припаѓаат на одредена различна друга политичка групација, бидејќи тоа не е придонесување на слободата и различноста на човековите права за сите граѓани да биде принципот на еднаквост добро прецизиран. И ова добро го образложи колегата Павле Трајанов, и колегата Оливер Спасовски, а и другите ова го кажаа, затоа што ние треба да упатиме порака со овој закон. Никој во иднина да не трпи последици по своето различно политичко убедување, од својата идеологија, која што дефакто, беше присутна порано.

Меѓутоа, има уште една работа, а тоа е, овој закон не значи и не смее да значи дека некој има комунистичко политичко убедување дека со овој закон ќе биде политички деградиран и дисквалификуван. Тоа исто би значело како партијата на Бесиноти која што има над 11% од гласачите во Италија, од утре да се каже дека тој повеќе нема да делува политички, или неговото политичко делување не е во согласност со останатите политички убедувања на неговите колеги. Целта на овој закон сигурно дека не е и ниту пак смее да биде антикомунистичко расположение, бидејќи, многу колеги, многу луѓе што живеат во оваа земја може да имаат различно политичко убедуање. Токму во тоа се состои нивната слобода на политичко убедување. Значи, основата е дека се дава еднакво право и слобода, меѓутоа, да се разбере добро дека со тоа политичко убедување не смее понатаму да настане злоупотреба и пред се, штета за трети лица, кои што имаат различни политички убедувања, или трпат нивните семејства, она што во минатото го претрпеле. Значи, тука треба да се направи јасна дистинкција и очекувам дека во втората фаза овие елементи доследно ќе ги разгледаме и ќе им дадеме свое место, а исто така, поврзаноста со новите законски проекти, кои што ги донесуваме, сигурно ќе придонесе за развој на земјата, бидејќи во функција се ставаат покрај овој закон и останатите закони, пред се, заради развивање на таа политичка и економска олигархија која долго време во Македонија не донесува економски просперитет. Тоа е мое прво видување. Се надевам дека ќе имаме можност и во втората фаза активно да придонесеме. Благодарам.

**Бесим Догани:** Збор има пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитувани колеги пратеници, еве накатко ќе се обидам колку што можам да го кажам сопственото видување за овој огромен важен закон за иднината на Република Македонија и за нејзиниот иден демократски развој.

Поминавме 16 години транзиција. Се уште Република Македонија не успева да се справи со програмираниот вирус на комунизмот кој се шири преку мрежата на доушниците, кои многу успешно и денес го разјадува и го кочи демократскиот развој во Република Македонија. Кочењето пред се, се реализира преку сеуште силното влијание и контрола врз државната администрација, судството, полицијата, новинарството, државните и приватните фирми кои што им се поклонија како награда на добрите чувари на комунистичкиот систем. Им се поклонија на луѓето кои со години го гарантираа опстојувањето на силната централизирана демократска држава, на милитаризираните граѓански институции. Прогамерите почитувани на тој вирус овозможија државниот

капитал да биде концентриран во рацете на мал број луѓе, луѓе кои со воспоставената тотална контрола врз граѓаните го чуваа комунистичкиот систем од загадувањето со демократски идеи, го чуваа затворено стопанството кое им служеше само на интересите на поединци.

Кога комунизмот секаде почна да паѓа, како неодржлив тоталитарен систем, тешко беше нашата комунистичка елита сама да се откаже од удобствата што им ги пружаше дотогашниот систем. И за да може подолго да го задржи влијанието добро се одглуми и кај нас божемното создавање на ново демократско општество, кое конечно увидоа дека не може со ништо да го запрат, а за да може и понатаму да ја задржат контролата на сите природни општествени богатства, решија не само строго да го контролираат напливот на нови плуралистички идеи, туку тие комунистичко удбашки структури, активно почитувани се вклучија и во основањето на политичките партии, за да може успешно да се одглуми повеќе партиски политички систем и да се амортизираат вистинските демократски сили кои што жеднееја за создавање на самостојна независна Република Македонија, со повеќе партиски систем и со пазарно стопанство.

Меѓутоа, се погрижија да имаме и пазарна економија. Затоа се започна со катастрофалната приватизација. Фабриките се дадоа во рацете на директорите, морално политички подобни, се разбира, никако подруго, кои присилно им ги отргнаа од рацете акциите на работниците, кои во претходниот систем привидно беа сопственици. Сега, привидот веќе го немаше, директорите станаа газди под диктат на високите комунистички структури, ги уништуваа фабриките за дел да ги продадат и да ги зголемат своите конта во странските банки, а дел да ги имаат под контрола на само неколку луѓе, за да можат многу полесно да го манипулираат сиромашнот македонски граѓанин. Општ грабеж на општествениот имот, се вадеа пари надвор од земјата на сметка на неколку поединци, бивши комунисти, а сега капиталисти, кои што имаа единствена задача да ја уништат економски Република Македонија и да создадат земја на стечајни работници и безнадежни граѓани.

Која е смислата на македонската транзиција од социјализам кон капитализам, ако во социјализмот со целокупниот економски, природен и човечки потенцијал располагаат грст луѓе од ЦК на КПЈ или КПМ, а сега во периодот кон капитализам, истите тие довчерашни заколнати комунисти хуманисти се фалат дека нивните 12 директори го конролираат најголемиот дел од целокупното богатство во Република Македонија.

Значи, затоа што своевремено еднаш засекогаш не раскрстивме со комунистичкиот револуционерен морал, денес сеуште говориме дека во Република Македонија немаме пазарна економија со одржлив економски развој. А без таква пазарна економија нема можност ни за реално уживање на човековите права и слободи, ќе се согласите.

Зошто почитувани, во Република Македонија и токму овде во Република Македонија, посебно од бившо југословенските земји беше програмиран така овој вирус. Крајната цел беше да се докаже дека во демократијата е полошо за граѓаните на Република Македонија и не може да постои Република Македонија како самостојна држава надвор од границите на Југославија. Така, дел од граѓаните на земјата кои искрено сакаа самостојна и независна држава Македонија со повеќе партиски систем и пазарна економија многу успешно се амортизира од силите вгнездени најрпвин внатре во самите партии, кои што имаа задача да го кочат тој процес на нормално, демократско, внатре партиско функционирање, кое што како такво не може ни успешно ни позитивно да се рефлектира во живеењето на земјата.

Значи, мрачните сили на минатото контролирани од тајните служби, кои што работеа во најголем дел од случаите за туѓи интереси, не само што беа вгнездени во сите институции на државата, тогашните претпријатија да го контролираат буквално секој вработен, судството кое што успешно ги штитеше, во медиумите, па дури и во болниците, тие се вгнездија и во новосоздадените партии и некогаш повеќе некогаш помалку, но сепак, имаа влијание или контролираа многу процеси во партиите, работејќи на елиминирањето на вистинските демократски сили кои што не можеа да ги вплеткат во нивната пајакова мрежа, во која што почитувани колеги, свесни сте дека имаше огромен број подароци и секој оној кој ќе посегнеше по еден ваков понуден подарок, станувaше дел од таа пајакова мрежа. И на тој начин се цицаше демократскиот капацитет на Република Македонија.

Затоа, речиси никој во Република Македонија не одговараше за катастрофалната приватизација, за грабежот на општественото богатство, за организираниот криминал и невидената корупција. Тоа е начинот како може вирусот кој не јаде 16 години, сеуште да е животоспособен. Зтоа што тој се храни од маката на граѓаните, од криминалот, од корупцијата, преку организираниот систем на кодошење, кој што успешно ги штити и ги поддржува се до денешен ден. Систем конструиран во едно минато време кој што воопшто не соодветствува на новиот демократски поредок, кој што сите се обидуваме да го изградиме во Република Македонија.

Не знам дали вие почитувани колеги, но јас постојано си го поставувам прашањето зошто и денес токму во одредени важни моменти за земјата, кога сите ние треба како земја да покажеме заедништво, сплотеност, за да можеме да продолжиме да чекориме успешно кон НАТО и Европска унија, токму тогаш во Република Македонија, започнуваат без потребно да се провоцираат меѓу партиски, меѓу етнички, меѓу

соседски тензии, па дури, да се прават проблеми и со работењето Македонската православна црква.

Мојот одговор на тоа е дека се се прави токму од тие структури на минатото кои, креирајќи ситуации во одредени моменти прават се да го запрат чекорењето на земјата напред. Ситуации што не и одат во прилог на државата Република Македонија, туку им служат на другите интереси, кои, верувајте, не се среќни со нашето забрзано чекорење кон НАТО и Европската унија. Овие сили се чувствуваат загрозени. Ако во Република Македонија работите ни одат на добро, ако имаме вистинска борба против корупцијата и организираниот криминал, ако расте економијата во земјата, ако се намалува невработеноста во земјата, тогаш нема да има место за мафијата, која, поддржана токму од тие мрежи на тајни служби кои сеуште постојат на Балканот и овде во Република Македонија, остатоците од тие служби сеуште врзани со бивши КОС или со кој знае кои други служби од регионот на бившите комунистички земји.

Наглите промени во настапите, пак, на некои од до сега таканаречените проевропски политичари во Република Македонија, кои ненадејно прават чекори сосема спротивни на нивните доскорешни проевропски заложби, јасно зборува за контролата што ја имаат овие мрачни сили врз нив, до тој степен што повеќе не можеме да ги препознаеме дали се тоа истите добронамерни, проевропски политичари кои до вчера сме ги познавале.

Да си го поставиме и прашањето зошто Република Македонија не собра сили да се справи со злото од претходниот систем? Зошто Република Македонија го немаше потребниот потенцијал да раскрсти со поранешниот систем, за да можеше многу полесно да ја помине транзицијата? Зошто толку долго и Парламентот на Република Македонија не смогна сили да расправа за овој толку, толку потребен процес?

Сакам во овој момент да ги споделам со вас моите размисли. Зошто мислам дека не собравме сили?

Најпрво, како што кажав и пред малку, се креираше фингирана демократија во Република Македонија преку повеќе или помалку успешната контрола на партиите во Република Македонија. Повторно, зошто не собравме сили сите граѓани во Република Македонија да се раскрсти со стариот систем? Тоа е затоа што мислам дека не расчистивме со најглавното нешто. Со стравот вгнезден во душите на многу македонски граѓани од она што се случуваше во изминатите 50-60 години во Република Македонија.

Не можеме да имаме промени во менталната матрица кај граѓаните, градена долги години во претходниот систем, со самото тоа што си се прекрстивме во демократско општество со повеќепартиски систем, во кој што имаме пазарно стопанство. Бидејќи истите луѓе кои беа наредбодавци и извршители на системот на репресии во комунизмот, сега, повторно си беа дел од таканаречените нови демократски институции и нов демократски систем во Република Македонија.

Што му остануваше на македонскиот граѓанин? Ги гледа насекаде истите луѓе. Истите луѓе во божемните нови демократски институции на земјата. И затоа, почитувани колеги, си продолжи истото однесување кај голем број на граѓани во државата, истиот одбранбен систем што овозможи да опстојат и да преживеат во претходниот период: “Не гледам ништо, не слушам ништо, не кажувам ништо, не се замерувам со никого”. Тоа беше еден од главните рецепти за преживување на голем дел од граѓаните во изминатиот период. И, за жал, по инерција продолжи тоа и после 1990 година, после осамостојувањето на Република Македонија.

Во една мудрост за вистината се кажува: “Додека едни ја бараат, други ја кријат а трети без неа мирно си спијат”.

Една од причините поради која што денеска Република Македонија е во таква материјална и духовна беда е фактот што огромен број на македонски граѓани распадот на комунизмот ги затекна неподготвени. Ние сме единствен балкански народ без свои антикомунистички дисиденти.

Оние граѓани кои долги години, барајќи ја вистината и правдата за направените неправди во минатото, сеуште се влечат по судовите. Остареа барајќи ја вистината и правдата. Ќе ви го спомнам само примерот на еден новинар од Велес, не сакам овде да спомнувам имиња, чиј татко е стрелан во Велес и сиве години наназад ја бара правдата, па доживеа, во демократска Република Македонија, во 2005 година да добие одговор од судството на Република Македонија дека не се прифаќа неговата жалба. Тоа е пример, почитувани колеги, колку судството во Македонија е политички деконтаминирано од претходниот систем и зошто тешко ни одат реформите во судството. Затоа што таму сеуште имаме судии или пак нивни наследници кои суделе, согласно революционерниот морал, революционерниот комунистички морал, за кој ѕверските убиства на петте струмички студенти, убиствата во Велес, во Куманово, на Голи Оток, во Идризово и да не редам понатаму, антидатираните пресуди, фалсификуваните биогравии, убиствата во дијаспората, на божемните народни непријатели, измислените судски пресуди, грабежот наречен денационализација, експропријација не биле дела со кои што се кршат човековите слободи и права. Тоа што тие дела не биле казниви според тогашното законодавство, а тоа се правело во името на народот и државата, не ги ослободува од одговорноста оние кои го практикувале тоа.

Но ние, не можеме да очекуваме од луѓето кои го прифатиле револуционерниот комунистички морал и станале соучесници во злосторствата, сега да мислат и постапуваат поинаку. Истото важи и за луѓето во полицијата, во медиумите, образованието, културата, науката, за жал дури и во здравството. Бидејќи таму, сеуште седат луѓе кои со електрошокови ги помрачуваа умовите на македонските прогресивни интелектуалци за да излезат од таму како растенија, да не можат да зборуваат, да не се познаваат себе и да не можат да го бараат светото нешто, а тоа е самостојна и независна Република Македонија.

Затоа, почитувани дами и господо, сме заглавени во македонската транзиција. Многу тешко ни одат реформите.

Скоро до 1998 година имаше граѓани во Република Македонија чии семејства биле репресирани, а кои тоа успешно го криеле дури и од сопствените чеда. Не ја кажувале судбината на нивните блиски, плашејќи се дека, ако нивните деца дознаат ќе прашуваат што се случило и зошто нивната држава, Република Македонија така се однесувала кон луѓето кои толку многу ја љубеле?! Толку многу дале за неа?! Токму заради тоа тие криеле, од страв да не ги снајде истата судбина, судбината на нивните блиски.

Оправдани се нивните стравувања што се вгнездени во нивните души и денеска, затоа што поминале невидени ужаси. Изгубиле блиски кои биле егзекутирани заради нивните јавно искажани мисли кои застранувале од водечката комунистичка идеологија, а останатите од семејството со години биле следени и подложувани на секакви понижувања и секакви тортури.

И, најстрашното од се, биле етикетирани како непријатели на државата. Тоа е најстрашното нешто. Тие луѓе сеуште го носат тој белег во нивните срца.

Пред десетина години, почитувани дами и господо, случајно бев сведок на еден разговор помеѓу 70-годишен старец и неговата сестра, која, видно вознемирена дотрча до него и почна да му зборува:

“Батко, истите не следат, истите се постојано по мене, не само до работа. Денеска беа и на гробишта. На гробот на мајка и татко. Кога ја запалив третата свеќа ме прашаа-за кого ја палиш третата свеќа? И, морав да им кажам, прв пат да им одговорам, да го регистрирам нивното присуство и им кажав-за брат ми, бидејќи не знам кај му е гробот, кажете ми вие па ќе ја палам свеќата врз неговиот гроб”.

Тој, длабоко воздивна и, кога забележаа дека јас сум тука, престанаа да зборуваат. На моите илјадници прашања не добив одговор со години. Со години.

Стигна 1998 година. Значи, тоа беше период после 1990 година кога јас бев дел од една политичка партија и бев среќна што сум член на ВМРО-ДПМНЕ, што имаме конечно слободна и независна Република Македонија. Мислев дека живееме во слободно, независно демократско општество и бев сведок на еден ваков настан, кога старата УДБА сеуште го следеше секого. Беше страв и трепет за секого.

Само две години потоа, 1998 година, ноќта кога сите ги чекавме резултатите од повеќепартиските избори, истиот тој старец стоеше до мене и, кога ги слушнавме резултатите дека ВМРО-ДПМНЕ победил, тој почна да плаче. Липаше како мало дете. Велеше-”Не ми се верува, не е можно комунизмот да паднал”.

Дојде 2000-та година. Се отворија досиејата, односно почна да се зборува дека досието може секој да отиде да го отвори и да види што е тоа што пишува за нивните блиски, зошто ги нема на лицето на земјата? Што сториле? Зошто ги поминале овие трауми нивните семејства?

Тргна и тој старец. И одеше од полиција до полиција и одеше во местото на нивното живеење, во местото на раѓање на неговиот брат. Му кажале дека, бидејќи не постои, треба да има извод од умрените. Како да добие извод од умрените кога не знае ни каде е погребан? И, не знае на кого да му се обрати да земе извод од умрените? Му побарале тогаш извод од родени. И повторно отишол, носејќи ги врз плеќи старите години и маката натрупана врз себе. Повторно тргнал и отишол да бара извод. Сакал да го види досието на неговиот брат, зошто го снемало. Одговорот, после неколку месеци беше-во евиденцијата на МВР не постои човек кој се родил таа и таа година, со тоа име и презиме, не постои ниту евиденција за човек кој умрел таа и таа година со тоа име и презиме. 2000-та година!

Престана потрегата по судбината на неговиот брат. Дојдоа од екипата и, Бог да го прости Ефтим Таковски, да бара изјава од него, од неговата сестра, од неговите роднини, да даде што е тоа што се случило? Тој само одмавна со рака и кажа-додека не докажам дека постоел нема што да зборувам за некого за кого државата вели дека го нема. Никогаш не постоел. Ги носеше во своето плико, истуткано, со години криено во ковчегот, неговиот индекс од двата факултети и од Филозофскиот и од Медицинкиот факултет со одлични оценки. Ја носеше внатре и книгата на борци од НОБ кои се бореле за оваа денешнина, за оваа Република Македонија и внатре, неговата слика и внатре податоци за него, и за неговиот помал брат, и за неговиот поголем брат. И, тоа не беше доволен доказ дека тој човек постоел на земјината топка, овде, во Република Македонија. И, до ден денес нема извод од родните. Нема извод од умрените.

Што е она почитувани дами и господа што ни дава на сите нас сила? Што е она што не теши во еден ваков момент, кога зборуваме за црните страници од историјата на македонскиот народ? Што е тоа што сите овие луѓе кои се преживеани седат пред телевизиските екрани? И вчера, ми се јави тој 80-

годишен старец и прв пат побара од мене јас да го побарам досието. И прв пат ми кажа една вест која никогаш не ја слушнав од неговата уста дека на 15 јули 1949 година стигнало последното писмо од неговиот брат. Па, ми кажа-"Чедо, тука некаде е злосторството, провери".

Тоа многу зборува, почитувани колеги. Тоа кажува дека луѓето кои поминле вакви трауми низ Македонија се охрабрени од тоа што и опозицијата и позицијата, и левите и десните зборуваат за оваа темна страница од историјата на македонскиот народ. Дека сите ние сме подготвени да ја прочитаме. Меѓутоа, не само да ја прочитаме, туку и да извлечеме од неа поуки, поуки што ќе ги пренесеме на нашите чеда како не треба да се однесува државата со сопствените граѓани, како не треба во иднина да се постапува. Тоа е придобивката од овој закн за лустрација. Јас сум пресреќна што имавме толкава огромна поддршка, толкав огромен број на пратеници собрани околу една единствена идеја-да ја истераме правдата на виделина.

Тоа им треба на семејствата. Не им треба одмазда. Не им треба реваншизам. Нивните очи се исушени од солзи! Нивните утроби се исечени! Не им треба ништо друго, туку да знаат дека нивните блиски загинале за Македонија! Не како народни непријатели! Дека државата тоа го вреднува! Дека им се извинуваме на жртвите! Им се поклонуваме на нивните гробови! Сите ние, и леви и десни се поклонуваме на нивниот спомен. Да ги ослободиме срцата на овие страдалници да престанат да се плашат, дека ова е демократска Република Македонија.

Ова е Република Македонија во која што секој има права слободно да зборува, да мисли. Ова е земјата на иднината на нашите чеда. Мораме од овде да ја испратиме оваа порака. Не и за ова прашање да се препукуваме едни со други. Јас го повикувам еден од почитуваните новинари кој што беше засегнат од мојата изјава дадена на денот на промоција на овој срочен текст на закон, за кој што не велам дека е којзнае колку убав и не може да биде уште повеќе дотеран, но дадов изјава дека сум пресреќна што конечно во Република Македонија разговараме за еден ваков закон. Тогаш беше напишан еден ироничен текст од тој новинар, го повикувам доколку не ме слуша да го ислуша мојот говор и да му стане јазно зошто и сега ќе кажам дека сум радосна. Радосна сум што ја отвараме оваа темна страница од македонската историја. Радосна сум што сите заеднички тоа го правиме. Ја враќаме надежта во срцата на граѓаните. Конечно стигнуваат до вистината и до правдата. Да го тргнеме стравот од нивните души. Да им овозможиме да се смират и да видат што е тоа што го направиле нивните блиски, а државата, повторно ќе кажам, да се извини за злоделата кои што се правени во нејзино име, во име на комунистичката идеологија.

Сега сакам да одговорам повторно, можеби ќе биде повторување, меѓутоа зошто Парламентот во првиот состав и во наредните други составои не смогна сили да го отвори и да го затвори конечно тоа прашање. Најверојатно од причини што дел од партиите сериозно ги контролираа луѓе од службите, па не можеа да си работат самите против себе, а беше потребно и брзо да се направат новите комунистички капиталисти, да се задржи општественото богатство. Демократските сили ја немаа поддршката на поголем дел од медиумите кои исто така беа во голем дел под контрола на овие тајни служби. Во кујните на тајните служби со години наназад се кроеше судбината на земјата, а преку нивната мрежа распространета внатре и надвор од земјата се водеше политиката на земјата, а извршители, само прости извршители беа најголем дел од политичарите на оваа Република Македонија. Затоа тонеме. 16 години тонеме во нашата транзиција и затоа не смогнаа сили претходните парламенти да расправаат на ваквата тема. За да можеме денес во државата да спроведеме успешни реформи во судството, полицијата, државната администрација, образованието, науката, медиумите здравството треба Република Македонија да се ослободи од луѓето кои во минатиот систем биле дел од репресивниот систем, кој заради идеолошки причини кршеа човекови слободи и права, а уште повеќе да им се оневозможи на тие луѓе да бидат новата политичка елита која треба да ги промовира и спроведува новите демократски вредности во државата. Потребен е длабок рез почитувани колеги. Нови луѓе кои ќе го осигураат тивко и дисконтинуитетот помеѓу стариот о новиот систем. Досега во најголем дел имавме континуитет на стариот систем и затоа сме заглавени повторно во нашата транзиција.

Лустрацијата е важна затоа што ќе им овозможи на клучни позиции во власта, во судството, во законодавството, извршната власт, медиумите, образованието, науката и културата да дојдат луѓе кои што нема да бидат управувани од центрите на моќта на минатиот режим, луѓе кои што ќе носат одлуки согласно Уставот и законите во земјата, луѓе кои ќе го гарантираат демократскиот развој на Македонија кон НАТО и Европската унија. Затоа со овој закон треба да се одделат жртвите од оние кои во име на тоталитарната идеологија масовно кршеле човекови права и да се оневозможат во иднина да го прават тоа практикувајќи некоја јавна функција.

Во досегашната јавна дебата за лустрација доминира пристапот на осуда само на соработниците на тајните служби, а притоа како да има тенденција да се амнестира политичкиот систем во чие што име и за чија што сметка функционираат тие служби. Лустрацијата се доживува само како правен инструмент за откривање и со тоа демобилизација на доушничките структури. Неспорно е дека тој ефект е основата на законот, но притоа не смееме да заборавиме и да го заборавиме многу поширокиот спектар на ефекти кои што ги

промовира лустрацијата, замислена како комплексен процес на ментална деконтаминација на бившо комунистичките општества и нивно ослободување од идеолошките наслаги на болшевистичката идеологија.

Значи, една работа е деконспирирањето на бившите доушнички структури, оправданото санкционирање на нивните припадници и елиминирањето на понатамошните реперкусии од нивното дејствување и ноторен факт е дека таа димензија од повеќеслојната и комплексната структура на лустрацијата е сосема солидно опфатена со предложениот закон.

Но, доколку сме доследни и категорични во обидите за демократизација на македонското општество, процес кој што е суштински условен, ослободувањето од наследените идеолошки стереотипи на комунистичкиот режим никако не смееме процесот на лустрација да го застанеме со донесувањето на овој закон односно со откривањето и санкционирањето на кодошите. Нужно е да продолжиме кон целосна демистификација на антицивилизациската и психосидна суштина на комунистичката идеологија и поредок. Изнесените квалификации почитувани колеги се позајмени од меѓународните декларации за осуда на злосторствата на комунизмот, а се произлезени од објективната анализа, официјалните постулати на политичката филозофија на третираниот облик на општествено уредување чија цел е униформирање на поединците, уништување на нивната индивидуалност во духовна, мисловна и економска сфера, а дозволен инструмент за остварување на таквата цел беше политичкото насилство.

Мора да се истакне дека политичката репресија која што ја извршуваат тајните служби на бившиот режим беше неговата официјална институција иманентна на неговата логика и филозофија. Затоа залудно е ако само соработниците се изведат на столбот на срамот, ако притоа не се осуди системот во името на кое што се вршела репресијата.

Секако не смеат да се амнестираат ниту креаторите, промоторите и интелектуалните апологети на идеолошките постулати на тој систем. На оние што идеолошки ги организираа и мобилизираа должниците. Не смееме да ги заборавиме ниту тие што го користеа нивните податоци за понатамошни истраги, за затварања, за тепања, психолошки малтретирања, уништување работни кариери, семејства, одземање имоти и што уште не.

Со овој закон ќе ги отстраниме од политичкиот живот на земјата луѓето кои биле вплеткани во организираниот систем на тајните мрежи на ДБК, можеби и на КОС ако имаме податоци за тоа, можеби и за тајните служби во дипломатијата кои што работеа надвор од земјата. Помеѓу нашите иселеници правеа злосторства. Најголемото злосторство е не само убиството на поединци, туку и тоа што направија на нашето иселеништво да биде раскарано и секој секому да биде непријател. Не смееме да ги оставиме луѓето наредбодавци кои всушност ја покренувале и покренуваат оваа машинерија и кои се вистинската причина за тоа што Македонија е заглавена во долгата транзиција.

И на крај почитувани колеги потребно е со овој закон конечно да инсталираме антивирусна програма за да може прочистени, просветлени сите во земјата да го почувствуваме олеснувањето и демократското отворање на државата Македонија прво кон своите граѓани, кон своите соседи и кон светот. Само така ќе направиме уште еден голем чеокор кон подобрата иднина на нашите деца и кон успешното чекорење на Република Македонија кон НАТО и Европската унија. Ви благодарам.

(Аплауз од некои пратеници)

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Пауза за ручек до 15,05 часот.

(Пауза од 14,05 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,07 часот)

**Бесим Догани:** Продолжуваме со претресот.

Има збор пратеникот Киров Ацо, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе,

Еви и јас би сакал да го кажам моето видување околу овој закон за определување дополнителен услов за вршење јавна функција. Но, по толку емотивен говор на колешката Бонева, по толку фрлање камења врз претходниот систем поточно од 1998 година, па назад, сега не можам да сватам како таа ќе ме свати мене по моето обраќање од оваа говорница.

Да ја потсетам колешката Бонева, добро е што таа беше околу 40 минути на говорницата за да подобро не свати нас пратениците од опозицијата кога во претходниот месец дена се бориме за неограничување на говорењето на пратениците.

Зедов збор околу овој закон од причини што ете и јас сум еден од потписниците на овој Предлог закон, денеска добивме известување дека се пријавиле и други пратеници кон поддршка на овој Предлог закон.

Моите видувања околу овој закон се поклопуваат со видувањата и дискусиите на другите пратеници односно можам слободно да кажам уште на старт од моето обраќање ќе го подржам овој закон.

Добро е што се покрена за да се расчистат некои работи од минатото да не лебдат во воздух толку многу години, добро е да се дојде до одредени сознанија, одредени фамилии да ги тргнат камењата кои им тежат толку години.

Според говорите што ги имаа колегите пратеници од позицијата вчера и денеска, некои имаа помек став спрема минатото, некои потврд став, тоа е нивно мислење. Денеска од колешката Силвана Бонева го добивме најтврдиот став спрема сето

тоа што било до сега, дали било добро или лошо, според нејзиното кажување беше дека се било црно и темно во изминатиот период. Со тоа не се согласувам, а подоцна ќе ги кажам моите аргументи затоа што и јас не сум од вчера, сум учел, сум студирал, сум работел во претходниот систем и не е баш така како што беше кажано од оваа говорница и од колешката Силвана Бонева и од одреден број пратеници од  позицијата, а со дискусиите на некои пратеници исто така од позицијата се согласувам.

Еден колега вчера во својата дискусија претходниот период го подели на неколку периоди и тоа 1944-1946, 1946-1990 и 1990-2006 година.

Како прво и јас така би ги поделил овие периоди само со други години. Уште на самиот старт од мојата дискусија да кажам дека не ги оправдувам сите репресии кои се вршени врз одредени фамилии и луѓе од претходниот период. Тоа е мое мислење и слободно можам да кажам дека тоталитарен систем имало и тука и тој тоталитарен систем, според мене, се одвива некаде од 1946, па до 60-тите години, а по 60-тите години имаме социјалистички систем, во кој имавме право на слобода, имавме слободно движење каде сакаме да одиме како во земјата така и надвор од неа.

Затоа не е спорно дека се репресирани одредени фамилии, дека многу фамилии имаат изгубено и потполно го подржувам овој Предлог закон за определување дополнителен услов за вршење на јавна функција. За да дојде до демократизација во натамошниот тек на Република Македонија добро е што е поднесен за да овие луѓе кои во претходниот период биле инсталирани во овие тајни служби или луѓето кои работеле или кодошеле за тие тајни служби до донесувањето на овој закон, можеби сеуште ги има, да бидат деинсталирани од јавните функции.

Ова е првиот период кога реков дека точно имало тоталитарен систем во Македонија, но сепак спротивно од колешката ќе кажам дека имаше и добри времиња во претходниот систем, зборувам за пред 1990 година затоа што имаше еден период кога народот добро живееше, добро се облекуваше, секоја година луѓето одеа на одмор, но изгледа тоа некој го заборавил. Неоспорувам дека и во тој добар период кога било добро за сите граѓани на Република Македонија имало одредени притисоци, кодошења спрема одредени луѓе. Но, по 1990 година, значи по осамостојувањето некои колеги кажаа дека конечно од 1998 година па назад во Македонија дошла демократијата, што не е точно, затоа што ние од 1990 година имаме парламентарна демократија и само за потсетување од 1990 до 1992 година на власт беше ВМРО-ДПМНЕ.

Инаку, парламентарното Собрание пред десетина години има донесено Резолуција 1096 за мерките за напуштање на наследството на поранешниот комунистички  систем. Многу земји, како што кажаа повеќето дискутанти пред мене, го направија овој закон за лустрација, го донесоа уште пред десетина години меѓу кои се земјите кои на одреден начин се во Европската унија како Бугарија, Романија, некој денеска спомна дека и Србија го има донесено, но таму не профункционира, па дури и земјите со подолга демократија од типот на Германија, Франција, Јапонија и многу други го имаат донесено овој закон за лустрација во своите држави.

Оваа година е донесена друга Резолуција 1481 со која се повикуваат сите посткомунистички партии во земјите кои го немаат сторено тоа односно кои немаат донесено закон за лустрација да направат проценка на историјата на комунизмот и дистанцирајќи се од притисоците на тие системи. Ете и ние по 15-16 години парламентарна демократија со овој Предлог закон кој, слободно можам да кажам, го покрена почитуваниот господин Стојан Андов и беше подржан од 88 пратеници. Се надевам дека првата фаза ќе помине сега, а во втората фаза, како што многу наши колеги кажаа дека ќе се догради, ќе се додаде што е испуштено, ќе се направи еден идеален закон кој нема да придонесе до одредени последици по одредени личности и фамилии.

Кога сето тао ќе се заврши, кога ќе се донесе овој закон, треба внимателно да се води сметка да не дојде до оцрнување на одредени фамилии, синови, внуци заради некој што од таа фамилија пред многу години соработувал со тајните служби. Во овие два дена слушнавме, а го имаше и во весниците, во одредени земји имало негативни последици, како пример ќе ја спомнам Чешка, одредена група на студенти дошле до тие податоци кои ги дале на новинари, а овие во весниците и така овие фамилии кои фактички потекнувале од тие гнезда им била ставена црна дамка, а и ден денеска се случува кај тие фамилии.

Значи, треба големо внимание за да не дојде до такви несакани последици за да некој утре страда поради одреден член од фамилијата кој пред многу години сторил нешто, соработувал со тајните служби.

Тоа што го слушнав во овие два дена од одредени колеги дека во 1946 година кога Република Македонија пристапува кон федерацијата Југославија со другите републики, тоа било против волјата на народот. До некаде се согласувам со колегата дискутант, но до некаде не. Треба да знаеме дека поголем дел по ослободувањето доброволно влезе во оваа федерација Југославија, а точно е дека дел од граѓаните на Република Македонија уште тогаш во 1946 година сакаа самостојна Македонија, но од кои причини тоа не се случи, секако јас и моите колеги односно колегата кој денеска дискутираше не сме надлежни, на оваа тема има историчари,професори, високи политичари кои многу години дебатираат, тоа е нивна работа, а не на мојот колега. Мислам дека тоа е негативно и

не требаше да каже дека тоа било против волјата на македонскиот народ.

На самиот крај од мојата дискусија сакам да кажам нешто околу комисијата која треба да се формира по изгласувањето на овој закон. На вчерашната дебата, а и денеска доста колеги пратеници кажаа оваа комисија да не се става на маса уште сега по име и презиме, а ова директно до почитуваниот колега Стојан Андов беше поставено прашање дали знае тој за тоа, но неговиот одговор беше дека сега е битно да го донесеме законот, па ако има негативности да го доградиме, тоа е во прв план, а за другото дека одредени членови или претседател, заменик претседател и членови на оваа комисија уште сега се знаат, неговиот одговор беше дека не знае и за тоа нема дискутирано. Истото го рече и колешката Лилјана Поповска јас ќе ги потсетам сепак да седнат и да разговараат со премиерот Никола Груевски и да дознаат дали е точно или не, дали веќе ги имаме имињата на оваа комисија, заменикот и членовите или не. Јас верувам, бидејќи во овие 6 месеци во овој Парламент се изнаслушавме се од премиерот Груевски дека и да седнете тој нема да ви ја каже правата вистина. Затоа вие како коалициони партнери од ДОМ и ЛП треба да направите напори тоа да биде најтранспарентно, а не по партиски клуч околу поставувањето на претседател, заменик претседател и 7 члена во оваа комисија.

На самиот почеток од мојата дискусија кажав дека безрезервно ќе го подржам овој Предлог закон, тоа слободно можам да го кажам дека ниту јас ниту некој од мојата фамилија има црна дамка во претходниот период затоа што ниту јас ниту членови од мојата фамилија не сме биле членови на политичка партија од претходниот систем. За да знаат моите колеги пратеници мојата прва членска книшка е од СДСМ. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Киров.

Има збор пратеникот Фадил Сулејмани, повелете.

**Фадил Сулејмани:** Почитуван господине потпретседател, почитувани пратеници, ве поздравувам сите.

Веќе два дена дискутираме за донесувањето на законот за лустрација, тоа е закон кој е многу сложен во однос на минатото. Во траење од 50 години наназад, се работи за луѓе кои раководеле во еден комунистички систем, монистички систем, се правеле работи кои биле лоши, меѓутоа, не можеме да кажеме дека немало и добри работи. Народите страдале некој повеќе некој помалку, и како што вели народот, минатото не раздвојува, меѓутоа, иднината не соединува и ние можеме да разговараме за ова минато кое е дискриминирачко, меѓутоа, учејќи од тоа минато, учејќи од грешките на оние кои раководеле со добра намера со цел да не ги повториме ние во иднина, туку наспроти тоа да изградиме една сигурна перспектива за следните генерации.

Значи, да не ги осудуваме ние нив, или пак ќе имаат последици и нивните деца и нивните роднини за да ја вршаат таа лоша работа што ја правеле тие врз некои, во времето на нивното владеење. Тука ги имаме предвид разните народи, Македонци, Албанци, Роми, Турци итн. Се работи за различни идентитети со различна традиција. Конкретно, доколку ги земеме Албанците во Македонија и во целост во поранешна Југославија, во Косово, во Црна Гора, Србија, ќе видиме дека некои работи се различни. На пример кај Албанците немаме некоја осуда, или пак изолација, казнување врз идеолошки основи, меѓутоа воглавно имаме културолошки барања од страна на Албанскиот народ, оние кои беа осудувани од тогашниот систем. Сега не говорам за национални барања, зборувам за културолошки барања .

Албанците не беа следени, прогонувани, затворани, тепани заради комунистичка идеологија, туку само заради нивното право на култура, јазик, образование, традиција, меѓутоа и поради националните симболи, знамето итн.

Пред да се навратам на оваа тема, сакам да нагласам дека во Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, како Албанците така и Македонците имале, речиси иста судбина. Македонија беше Јужна Србија. Немаа право ниту Албанците ниту Македонците да учат на својот мајчин јазик, да ја развиваат својата култура, да ја негуваат и традицијата итн. Дојде Втората светска војна, странците не раздвоија, првин меѓу самите Албанци и Македонци, а потоа, од идеолошки аспект на разните движења или струи, ВМРО, социјализам, комунизам, па балисти, комунисти, партизани итн. Со тоа сакам да кажам дека Албанците учествуваа во НОВ, ги дадоа своите херои, со цел после војната и тие да ги уживаат нивните права на рамноправен начин со Македонците и другите народи во оваа земја. Меѓутоа, се виде дека работите се менуваат, дури и во текот на војната, на прагот на завршување на Втората светска војна имаше и убивање на Албанците, во име на балистите. Јас не сакам да спомнувам случаи и места на егзекуција, на тортура, затворање, меѓутоа имало, за жал. Почува комунистичкиот систем. Раководството било не на Албанците. Тие Албанци кои учествуваа во власта беа многу малку, симболичен број кој можеше да се наброи на прсти и ја немале таа моќ, не биле силни да направат нешто за интересот на нивниот народ. Можеби некој можел, можеби не можел, меѓутоа биле многу малку и немале конкретно ништо во раце. После тоа се основаат државни агентури, воени агентури, УДБА, ОЗНА, КОС. Почнуваа и истражувањата, следењата, затворање на луѓето. Реков правата биле можеби само на хартија. Законите не биле дискриминирачки, биле добри закони, меѓутоа во пракса тие не се спроведуваа. Така продолжува институционалната дискриминација во Македонија, додека во Косово имаше некаква автономија, Албанците уживаа

повеќе права и еден добар дел од албанската младина од Македонија, успеа да се образува во Косово и во другите универзитетски центри во поранешните Југословенски републики, во Љубљана, Загреб и Белград, додека тука во Македонија беше малку потешко. На Скопскиот Универзитет и на Универзитетот во Битола, државната квота за националните малцинства, каде бевме ставени и ние, беше 2%. Тоа беше многу малку. Но колку беше барем 20 или 23%, толку колку што се предвидува и според службениот попис на албанското население, можеби се повеќе или помалку, а не може да се каже дека и тие статистики биле убедливи, биле научни, објективни. Како и да е, доколку учествуваа во образованието, во школувањето, 23%, тогаш ситуацијата ќе беше многу подобра. Колку пати и да пројавеа жлеба или пак да поднесуваа барања како поединци или како група, за некое право во областа на културата, како што е школувањето, употребата на јазикот, тие беа обвинувани за национализам, за сепаратизам, за нарушување на редот во државата и за тоа се осудуваа. Иако бараа едно културолошко право, тие беа осудувани од тогашниот систем. Секогаш се вршеше пропагирање за тоа зошто Албанците не се вклучуваа во системот. Меѓутоа, овој повик беше на тој начин што Албанците требаше да се интегрираат. Меѓутоа со тоа што ќе се повлечеа, што ќе се откажаа од својот национален идентите, јазикот, традицијата итн, со преземање на еден друг идентитет кој не е во согласност со слободите и правата на човекот, со универзалните права што ги предвидуваат сите конвенции. Со време следеа и други страдања, други казнувања, дури и големи преселби на Албанците од нивните етнички огништа, што може да се свати и како етничко чистење на овој народ од тука. Тоа се правеше во 50-ти години од минатиот век. Значи се склучи договорот Мендерес-Тито, така што тие што беа Турци да се преселат во Турција и веднаш почнаа преселбите, тие што сакаа да одат во Турција да ги сменат своите лични карти и од Албанци да станат Турци за Турција да не им направи пречки, затоа што таа ги прима само тие што се Турци, а не тие што се Албанци. Тоа го искористија и голем број на косовари кои дојдоа во Македонија, а потоа голем дел од нив се смести во селата на Јуруците кои беа во Југоисточна Македонија, во Канатлари, околу Велес и голем дел од нив се останати и ден денес и живеат таму. Тоа не беше добра работа.

Понатаму, што беше уште полошо, во 1974 година, се направи една позитивна промена, падна режимот на Александар Ранковиќ и така почна малку слобода и за Албанците во поранешна Југославија и во Македонија. Познат е по добро Уставот од 1974 година. Меѓутоа, тоа не траеше многу. Веднаш од 80-те години наваму почна еден вид на напад, тежок напад, се воведе една тешка состојба, посебно за албанците во Македонија, со определени политички цели. Тоа се свежи сеќавања, се сеќаваме сите, почна т.н. школски систем на мешани паралелки каде се мешаа учениците Македонци и учениците Албанци, меѓутоа не се мешаа во една рамноправна квота, туку беа доволни двајца или тројца ученици Македонци да се стават во класовите на учениците Албанци и да се бара наставата да се одвива на македонски јазик. Тоа беше тешко и за учениците, беше тешко и за наставниците. Со ненадминување на оваа тешка состојба, голем дел од интелектуалците ја напушти работата. Еден дел кој не подлегна на оваа наредба од тогашниот комунистички систем, беше исклучен од работа, или отпуштен. Потоа почна рушењето на ѕидовите, па рушењето на разните споменици, џамиите, текињата, или пак старите гробишта, што беше уште полошо се воведе и семејно планирање каде младите Албанци кои сакаа да склопат брак, требаше да следат три неделен курс и тие се едуцираа за тоа како не треба да имаат многу деца, поради оваа или онаа причина. Значи има некои работи кои се чудни, а ќе бидат многу чудни, трагични и смешни и за нашите следни генерации кои ќе се изненадат со тоа како било можно да се случи вакво нешто. Значи, наместоп да инвестираме, да правиме нешто и за образованието на албанската младина, за образованието, еманципацијата и едукацијата на Албанците за тие потоа сами да знаат да го испланираат развојот на своето семејство, да ги срушат тие високи ѕидови кои се од турската 500 годишна традиција , доколку сакаат тоа да го направат, напротив се настојува тоа да го постигнат со насилие. Сето тоа не беше во ред и во 1987 година и тие малку паралелки кои беа на албански јазик, некои мешани паралелки во Педагошката академија, историја, географија, хемија и физика, беа затворени. Така, остана само еден семинар, јазик и албанска книжевност во Скопје на рамноправно ниво со семинарот кој беше во Белград.

Увидувајќи дека речиси се албанско беше спротивставувано, напаѓано, се прекина образование на албански јазик, високото образование, средното образование, беше се дезориентирано и тогаш имаше потреба да се преземе иницијатива за основање на Тетовскиот универзитет, тоа се направи. Ова беше добро иако и тука наместо државата да го поддржи ова училиште кое беше во интерес на образованието, на професионализацијата на граѓаните, на самите граѓани Албанци се употреби сила против оваа институција и ова беше греашка за што ќе не критикуваат нашите следни генерации. Меѓутоа, како и да е со време дојде и демократијата, плурално демократскиот систем, работите се изменија на добро, беше официјализиран Тетовскиот универзитет иако тоа се направи на многу болен начин затоа што се затворија многу факултети за кои немаше потреба затоа што сите ги исполнуваа условите, меѓутоа, како и да е овој Универзитет денеска е отворен за сите граѓани на Република Македонија, посебно за Албанците кои таму можат да студираат без квота. Тој е отворен,

меѓутоа за другите народи кои можат да основаат гранки, тука има и македонистика, Економски факултет на македонски јазик, можат Ромите, Турците и сите што имаат желба и имаат можност да ги исполнат условите, тоа е Универзитет на Република Македонија, трет државен Универзитет и ова треба да се поздрави и е за секоја пофалба.

Покрај овој Универзитет што ни го овозможи демократскиот плуралистички систем, денес се прават позитивни чекори, има демократски развој кој е во интерес на албанците, како големо население, меѓутоа овозможува и позитивен демократски развој и за другите народи во Република Македонија, како на пример, еве денес се основа институтот за студирање, афирмација и култивирање на материјалното и душевното богатство на албанците во Македонија. Државата има доделено финансиски средства и го поддржува овој институт, затоа што оваа култура истовремено е и богатство на нашата земја. Кога ќе се земе една студија од минатото време и студијата на оваа култура ќе се види дека таа е многу позитивни и е од заеднички интерес на народите кои живеат во оваа земја уште од дамнешни времиња. Потоа ќе се основа и националната библиотерка во Тетово, потоа национален театар исто така во Тетово. Исто така е за поздравување и законот кој го донесовме, Закон за празниците, празниците за традицијата на нашиот народ, државните празници, националните празници. Албанците за прв пат празнуваат еден значаен културолошки датум, датумот на албанската азбука, потоа верскиот празник Бајрам итн. Значи, денес сме во ситуација да го реализираме демократскиот плуралистички систем и демократските реформи на евроатланските интеграции. Резултатите се присутни во образовниот, културолошкиот, научниот, економскиот и политичкиот развој. Посебна заслуга во оваа насока има ДПА која е партија со традиција, партија која секогаш ги заштитувала интересите на народот, за што е и основана. Меѓутоа, посебна заслуга има и денешната влада на ВМРО-ДПМНЕ, затоа што сите овие резултати и достигнувања кои се постигнати во почетокот на демократијата во Република Македонија, се заслуга и на оваа Влада.

Ова влијае доста во градењето на здравите меѓуетнички односи не само на Албанците, туку и на Ромите, Турците и др. Како што спомнав уште на почетокот, овој закон треба да се донесе не заради нешто друго тогаш барем морално ќе ги зајакне оние жртви на оној минат систем, ќе ги рехабилитира жртвите од овој систем. Природно е дека ќе има и последици, а како и колку ќе се спроведува овој закон тешко може да се каже, затоа што може да се случат и злоупотреби од разни страна и поради разни причини. Меѓутоа, тоа што може да го направи овој закон и што треба да го направи овој закон, сега друго прашање е колку ќе се осудат тие луѓе, добар дел од нив не се ни живи, еден дел се стари и останале тука, еден дел од луѓето поради интересот се менуваат, вчера биле комунисти, сега се демократи. Меѓутоа, сепак треба да бидеме внимателни, нивните деца и нивните роднини да не страдаат затоа што децата не се виновни, роднините не се виновни доколку нечиј брат, чичко или некој друг бил инволвиран во овој систем. Значи системот бил таков. Меѓутоа, што можеме да направиме ние како Парламент, како пратеници, дали можеме ние на овие семејства на овие жртви на комунизмот да им помогнеме, дали можеме со овој закон да им доделиме финансиска помош, да ги помогнеме оние кои се сиромашни и кои претрпеле и страдале многу или се материјално уништени, за да се направи надомест односно компензација на нивниот имот. Ако можеме тоа да го направиме, треба да го направиме, затоа што тоа ќе биде во интерес на овие семејства на жртвите на комунизмот отколку што ние ќе се занимаваме со нивните автори. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Сулејмани.

Има збор пратеникот Елмазе Селмани, повелете.

**Елмазе Селмани:** Ви благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Уште на почетокот ќе нагласам дека го подржувам законот за лустрација, иако многу доцниме со донесувањето на овој закон и со донесувањето на овој закон сме после многуте посткомунистички земји. Го донесуваме овој закон сега во ова време кога поминаа повеќе од 16 години од нашата транзиција и кога помина повеќе од 10 години од донесувањето на Резолуцијата 1096 од Советот на Европа, Резолуција за расчистувањето со куминистичкото минато на посткомунистичките земји. Расчистувањето со минатото требаше да го отпочнеме најмалку пред 15 години не само заради отстранувањето на остатоците од минатото, туку и заради моралната обврска во однос на жртвите од тој минат систем. Беше неопходно донесувањето на овој закон, затоа што иако поминаа како што реков над 16 години од времето кога тоталитарните системи паднаа, истите лица соработници на тие системи, соработници на разните тајни случби, луѓе изготвувачи на досиеа, уништувачи на човечки животи, уништувачи на многу семејства и уништувачи на своите наследници, лица со помош на информациите често пати лажни, со помош на овие информации се ликвидираа, се приведоа, се апсеа, се малтретираа, се интернираа и се дисквалификуваа како идеолошки противници на тоталитарниот систем, често пати и властодршците и нивните соработници. Истите луѓе продолжија да имаат јавни функции, но сега во име на демократијата. Овие лица продолжија да ја извршуваат власта, бидејќи беа жедни, беа навикнати со власта и продолжија да ги користат сите добра, да ги употребуваат и злоупотребуваат сите добра кои ги нудеше демократијата. Демократијата што тие ја спроведуваа со години и

во име на оваа борба жртвуваа други граѓани, без да полагаат сметка никому и без да се повикаат најмалку на морална одговорност.

Почитувани, внимателно го прочитав законот и го подржувам речиси во целина овој предложен закон. Бидејќи овој закон ќе оди во две фази, мислам дека има место и за забелешки. Кога реков дека го подржувам речиси во целина овој закон, сакав да кажам дека имам и неколку забелешки на членот 17 од овој закон, во кој се вели дека член на Комисијата не може да биде лице кое е осудено 6 месеци затвор без условно за кривично дело. Бидејќи не е наведено за какво кривично дело се говори, поаѓајќи од тоа што се смета за кривично дело во тоталитарниот систем, кај мене се создаде дилема дали се обесправуваат да бидат членови на овие комисии на граѓани оние лица кои беа осудени под обвинение: обединување за непријателска дејност, што беше најчесто обвинение и причина за осудување на Албанците, но и на другите граѓани од 1944 година, а посебно казнувањето на Албанците во 80-те години. Исто така, имам дилеми дали овде со ова им се оневозможува да бидат членови на Комисии и тие лица кои беа осудени според фамозниот член 133, односно за непријателска пропаганда, што беше често обвинување во однос на Албанците во 80-те години, кога граѓаните се осудуваа само за кажаниот збор, само за слушнатата песна, само затоа што учествуваа на некој погреб, или затоа што имале храброст да сонуваат нешто.

Значи јас сум за тоа да се утврат лицата и на кривичните дела на овој член или најмалку да се наведе дека се иземаат од ова горespоменатите лица.

На самиот крај да кажам дека со донесувањето на овој закон им се оддолжуваме на жртвите на тоталитарниот систем и со расчистувањето со комунистичкото минато се оддолжуваме на нашите идни генерации и во однос на демократијата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господо Селмани.

Има збор пратеникот Дарко Димитриевски, повелете.

**Дарко Димитриевски:** Почитуван потпретседател на Собранието, почитувани колеги пратеници,

Пред јавноста, а и сега пред пратениците, се поставува прашањето дали сега е моментот да се донесе популарно наречениот закон за лустрација или дали има политичка клима да се донесе овој закон. На ова прашање одговорено е потврдно, односно одговорот е позитивен со самото тоа што зад овој закон застанаа односно го подржаа 91 пратеник. Зад овој закон застанаа пратеници без разлка на нивната верска, национална или партиска припадност.

Република Македонија на некој начин доцни со донесувањето на овој закон бидејќи истото можеше да се стори многу порано од осамостојувањето на Македонија. Многу од земјите од поранешна источна социјалистичка Европа го донесоа овој закон. Чешка беше прва која го донесе законот во 1991 година. Исто така и Франција и Германија го донесоа овој закон по Втората светска војна. За да се движи Македонија навистина кон демократските процеси, мора да расчисти со минатото, со некои тајни служби контролирани од некои центри на моќ. Македонија мора да расчисти со некои темни дамки од комунизмот, кој за да се одржи како систем произведувал соработници популарно наречени кодоши. На многу лица им се нанесени многу неправди, тортури, убиства и други зулуми токму од тајните информатори кои ја извршуваа својата задача доброволно или беа присилени во некои центри на моќ или тајни служби. Македонија мора да ги лоцира не само популарните кодоши или извршителите, туку и нивните наредбодавачи како главни виновници.

Денес голема казна претставува јавно да се знае кој бил соработник односно таен информатор, или поточно на еден тоталитарен систем, систем кој за да преживее морал да се занимава со кршење на човековите права, убивање, казни и терор.

Почитувани пратеници, Македонија мора да биде достојна во спроведувањето нас овој закон, закон од кој многу луѓе лично се засегнати по било која основа. Овој закон не смее и не може да премине ниеден судија, новинар, бизнисмен, пратеник или министер кој имал соработка со тајните служби, бидејќи само така Македонија може да напредува и да оди напред.

Лустрацијата претставува чистење на сите јавни функции од товарот, од тежината на минатото, за што само со чисто минато може да одиме и да напредуваме кон идн иднината. И денес има многу лица кои се обидуваат повторно да се инфилтрираат во власта и да се прават големи патриоти. Меѓутоа, со донесувањето на овој закон, во законски рамки се кажува едно големо не на тие лица, не за нивното минато, не за неправдите кои ги нанесоа на многу лица. Историјата на Македонија познава многу случаи кога многу наши дејци првенци биле убивани по добиените информации од кодошите.

Лустрацијата, покрај тоа што претставува расчистување со минатото, на некој начин претставува и рехабилитација на оштетените семејства и морален чин. Овој закон е директно поврзан со слободите и правата на човекот, сигурноста на луѓето, владеењето на правото и демократизацијата на државата.

Донесувањето на овој закон е многу значајно за Македонија, за нејзината иднина, бидејќи Македонија на некој начин отвора фронт и вистински расчистува со некои лица кои имаат свое темно минато и мрачно наследство.

На крајот, пак ќе се навратам на почетокот, а тоа е фактот дека со самата ваква официјална подршка од 91 пратеник, Македонија навистина сака и е на вистинскиот пат да расчисти со

мрачното минато и со лицата кои на Македонија и нанесоа огромана штета.

Јас ќе го подржам овој закон во оваа фаза и ќе гласам за него. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Димитриевски.

За збор се јави господинот Стојан Андов како предлагач. Повелете.

**Стојан Андов:** Јас сакам да појаснам нешто. До сега употребувавме бројка 89 пратеници, а сега господинот Дарко кажа 91. Точно е таа бројка е 91, затоа што денес се потпишаа двајца пратеници од СДСМ.

**Бесим Догани:** Да, така е, во право сте.

Има збор пратеникот Валентина Божиновска. Повелете.

**Валентина Божиновска:** Благодарам потпретседателе.

Го користам времето и на деновите за кои разговараме за првата фаза на законот за лустрација, ќе се обидам да го скратам својот говор и да образложам само фундаментални значења од првата фаза на овој закон.

Најнапред дозволете ми искрено да се заблагодарам на предлагачот, на господинот Стојан Андов и се разбира на сите колеги, кои ги кажа и господинот Андов во број кои се. Колку и да сакаме да побегнеме од историскиот миг, историскиот чин на овие дебати и овие дискусии деновиве, сепак не можеме да го пренебрегнеме моментот дека ова е дефакто историски миг во поновата историја на македонската демократија, од едноставни причини почитувани дами и колеги што мислам дека било кој и да е на власт, но особено ми е драго што кога е на власт десницата тоа го правиме, заедно со предлагачот, со подршката на колегите од опозицијата, особено затоа што мислам дека точен е аргументот, донесувањето на овој закон многу порано ќе значеше многу попрогресивна и реформирана Македонија, многу подемократска. Но, едно мора да ни биде јасно и тоа е апел до Владата, апел до сите идни влади дека ако не го донесовме законот сега и ако го предложевме, навистина ќе станеше збор за сериозните реформи кои допрва доаѓаат. Значи се што до сега се забавуваше, се што до сега не можевме да ја обединиме онаа Македонија  за која мислевме дека треба да се појави таква каква што е пред Европската унија и пред НАТО алијансата, верувајте ми и ова деновиве што се случува е токму причината за немањето на овој закон.

Затоа, дилемите, историските дилеми кои укажуваат, дилемите на историчарите и оние кои се занимаваат во многу источни држави, држави кои се ослободија од тоталитарниот комунистички режим, има неколку синтагми кои укажуваат на тоа што значи зборот лустрација. Многумина кажаа дека тоа е морален чин, дека тоа е прочистување, дека тоа е чистење од злата крв, што апсолутно значи чистка одвантре, значи од моралното, духовното и натрупаното нечисто, меѓутоа има и нешто друго кое укажува на тоа дека значи паралелно два прста образ, особено на луѓето кои се на јавните функции. Дефакто тоа ќе укажува понатаму со овој закон дека секој што ќе се обиде да биде на функција, да биде на сериозни места кои ќе бидат предводени на челните позиции од државата, ќе мораат да имаат два прста образ. Имено, има зачудувачки карактер овој закон. Замислете, каква е неговата поистоветеност со времето со античката војска, со македонската војска. Во античка Македонија се вршело, пред влегување во битка, битката значело поаѓање на нешто ново, освојување на нов терен и тоа, еве и во овој миг имаме една чудна поистоветеност. Се случувало по стариот календар во месец март, се правела така што предводена од кралот минувала низ две половини од жртвувано куче. Порано тоа бил придружник, значи се минувало низ нешто за да се исчистеле гревовите и нечистата крв. Всушност, овој настан имал свечен карактер, а празникот се нарекувал Ксанидекат, според Ксандос, македонски бог на војската и ритиалот го имал за цел она што ние денес го имаме за цел. Ајде конечно да го тргнеме багажот на се она што 550 илјади луѓе беа осудени во некаква бројка, во која историчарите укажуваат за борбата и војната за независна Македонија. Но, она што  е во овој миг значајно, значаен е етичкиот момент. Затоа, кога ќе го донесеме овој закон ќе мора длабоко да размислува во системот на образование, дали од донесувањето на овој закон ќе мораме, ќе бидеме принудени во системот на образование да имаме како предмет етика. Етичкиот, политичкиот и правниот аспект на општествениот живот односно општественото живеење, меѓутоа, како во овој миг кога го донесуваме овој закон да ја одредиме правната природа на занчењето и местото на лустрацијата во правниот систем.

Затоа, почитувани колеги пратеници, таа во себе мора да има чисти кристално јасни граници, иако сега сме во првата фаза. Да не разговараме со поимот политичка чистка, туку да разговараме со правниот систем и со правниот збор лустрација, односно да не разговараме со зборот кодош, туку да разговараме со зборот поткажувач.

Политичката чистка претставува автоматски отстранување на личности, покрај другото, од јавни функции, затоа што му припаѓале на поранешниот систем, односно на комунистичкиот систем. Но внимавајте и во тој период, луѓето што го работеле тоа мислеле или верувале дека влегуваат во номенклатурата на поранешниот систем и тој, мислеле во тој миг дека тој таков каков што е дефакто точен. Тоа не може да се нарече лустрација туку реваншизам или неототалитаризам, односно неокомунизам. Таа е насочена против некој кој му припаѓал на претходниот систем само затоа што нему му припаѓал во тој миг и тоа е превентивна мерка, со неа се настојува да се спречи на функција да

дојде некој кој ги кршел човековите права, односно во претходниот систем што учествувал односно војувал за токво нешто.

Почитувани колеги пратеници, лустрацијата не дозволува повикување лица на кривична одговорност, тоа не е казна. Тоа нема да се остави на Комисијата која ќе биде одговорна, се разбира тоа ќе се остави на судскиот систем. Методи слични на лустрација имаме и во Втората светска војна. Тоа не е непозната категорија. Во некои земји од Западна Европа, веднаш по паѓањето на фашизмот имале разни дефиниции на тоа како да се оттргнат од тој систем. Во Италија дефашизација, во Германија денацификација. Во источните земји комунистичките чистки имале иста цел, меѓутоа од ден на ден стануваат се порадикални односно се радикализирале. Добивале екстремни форми и облици, поради кои денес се презема таканаречената лустрација во која апсолутно не наговестува и не поучува и Советот на Европа, кој апсолутно ни го препорачува односно ни го препорачува на сите земји од поранешниот комунистички систем. Чистењето на Источна Европа од комунистичките злосторства почнува непосредно пред паѓањето на комунизмот.

Првиот закон за лустрација по паѓањето на Берлинскиот ѕид го донесе Чешкиот парламент во 1991 година и беше на сила до 2000 година. Во Извештајот на Обединетите нации, Комисијата за човекови права констатира дека во Чешка се забележани случаи на лустрација и во 2002 година. Во Словачка секој во мигот со донесувањето на законот кој сакал да се кандидира на јавна функција, според овој закон добивал можност да напише изјава за евентуална соработка со комунистичкиот режим, која потоа се проведувала, доколку се востановело дека тоа не е вистинска личност или е вистинска личност и се изведувала пред суд. Впрочем, ни повеќе ни помалку тоа го укажува и нашиот закон од нашиот предлагач со извештајот односно со оној момент кога ќе има да го потпишуваат личностите моралната обврска, која ќе ја имаат. Во Чешка и во Словачка има обиди за политизација, за манипулација во процесот на лустрација. Во Словачка им било забрането на сите лица на кои вината во процесот на лустрација била докажана, следните 10-тина години да извршуваат јавна функција. Лустрацијата е извршена и во поранешна Источна Германија. Во Албанија законот беше, добро знаете, премногу исполитизиран и беше донесен, за жал, во време на предизборната кампања. Добро е што веднаш само што стартувавме го донесуваме овој закон. Значи и во мигов ја имаме, реторички во мигов, но ја имаме моралната и етичка димензија да носиме закон, не сме пред избори, пред парламентарни и локални, го правиме во време во кое треба да добиеме извештај од Европската унија во октомври и ноември во која се бориме за НАТО Алијансата. Значи, навистина како Парламент, како Влада во овој миг и власта и опозицијата се прочистени од мигот за било каква манипулација во мигов и од медиумите и од соседството.

Ако се сеќавате во Албанија имаше еден пример на Социјалистичката партија, која беше единствена и застана наспроти демократската странка на Сали Бериша, која победи на изборите. Помалку политизирани без законите во Бугарија и во Унгарија. Во Полска по донесувањето на законот се појави список на 240.000 соработници на поранешниот комунистички режим. Меѓутоа, внимавајте, тоа беа најчесто државни службеници. Слично се случи и во Романија. Но, во Полска што направија? Бидејќи чувствуваа дека законот до крај не е дефиниран, тие побараа со предлог донесување на предлог на закон да се појават со име и презиме на виделина лицата. Но, побараа и второто и третото колено на нивните деца, што значи тие апсолутно помогнаа на нивните деца да бидат де факто на силни функции и второто и третото поколение. Сметам дека во Македонија кога ќе дојде миг, веројатно во некои следни влади ќе разговараме и за тој момент. Бидејќи, во Полска се побара имињата и презимињата да бидат објавени во медиумите, затоа што не можеше државата да влезе во европските интеграции токму од тие причини. Бидејќи, веќе беше првото колено одминато, второто и третото на тие луѓе кои не беа лустрирани, ги беше веќе зафатило големите јавни функции.

Лустрацијата, сепак, во себе има еден момент во кој може да ги скрши човековите права, да ги казни луѓето понекогаш и само заради тоа што нивните имиња ќе се појават на списоците, кои можеби се точни, можеби не се и мора, а е и многу корисно да се вгради во процесот на втората фаза на законот демократија, што ќе го изработиме сите заедно со предлог дополни, со амандмани и мислам дека ќе имаме шанса и во дебатата која ја водевме во “Континентал” со дел од луѓето кои преговараа заедно, кои беа во дебата со господинот Андов, дека има место каде што ќе можеме да го искристализираме сите заедно законот. Но, тоа пак покажува дека го охрабрува продолжението на методите кои што ќе можеме заедно да не ги исполитизираме, а ќе биде менталитет на изработка на се она што е спротивно на црни листи, на црни списоци, идеа да се казнат оние кои мислат поинаку и т.н.

Парламентарното Собрание на Советот на Европа со резолуцијата 1096 од 1996 година ни порача и нам, ние задоцнивме, но затоа пак работевме на создавање на поинакви демократски процеси во државата. Интересирањето на политичките досиеа кои ги отворавме, особено кај лицата кои ја минаа тортурата на комунистичките затвори и не е мал бројот на оние кои сакаат да ја искористат нивната содржина како политички капитал за новата борба на власта. Како по некое правило, прашањето за лустрација се актуелизира циклички, главно повторно велам, во екот на

изборната кампања. За жал, поради таквата политичка злоупотреба на досиеата, лустрацијата станува не сакана и опасна работа. Но, во овој миг, повторно велам, сме амнестирани, бидејќи на списокот на предлагачот стојат 91 име, а тоа значи скоро целиот Парламент кој стои зад овој закон. Меѓутоа, ако не го донесевме, верувајте дека тоа ќе беше сериозна фрустрација на сите идни влади и она што ни претставува главна цел, а тоа е Европската унија и НАТО. Мислам дека кај нас во Македонија лустрацијата ќе има нешто поразличен облик во однос на земјите на поранешна СФРЈ и треба да има поинаков облик, како оние од Источна Европа, со оглед на новите воени настани, за жал, почитувани колеги, дами и господа, лустрацијата во Македонија, Србија, Хрватска и Босна и Херцеговина би морала да ги опфати лицата кои ги прекршија човековите права и во воените настани од 1991 година и 1996 година. Тоа е така, се случија и во Србија и во Хрватска и во Македонија, Босна и Херцеговина, и во Косово, за жал, во 2001 година со конфликтот во Македонија. Но, дозволете ако добро се сеќавате во 2001 година многу медиуми без основа, без причина во која ние немавме толку етничка нетрпеливост, тие направија дополнување да постои етничка нетрпеливост со конфликтот во 2001 година. Се случи омраза меѓу албанските партии и македонските партии. Таа јадица ја трпиме и до ден денес, овде, по медиумите, по јавните установи, онаму каде што работиме по министерствата и т.н. Тоа ќе мора да си го решиме сами, тоа е чинот на демократијата и тоа ќе биде чинот на законот за лустрација, кој ќе мораме сами да го решиме. Бидејќи, не ни е извршена лустрацијата, а сме во зачетокот, тоа е сериозен пропуст, бидејќи отустноста го охрабри од друга страна политичкото самоволие, особено во времето непосредно по паѓањето во периодот на еднопартиското владеење. Имавме и нешто друго, имавме лустрација однадвор во нашата земја, како што се активностите на ДЕЛ, бидејќи не беа свесни што е тоа Меѓународната заедница што и фали на Македонија. Меѓународната заедница правеше црни листи, не знаејќи , не сфаќајќи мигот дека тие црни листи не можат да помогнат, туку напротив, дека некој може да профитира од тие црни листи. Затоа, ние треба да и помогнеме на меѓународната заедница со овој закон. Евидентно е дека и одредени луѓе и тоа како се уште го доживуваат теророт од тие таканаречени црни листи. Не се усвои иницијативата за воспоставување на комисии за вистината. Во овој закон ние имаме комисија на вистината. Дозволете што така ќе ја наречам, но многу историчари така ја нарекуваат. Средствата за јавно информирање не ги поставија на дневен ред тие прашања кои беа од примарен и неопходен чин. Интересот на јавноста повеќе беше насочен кон етничките судири во 2001 година и за жал кон социјалните проблеми. Ни се случуваше тоа што ни се случуваше. Невладините институции не беа доволно силни ова прашање да го актуелизираат на прв план. Верувајте, замислете кога тогаш ќе можевме да го донесеме овој закон, веројатно сега поинаку во овој Парламентарен дом ќе беше се поинаку.

За Македонија лустрацијата ќе има исклучително значење, почитувани колеги. Не само затоа што ќе ни помогне во подготовките на Европската унија, туку и затоа што сосема би расчистиле со минатото и со сличните злосторства. Но, во овој миг треба да ги повикаме и меѓународните институции. Тие во овој миг де факто треба да бидат дел, кои ќе помогнат во имплементирањето на овој закон. Не смеат да останат настрана кога ќе го донесеме овој закон. Во тој миг и тие ќе ја имаат прочистената филтрација на демократијата во Македонија.

Иако законот за лустрација би можел да биде идентичен како во другите земји, сепак треба да се има предвид различната историја, традиција и искуства. Затоа, сметам дека одредени решенија во законот треба да бидат поинакви, за да се прилагодат на специфичните услови. При анализирањето на влијанието на комунистичката идеологија во Македонија, ќе треба да се имаат предвид одредени специфичности кои не прават поинакви од другите комунистички држави. Не е спорно дека Комунистичката партија во Македонија го организирала и го раководела Народното ослободително движење. Меѓутоа, таа е единствена политичка сила која го признала македонското национално прашање како посебно и самостојно. Таквото македонско комунистичко раководство имало идентични ставови, како и борците и патриотите кои не биле комунисти, а кои во истиот период беа вклучени во Народно ослободителното движење. Во 1943 година по формирање на АНОК, иницијативниот одбор за свикување на Првото заседание на АСНОМ, раководството на НОБ на Македонија, Кузман Јосифовски-Питу, Страшо Пинџур, Мирче Ацев, Михајло Апостолски имале речиси идентични исти ставови за иднината на Македонија, како и неокомунистите. Кои биле раководствата директно влезени во АСНОМ? Ченто, Брашнаров, Шатев. Историјата на Ченто е таква каква што завршува и со судството и со поротништвото знаете и со Павел Шатев поединечно. Нам, на нив и на нивните семејства ќе биде сериозна одговорноста да им го вратиме моралниот суд и етичката одговорност, особено на семејствата на Ченто. Од тој аспект веруваме дека тие не би дале согласност на активностите на повоеното комунистичко раководство на Макеоднија. Реално и внимателно во јавноста треба да се изнесуваат одредени податоци за злосторствата во Македонија. Речиси се до ослободувањето доминирала идеата за национално ослободување и обединување на Македонија. Сепак, до АСНОМ во Македонската Народно Ослободителна Војна немало повеќе од 6.000 борци. Внимавајте, освен тоа пред почетокот на војната 80% од населението во Македонија е неписмено. Како е можно, реторичко прашање, вистинито прашање,

по војната во Македонија за македонската кауза, за македонската идеа да бидат репресирани 50.000 македонски граѓани, а во 4-годишната борба до создавањето на македонската држава да учествуваат само 6.000 борци. Значи, се работи за 50.000 репресирани семејства. Некои автори наведуваат дека од 1945 година до 1985 година комунистичката власт на Македонија затворила, прогонила и стрелала многумина само затоа што се бореле за самостојна, независна Македонија и за идеите на ВМРО. Притоа, се констатира, ќе кажат историчарите, дека можеби единствен пример во историјата на човештвото некој да биде осудуван од сопствената власт за патриотизам и за љубов кон сопствената држава. Затоа, аршинот од другите комунистички држави од Источна Европа за Македонија треба, почитувани колеги да биде поинаков, бидејќи тука се работело за љубов кон патриотизмот. Конкретно и чесно е да се истакне дека во Македонија имало патриоти кои од Кресна преку Илинден до АСНОМ се бореа за самостојна и независна демократска, граѓанска Македонија. Но, тоа не биле идеалите само на ВМРО или не барем само на ВМРО или само негови. Ако се мисли на идеалите на Делчев, Сандански, Питу или Ченто, треба да се каже дека тие никогаш во тој период неможеле да истакнат каде припаѓале. Тие секогаш велеле припаѓаме на единствена Македонија.

Злосторствата во Македонија, масовните, личните, индивидуалните, мора да се осудат, не само од 1945 година до 1990 година, туку и оние од 2001 година, оние од Пиринскиот дел на Македонија, оние од граѓанската војна во Грција. Меѓутоа, секое злосторство има свои извршители и жртви, време, место, чин, начин, тоа мора да се одгатне. Многу позначајно е какви поуки ќе извлечеме, какви пораки на идните генерации ќе оставиме, особено затоа што покрај жртвите и извршителите, имаше и други фактори. Се наведува дека репресираните од 50.000 луѓе по отворањето на архивите е откриено дека некои од нив имале 3 до 5 досиеа. Се поставува прашањето, ако имало 50.000 репресирани, колку имало, дозволете да го пренебрегнам зборот кодоши, поткажувачи, кои работеле, предавници на службите на УДБА и т.н. Значи, веројатно биле 150.000.

Би сакала да кажам дека е време и место дека Македонија има сериозен демократски капацитет за да го донесе овој закон. Тоа нема да го амнестира никој. Можеби на почетокот ќе имаме грешки во законот, можеби понекогаш ќе има и мали злоупотреби, но со текот на времето тоа ќе се исчисти. Можеби внатре во партиите ќе се прочистат некои нешта и ќе имаме доблест да се лустрираат многу луѓе во партиите, самите себе си, да се повлечат од позициите, да се повлечат некои од родовите кои во мигот можеби тонат, можеби не. Гарантирам во едно или пак верувам во едно, дека секој оној кој дошол на власт по пат на насилство, нема да биде херој да побара прошка за стореното, бидејќи тоа му е единствениот политички капитал, со кој грчевито во овој миг во оваа демократска Македонија опстојува. Има ли некој во мигов во македонската јавност кој верува дека оние кои се збогатија со грабеж и со корупција, ќе имаат желба да спроведат лустрација. Не смееме во едно да дозволиме, да и поверуваме само на Меѓународната заедница и на нејзините црни листи. Мислам дека двојниот аршин и недоследност овие потези ги прават не само недоволни, туку дури и контрапродуктивни. Она што нашиот народ кој го потценуваме, кој далеку е од неук, кој е многу бистар и мудар знае што е лустрација. Тоа е, сепак, почитувани колеги два прста образ. Се зборува за многу повеќе пристојност, многу повеќе морал, многу повеќе чесност на луѓето што работат во политиката и на јавните функции. За жал, таа бара соочување со минатото, но ако тоа ние не го направиме, веројатно ќе го направат нашите деца и нашите поколенија. Не смееме да одиме напред со било која влада со багаж полн со корупција, со криминални дела, соработка со странски и домашни паравојски и со разузнувачки служби. Ако е барање на прочистување, тоа веројатно ќе бара прочистување и на телото и на душата, само со една битка надеж ќе видиме малку зрак светлина на крајот на тунелот. Навистина, нема од што некој да се чувствува засрамен, поради тоа што може да биде дел од лустрацијата. Но, верувам дека и никој нема да биде амнестиран од одговорноста и срамот ако не успееме да изградиме сериозни критериуми како тоа ќе го спроведеме.

Почитувани колеги пратеници, ВМРО-Народна партија силно застана зад овој предлог закон и се надевам дека во втората фаза, јас го прекинувам тука мојот дел, ќе имаме многу повеќе разговори по однос на амандманите кои ние ќе ги дадеме, уште еднаш искрено благодарам на сите колеги кои се потпишаа и на господин Стојан Андов. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Божиноска. Јас само да го потврдам тоа што го кажа претставникот на предлагачите, господин Андов.

Значи, во моментот имаме 90 пратеници кои се потпишани, бидејќи писмото што го добивме од госпоѓа Благородна Цветковска е по втор пат, бидејќи е потпишано еднаш, така да, бројот е 90.

Продолжуваме понатаму.

Има збор пратеникот Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Јас би сакала да го искажам своето мислење околу предлогот за донесување на овој закон, затоа што дебатираме веќе неколку дена.

На почетокот сакам да кажам дека не треба да констатираме дека сме последни од поранешните социјалистички земји, кои што го донесуваат

ваквиот закон. Како што знаете, во Хрватска не е донесен, во Србија исто така, во Албанија не функционира, во Бугарија е донесен но не се применува. Значи, не е доцна и подобро е да се направи нешто, отколку ништо.

Лустрацијата е позната работа не од поново време, уште од многу одамна. Со лустрација почнале да се занимаваат уште по антифашистичката војна, после Хитлер. Таа била позната дури за поранешна комунистичка Југославија, кога народните одбори, им ја одземале народната чест, или им оневозможувале вршење на граѓански права на луѓето кои што соработувале со окупаторот. Исто било и во Македонија, истото тоа се случувало и со нашите соработници со бугарскиот окупатор. Комунистите, значи ги лустрирале луѓето кои што соработувале со окупаторите на овие простори, особено кои соработувале со бугарскиот окупатор.

Значи, овој процес на лустрација се презема секогаш, кога еден систем се заменува со друг систем и тоа се низа мерки, за кои што ќе се определи секој во новиот систем или законодавецот кој што ќе ги преземе према луѓето кои што се огрешиле, или ги кршеле граѓанските права на своите сограѓани.

Јас да ви кажам дека се потпишав меѓу првите можеби, во знак на поддршка на овој проект и искрено да ви кажам бројката од 90 потписници, пратеници, поддржувачи на овој проект, многу ме охрабри, но искрено да ви кажам дискусиите секоја чест на одредени дискусии, но дискусиите кои што имав можност да ги слушнам овие неколку дена од некои наши колеги пратеници, многу ме обезхрабрија. Затоа што сметам дека или не ја разбрале целта на законот, или не сакаат да ја разберат, па со своето искажување тука заклучив дека однапред некои направија лустрација на одредени луѓе, однапред повикаа на репресија, однапред повикаа на осуда, а целта на овој закон не е осуда. Целта на овој закон не е репресија. Целта на овој закон не е да вратиме нешто на фамилиите на кои што им биле прекршени граѓанските права. Целта на овој закон е луѓето кои што соработувале со службите за обезбедување од поранешниот систем да не можат да вршат јавни функции. Значи, што е она што ме обесхрабри. Ме обесхрабрија одредени фрустрирачки говори што ги слушнав, а искрено да ви кажам не сакав да ги слушам, затоа што сметав дека овој проект треба да биде заеднички, дека денеска и овие два дена требаше ние сите овде заедно здушно да помогнеме околу решенијата кои што ни се овде како основа понудени, за да можеме да направиме еден добар закон во кој што ќе бидат вградени цврсти механизми, со кои што прво над се ќе ја постигнеме целта, заради која што го донесуваме овој закон и второ, механизми со кои што ќе оневозможиме овој закон да биде извор, да биде основ, ајде да неречам на нови лустрации. Тоа не смееме да си го дозволиме. Следејќи ги сите дискусии како се одвиваа, јас видов различни по своите искажувања, искажаа различни мотиви, различни цели и различни очекувања од овој закон.

Мислам дека малку требе да се приземиме, мислам дека не треба вакви еуфорични говори и воскликнувања, дури во одредени моменти гордост дека е некој припадник на една партија, дека 1998 година била вистинската демокатија. Па јас сум горда што сум припадник на СДСМ, затоа што таа опција мене ми одговара. Сега што е? Не беше целта овде да се искажеме кој каде и зошто припаѓа, туку дајте луѓе, да го прочитаме овој закон и да кажеме: Република Македонија има потреба од донесуање на овој закон. Република Македонија има потреба од побрза евроинтеграција. Република Македонија ќе лустрира по овој терк. И да ги дадеме своите придонеси кон решението. Сега, еве ги моите придонеси. Јас кажав се она што не ме бендиса изминатите два три дена во дебатите, што искрено ви велам, не очеккував да се случи.

Прво и основно прашање, кое што треба ние овде да го расчистиме, а не да ја чекаме втората фаза. Втората фаза е веќе амандманска расправа. Се даваат сега предлози за можни решенија да можеме да размислиме за втората фаза. Амандманската расправа е брза. Не може тогаш да се разгледуваат до крај, или концептот да се поставува на законот. Основно прашање кое што требаше овде овие два дена да си го поставиме, а не да искажуваме историја од Самоил до денес, туку да кажеме до која мера ќе вршиме лустрација. До кој степен, кои се тие соработници и кој е кругот на соработниците, или дали ќе ги опфатиме наредбодавателите, кои што треба да бидат ставени под одредбите на овој закон. Јас не слушнав ниту еден овде овие три дена да кажат дека овие такстативно наброени носители на јавни функции во член 4 се доволни, со исклучок на господинот Павле Трајанов, можеби и некој друг, со чесен исклучок. Меѓутоа, сите се определија по се изгледа, на сите ни лежи историјата, а не иднината. Со историја, нема да ја решиме иднината. Наместо да се занимаваме и да кажеме овој член 4 доволно ги опфаќа субјектите, носителите на јавни функции, кои што треба да се лустрираат, или не се доволни. Или со овие ја постигнуваме целта, или не ја постигнуваме. Мое мислење, веднаш да ви кажам, затоа што јас така сум учена да дискутирам и повторно ќе продолжам со истиот тон. Мое мислење е прво, да кажам дека овој член треба да се доработи. Ако се определи да лустрираме не само носители на јавни функции, тогаш ќе треба да го менуваме насловот. Паднаа предлози да се лустрираат новинарите, што за мене исто така е добар предлог, затоа што и новинарите се моќна сила. Тие креираат мислење во државата. Понатаму, да се лустрираат според мене сите носители на лица не само носители на функции, туку со јавни овластувања, бидејќи тие се друга категорија на лица, не се носители на функции,

туку се со јавни овластувања и сите оние професии за кои што државата дала дозвола за вршење. Затоа што, со самиот чин на давање на дозвола од страна на државата, значи дека државата има интерес и затоа имаат големи интереси како државата, така и граѓаните.

Значи, тоа е првото прашање кое што требаше да си го поставиме, а никој овие три дена не си го постави тоа прашање. Тоа останува на нас почитувани колеги, да одлучиме ние овде во Парламентот, затоа што ние го носиме овој закон.

Второто прашање кое што требаше да си го поставиме, јас имам многу технички забелешки, меѓутоа, не сакам да одземам време за техничките забелешки затоа што тоа ќе го кажеме и во втората фаза и ќе се согласиме околу тоа. Сега зборувам околу концептот на законот и зборувам околу суштински прашања кои што требаше да се покренат.

Втората работа е, кој ќе биде органот кој што ќе врши лустрација. Три дена слушав, а и јас сум веќе сериозно загрижена дека доколку ја врши лустрацијата комисија, однапред веќе имаме сомнеж за нејзината независност, за нејзината самостојност во вршењето на функцијата.

Според мене, може и Комисијата за верификација на фактите да врши лустрација, но оваа комисија, при изборот на оваа комисија, треба да имаме општ консензус. Затоа што, верувајте, ќе има и од двете страни лустрирани. Можеби од таму кај што се најгласни, можеби и повеќе, затоа што не знаеме, ќе видиме. Ако се одлучиме, постапката да ја води Комисија, тогаш мора да го промениме начинот, прво мнозинството со кое што ќе се гласа Комисијата и овластените субјекти кои ќе предлагаат членови на Комисијата. По мене е подобро да постапуваат и по лустрацијата судовите, затоа што, еве, со реформите во судството, барем очекуваме да биде понезависно, отколку една комисија, која што вака како што е уреден начинот на изборот на членовите на Комисијата, не ми дава за право дека таа ќе биде самостојна и независна. Затоа што Комисијата прво, ја именува Собранието на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, а не е с тавено со кое мнозинство ќе се бира комисијата. Ако е со просто мнозинство или мнозинство од вкупниот број, тогаш е ваше мнозинството и никогаш нема да ја убедите ниту јавноста, сега имам право да зборувам затоа што сеуште е во прва фаза, никогаш нема да ја убедите јавноста дека Комисијата е самостоен и независен орган, па дури и да не го ставите тој господин Тодоровски кој што од многу дискутанти овде беше спомнат.

Понатаму, ако овој концепт го избереме да биде надлежен орган за водење на постапката Комисијата, значи мора Комисијата да се гласа овде со општ консензус, со 2/3 мнозинство, затоа што ако ни е целта навистина вистинските соработници да ги лустрираме, мислам дека нема потреба од пазарење како да се гласа таа комисија. Мора да има учество на сите политички субјекти тука што сме претставени во ова Собрание. Значи, минимум што може да направиме е оваа комисија да се изгласува со 2/3 мнозинство и Комисијата за прашања на избори и именувања кога ќе ги предлага секогаш да има предлог по еден кандидат од сите парламентарни групи. Бидејќи целта ни е иста. Не е да се етикетираме, туку навистина да ги најдеме соработниците со безбедносните служби. Ако се определиме по овој концепт, никако не смееме да дозволиме пред да стане правосилна одлуката за лустрација, или за верификација на фактите што велиме, не смееме комисијата пред оваа одлука да стане правосилна, да објавува во јавни гласила. Јас бидејќи консултирав доста компаративни искуства за оваа материја, најдов бидејќи тогаш Чехословачка го донела законот и почнала многу брзо со лустрацијата, многу амбициозно и таму како пример го даваат еден случај кој што го викаат случај Јан Кован. Тој човек бил дисидент, тој човек живеел во Англија, а бил од тогашна Чехословачка и тој човек испраќал книги на луѓе што не се согласувале со тогашниот систем и кога ги испраќал книгите преку граница го испратил и списокот на луѓето што не се согласувале со тој систем. Практично, тој со тој список ги поткажал, не знаејќи луѓето што не го поддржувале тој систем. А за да биде трагедијата уште поголема, тој човек имал блиски односи со амбасадорот во Англија и Комисијата за лустрација одлучила дека тој човек треба да се лустрира. Меѓутоа, бидејќи таму вградиле во законот механизми, јас повторувам, најмалку сакам да зборуваме за историја, каде што дозволиле да го третираат актот на Комисијата што го донесува како управен акт и да се продолжи судски спор, управен судски спор, а во исто време дозволиле да се води и граѓанска судска постапка. Тој човек бидејќи навистина, свесно не бил соработник со безбедносните служби ги покренал и двете постапки и на крајот се докажало во судските постапки дека тој човек не е свесен соработник со безбедносните служби.

Зошто ова го кажувам. Прво, дека не треба да се брза, второ, дека мора и над Комисијата страшни механизми да вградиме во законот, затоа што не смееме од една неправда да произведуваме уште повеќе неправди. Не смееме од еден основ за лустрација да создаваме уште пострашни основи, можеби подоцна нови лустрации.

Прво, значи треба да вградиме механизми и судски заштити, тука е предвиден управен спор, меѓутоа, ќе кажам околу тоа нешто. Мора да имаме и судска заштита, затоа што лицето кое што смета дека е неосновано лустрирано, покрај управната постапка да си поведе и судска постапка, бидејќи судот може да докажува постоење на факти и во вон процесна постапка. Комисијата, не смее да ја објавува одлуката за лустрација, пред таа да стане правосилна во судска постапка.

Второто прашање кое што требаше да си го поставиме е каков акт ќе донесува Комисијата. Решение, одлука, не е многу разработено, но ви кажувам дека прво треба да се определиме кој концепт ќе го прифатиме. А треба да го прифатиме дали Комисијата да биде, ако биде како ќе ја избереме да гарантираме дека е самостојна и независна и дали понатаму повторно ќе дадеме можност лицето да води друг граѓански спор, покрај управниот, или дали тоа ќе го дадеме на судовите да го вршат. Кој е тој акт што ќе го донесува Комисијата. Секако, се надевам дека е одлука или решение, затоа што само врз основа на управен акт може да се поведе управен спор, како што е тука предвидено. Нешто што не ми е јасно е, дали оваа постапка, ако се одлучиме пред комисијата, ќе се води како контрадикторна постапка со сослушување? Има една одредба каде што се предвидува да може да даде, ако не се согласува, да може да даде своја изјава, или ќе биде чисто инквизиторска, каде што комисијата сама ќе си одлучува? Ова се многу важни работи што ги кажав. Мораме ние да ги расчистиме. Мораме навистина со овој закон да дадеме двојна гаранција, прво, дека оние кои нанеле неправда на граѓанските права во еден претходен систем, нема да им дозволиме во овој рок, што е предвиден, пет години, да вршат јавни функции и втор механизам, јаки механизми, каде што неосновано нема да произведуваме лустрирани лица. Значи, нема да повредуваме нови, затоа што овој закон може да излезе како меч со две острици.

Ако се определиме за комисија, да ја води оваа постапка, треба да се согласиме, сето она што значи нејзин мандат, можеби и од предлагачот, можеби само сакал да даде појдовни основи, но по природа, секогаш кога донесуваме закони, од прилика решенијата се даваат такви какви што ги замислил предлагачот. Сметам дека преодните и завршните одредби треба сериозно да се доработат, затоа што се во колизија, сега да не одземам време, да оставам и другите дискутанти да се искажат, во сериозна колизија со останатите напред дадени одредби.

Покренав суштински прашања, остана да се размислува, па мислам дека е потребно кон овој малку јавна дебата, околу овие две клучни прашања, тоа е кругот на лица што ќе се лустрира и постапката или механизмите за да не создаваме основ за неосновано лустрирање. Очекувам дека ќе има дебати, не на историски теми, затоа што историјата не ни помага сега. Туку, точно на расчистување на овие покренати прашања за да можеме да донесеме квалитетен закон што ќе ги задоволи очекувањата, што навистина треба да ги даде, а не секој поединечно, лични очекувања што имаме. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Иванова.

Има збор претставникот на предлагачите, господин Стојан Андов. Повелете.

**Стојан Андов:** Еден дел од прашањата што ги постави и дилеми што истакна госпоа Ивановска, фактички не можам сега да одговорам, бидејќи треба сите мислења и на другите пратеници да ги видиме, па потоа ќе одговориме.

Опфатот, тој беше вака замислен, па ќе видиме после сите расправи и сугестии што ќе ги имаме, како ќе биде тоа.

Што се однесува до начинот на донесување на изборот на оваа комисија, одлука за избор на комисијата, исто така ќе видиме како ќе биде. Ние мора да избереме комисија во која што максимално ќе се верува. Тоа е сигурно. За да овој проект успее. Затоа ќе видиме кој критериум, кој начин и избор ќе го утврдиме.

Инаку, другите прецизности, дали ќе донесува одлука, се разбира. Таа донесува одлука за поединечен случај, а му врачува решение на странката, да речеме.

А, дали ќе биде тоа инквизиторска, т.е. само да му го соопшти тоа кога ќе дојде, овде веќе стои дека има право да ги изнесе своите оценки, своите ставови дали прифаќа или не прифаќа. Ако каже дека тој ќе се упати на спор, во тој момент се запира, така стои тука, до постапката, така што не може да биде објавувано без завршување на судскиот спор.

Сите други предлози што ги даваше сега нема да ги коментирам, бидејќи ги собираме сите предлози што се даваат. Само мислам дека нејзините предлози сега беа од голема помош. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Андов.

Госпоѓо Иванова се пријавувате за реплика?

Госпоѓа Иванова, бидејќи Андов зеде збор за дообјаснување како претставник на предлагачите, имате право да му реплицирате ако сакате. Повелете.

**Цветанка Иванова:** Јас не очекував господинот Андов, како предлагач, или прв потпишан, затоа што овој проект е веќе на 90 пратеници, не очекував да ми одговори, затоа што се ова мои дилеми. Добро е вака да искажуваме дилеми. Така ќе поттикнеме сите да размислуваме и да најдеме подобро решение.

Во инквизиторската постапка или контрадикторната, само една одредба не е доволна, каде што се вели дали ја прифаќа или не ја прифаќа изјавата. Дали ќе се даде можност на странката што се лустрира да ги искаже, да носи сопствени докази, но за тоа подоцна. И ова е едно отворено прашање за кое што треба да размислиме.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Топузова Каревска Роза. Повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници,

Мојата дискусија ќе ја почнам малку поинаку од она што до сега беше кажано. Скоро сите пратеници кажаа дека е добро што овој закон е поддржан од 90 пратеници на овој парламентарен состав. И јас го делам нивното мислење. Но, на почетокот би сакала да се задржам и околу процедурата, затоа што ние, мораме да признаеме, многу често имаме проблеми со процедурата во која што се носат закните во овој Парламент.

Имајќи го предвид фактот дека околу овој закон веќе беше одржана една трибина и врз основа на мислењата од таа трибина, секако дека користејќи ги компаративните искуства, предлагачите, пред се господинот Андов како овластен предлагач ни доставија еден Предлог за донесување на закон и потоа, ние сега можеме тука да дебатираме, да ги искажеме сите наши забелешки. Потоа, што е уште подобро, што би трабало да се случува со сите закони што се од вакво значење, како што е овој закон, ќе биде отворена јавна расправа на која што ќе можат да земат учество експерти од различни области, да го кажат своето мислење, да придонесат во голема мерка да се подобри текстот на законот, се со една единствена цел да тој може многу поефикасно да се имплементира понатаму. Затоа што не смее да ни се случи она што се случило во многу земји во нашето опкружување. Тука ќе ги спомнам Романија, Бугарија, па дури и Албанија првиот Закон е неуспешен.

Ние мораме да донесеме закон што навистина ќе можеме до крај да го имплементираме и да ги даде резултатите што од него се очекуваат. А, тоа ќе го постигнеме, до колку во неговата финална изработка бидат земени во предвид како мислењата што се слушнаа овде, во оваа сала, иако, да бидам искрена, освен последната дискусија од колешката Иванова и дискусијата на господинот Павле Трајанов, јас и не слушнав некоја голема конструктивност во прилог на подобрувањето на понатамошната верзија на Предлогот на законот. Меѓутоа, слушнавме се друго, а најмалку тоа што треба да биде овој закон.

Почитувани колеги пратеници, можеби некој кажа дека е доцна за носење на овој закон. И јас ќе кажам дека е можеби малку задоцнето. Но, од друга страна подобро е некогаш да се донесе овој закон во Република Македонија, отколку воопшто да не се донесе.

А, зошто велам дека и не е доцна. Затоа што овој закон го гледам како закон што треба да биде за иднината на Република Македонија, а не закон со кој што треба да се свртиме кон минатото. За жал, почитувани колеги, во многу од дебатите што се водеа во ова Собрание, повеќе се посветивме на минатото отколку на иднината.

Јас не сакам да бидам погрешно разбрана. Не би сакала никој да се откаже од своето минато. Впрочем и мојата професија е таква, да се бавев до сега со минатото на нашата земја и на нашиот народ, но овој закон, ќе погрешиме, ако го гледаме како закон што треба да го посветиме на минатото и исклучиво на некои процеси во периодот после 1945 година, за што овде долго се дебатираше.

Во никој случај не смееме законот да го сфатиме дека токму со него, исклучиво само со него ќе се исправи некогашната историска неправда и на семејствата и на лицата прогонувани и репресирани за идејата и осудувани за идејата за самостојна Македонија, со овој закон ќе можеме да им се оддолжиме. Впрочем, почитуван колеги од ВМРО-ДПМНЕ, вие заборавате дека од 1998 до 2002 година ве бевте на власт. И, не знам зошто сега такви дискусии во таа насока. Ако тогаш сакавте да мислите на овие луѓе, имавте можност тоа да го направите, не со ваков закон, туку со многу други закони што навистина ќе се обидевте, барем до некаде, да им го вратите достоинството на сите луѓе кои сега ги спомнувавте, прогонувани и осудувани за идејата за самостојна Македонија. За жал, вие тоа не го направивте. Сега, наместо да се сконцентрираме што овој закон треба да претставува и што со него не смее да се направи, ние говориме за нешто, можеби сакате да си ја олесните совеста, па говорите за нешто што не сте го направиле во овој изминат период, а обвинувајќи ги исклучиво другите.

Но, да се вратиме на законот.

Јас, почитувани колеги, кажав дека очекувам со овој закон во голема мерка да се придонесе за демократизација на земјата и во иднина да се остави простор за поголем просперитет на Македонија.

Тука ми се наметнува една дилема и јас би била малку поразлична од колешката Иванова, затоа што сметам дека не судовите, туку токму комисијата, што ја избира и разрешува Собранието, треба да биде таа што ќе ја спроведува лустрацијата. Затоа што сметам дека лустрацијата, иако секогаш мора да се спроведе како законска мерка, сепак треба да претставува израз на парламентарната волја. Со 90-те потписи, всушност, докажавме дека потребата од еден ваков закон е израз на парламентарната волја на најголемиот број пратеници.

Но, исто така и кај мене се наметнува една дилема. Како ќе биде избрана оваа комисија? Кажав дека ова не е финалната верзија, па токму заради тоа и сега дебатираме, но како ќе биде избрана оваа комисија и на кој начин ќе ја избира Собранието? Дали со просто мнозинство, дали со 2/3 мнозинство или ќе бидт потребни 61 глас? До колку не се направи да оваа комисија се избере со 80 гласови, тогаш ќе сметам дека навистина таа комисија ќе биде избрана само по мерка на парламентарното мнозинство и, имајќи ги предвид некои од денешните дискусии, и овој начин на бирање, тогаш имам за право да кажам дека навистина, тоа што го слушавме кај медиумите, преку медиумите, дека навистина владеачкото

мнозинство планира да стави личност, веќе одамна планирана, на оваа функција за претседател, личност која има пристап до досиејата во 2000-та година што се префрлени во Архивот на Македонија и, можеби, злоупотребувајќи ја и својата функција, да веќе однапред каже дека има многу луѓе кои ги знае на високи политички функции, кои веднаш по донесување на законот ќе бидат опфатени со законот за лустрација.

Затоа, почитувани колеги сметам, за да ни успее лустрацијата, од суштинско значење е како ќе се спроведе и кој ќе ја спроведува лустрацијата.

Уште еден услов за да имаме успешна лустрација е и тоа да се има јасни критериуми за одговорноста. Не смееме да направиме грешки, не смееме да ги повториме грешките, па затоа мора да се допушти можност за одбрана и рехабилитациа.

Сега, имам уште некои дилеми што би сакала да ги искажам.

Како ќе се спроведе лустрацијата? Како после 15 години ќе се откријат доставувачите на информации, до колку сите ние овде слушнавме, најголем дел говореа дека тие досиеја што сега ни се достапни, се прочистени. Што знаи дека ќе оставиме само на носителите на јавни функции, со потпишувањето на изјавата како морален чин да кажат дали биле соработници или не биле соработници на тајните служби во бившиот, па и сегашниот систем.

Почитувани колеги пратеници, меѓутоа, мора да бидеме многу внимателни, затоа што лустрацијата, во никој случај не смее да биде чистка. Таа треба да биде насочена кон оние кои пред се ги кршеле човековите права, без разлика дали биле тие на некоја функција во минатото или не биле.

Според тоа, основа за лустрацијата треба да биде кршењето на човековите права. Но, важно е, исто така и да се почитуваат и човековите права на оние кај кои се утврдува дали ги кршеле човековите права и да им се овозможи на овие луѓе да се бранат по судски пат, што ќе каже дека во никој случај не смееме сега да дозволиме лустрацијата да претставува некој средновековен столб на срамот, туку исклучиво треба да се спроведе во една законска процедура. Или пак, уште полошо, да претставува, како што беше спомнато, инквизициска постапка, без право на одбрана.

Мора да запомниме дека лустрацијата е правна мерка и мора да се спроведува секогаш во една правна рамка. Се што е надвор од тоа, кажав, сакајќи да исправиме една грешка, ќе направиме друга, што не нуди ништо на Република Македонија. Напротив, може да и нанесе повеќе зло отколку добро.

Јас исто така сметам дека е многу важно лустрацијата да се спроведе кај сите личности пред да стапат на функција. Можеби од тој аспект, навистина и малку е доцна ова што сега го правиме, затоа што, ако тоа е направено, со тоа ќе може да се спречат уцени или оптужби врз тие лица што секако може да резултира со дестабилизација на политичката ситуација. Ваков случај имавме во Полска. Затоа велам дека е многу подобро лустрацијата да биде направена на лицата пред да стапат на функција. Но, со оглед дека овој закон го носиме после 15 години, ќе мораме да постапиме онака како што времето ни налага.

Уште еден аргумент за тоа дека треба да бидиме многу внимателни при постапувањето со овој закон е дека документите на тајните служби можат да бидат и непотполни, а уште пострашно и во голем дел изманипулирани. Така да не смее во тој случај лустрацијата да се употреби како политичко оружје против опозицијата, туку напротив таа да биде еден процес исклучиво за расчистување со негативните појави од минатото.

И јас се согласувам дека од овој процес навистина не смеат да се изостават медиумите и образованието.

Исто така уште поопасно е од овој закон да не се имплементира, поопасно е да се имплементира и да им се препушти улогата на тајните служби да имаат контрола на самиот процес на лустрација. Тоа би било најпогубниот момент за кој што мора да водиме сметка и во идното решение на законот да биде имплементиран.

Сосема на крајот ќе кажам дека уште еден момент кој што треба да се земе во предвид е тоа дека покрај доставувачите на информации со прочистениот текст кој што ќе ни биде доставен да бидат опфатени и корисниците на документациите односно на информациите.

И сосема на крај почитувани колеги, јас очекувам со овој закон не да се разделиме и повторно да дојде до израз нашиот синдром на делби и поделби, туку напротив да се обединеме во идејата за да исправиме една историска грешка, но не со цел на некого да му се осветиме или некого да го рехабилитираме, туку напротив да ги ослободиме демократските процеси и Македонија од овој процес треба да излезе поперспективна, да се створи простор за нејзиниот економски напредок, да се отворат широко вратите за пристап кон НАТО и евро интеграциите, затоа што почитувани колеги пратеници јас сметам дека овој закон им го должиме на нашите граѓани неговата имплементација и им го должиме на идните генерации кои што треба да растат и живеат во Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Роза Топузова Каревска.

Реплика на вашиот говор има пратеникот Оливер Шамбевски. Повелете.

**Оливер Шамбевски:** Господине потпретседателе не е ова реплика, ова е едно мало појаснување. Реплика не може да биде бидејќи навистина, со најновиот допис што го добивме 92 пратеника го

поддржуваат овој закон. Значи, станува збор за едно мало појаснување.

Имено, станува збор за една фама што се крева овие денови околу тоа дека досиејата биле во Архивот итн. Јас заинтрегиран од ова направив едно мало истражување што практично се наоѓа во Архивот и дојдов до сознание дека таму се наоѓаат само досиејата на жртвите кои што биле прогонувани за идеите на независна Македонија. Значи, да бидеме на јасно, таму се наоѓаат досиејата само на жртвите, додека досиејата и мрежата на информатори, кодоши итн сеуште е во посед на ДБК. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Шамбевски.

Контра реплика од една минута има Роза Топузова Каревска. Повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Не сакам на мојата дисккусија да и се даде ваква конотација и навистина се обидував во сосема поинаква насока да насочам, но добро, дури и да е така како што се кажува јас навистина не сум видела ниту едно досие и не сум се бавела со досиеја во животот и не знам што содржат тие досиеја. Дали таму се вметнати имињата на тие кои што ги доставувале информациите, но не е добро однапред да се знае, да се пушта во јавноста кој ќе биде претседател на таа комисија. Не е добро за Владата на Република Македонија, не е добро за парламентарното мнозинство и не е добро за Република Македонија.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор господинот Тито Петковски. Повелете.

**Тито Петковски:** Господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Мислам дека е добро што собравме сили и концентриравме политичка волја да донесеме еден ваков закон. Не би се занимавал со тоа кој колку повеќе е виновен зошто законот не е донесен, која политичка гарнитура, кој состав на Парламентот, кои политичари. Битно е што Република Македонија во овој момент е подготвена да се соочи со минатото. Да се соочи се петната, некои тоа што ни сугерираат, Меѓународната заедница на самиот старт околу македонските амбиции меѓу другото говореа дека Македонија треба да има едно институционално, правно, вистинско соочување со минатото токму заради тоа да не ни се повторуваат слични работи со иднината и да можеме да одговориме на стандардите со кои што европските земји, или оние кои што станаа сега членки на Европската унија располагаат во сферата на човековите права.

Значи, проблемот, на самиот старт. Се согласувам со сите оние што сметаат дека тој треба да се лоцира во сферата на човековите права. Таму каде што се кршени поради поддршка на репресивен систем, режим, таму едноставно треба да се направи морална сатисфакција бидејќи лустрацијата по дефиниција е морална категорија. Од Римското право уште се третира како чин на прочистување, меѓутоа од морален аспект.

Значи, апсолутно ги поддржувам сите оние колеги кои што апелираа дека овој закон не смее да продурица односи кои што ќе не доведат во сфера на реваншизам, политички, или ако сакате чистки. Тоа на Македонија не и е потребно. Ние едноставно немаме право како политичари, како политички партии да и ја одземаме иднината на државата и нејзините амбиции да бидеме еден ден членки на тој, како што вообичаено говориме цивилизиран свет. Да обезбедиме еден цивилизиран простор на сите, меѓутоа еден цивилизациски простор за сите, но низ една цивилизирана дебата. Мислам дека навистина овој закон е добра прилика како понатаму Парламентот треба да работи.

Сега што неколку дена се води како дебата треба да биде зајакнета, јас би рекол засилена уште и со расправите на невладините организации. Да се вклучат дури и оние организации на луѓе кои што се репресирани, или кои што биле жртви. И тие организации, еснафски организации да се вклучат во дебатата по овој закон. Да повикуваме и луѓе од МАНУ, експерти и домашни и странски со единствена цел да не ни се случи повторување на лекциите од минатото, а Македонија најчесто е споменувана на овој наш пат кон Европа како држава која што не ги учи лекциите од минатото. Дури имавме можност и минатиот пат господинот Оли Рен да ни ја повтори таа реченица. Значи, тоа што се однесува за сегашно време.

Затоа сметам дека текстот на законот е провокација своевидна за творците да го концентрираме целокупниот наш креативен ум со кој што располагаме како држава и да го ставиме во функција на донесување на еден закон кој што ќе биде правичен. Кој што едноставно ќе ги доведе во рамнотежа очекувањата на луѓето према кои биле нанасени големи неправди во минатото, но едноставно ќе го спречи натамошното присуство на политичката сцена на луѓето кои одржувале репресивен систем, или кои што се бавеле со онакви активности за кои што досега овде говориме. Затоа и треба да бидеме многу внимателни.

Некој колеги во својата дискусија туѓи зборови се обидоа да ги присвојат како свои и ги кажаа овде како свои. Јас сакам да предочам на една анализа која неодамна имавте можност сите на интернет да ја прочитате што ја направи госпоѓа Тина Розенберг, инаку аналитичар на сите овие лустрациони процеси во Источна Европа и за да не импровизирам ѓе ги прочитам само поентите од нејзината анализа. Таа вели вака: "Поради тоа што лустрацијата ги крши правата на луѓето казнувајќи ги, понекогаш и само затоа што нивните имиња се појавиле на некои листи кои можат, но и не мора да бидат точни верувам дека не е корисно низ лустрацијата да се гради демократија. Лустрацијата го охрабрува

продолжувањето на некои од комунистичките методи, како што е политизација на законите, менталитет на правење на црни листи, идејата оние кои мислат поинаку да бидат казнувани и слично". Значи, овој закон не смее да биде политизиран. Тука имаше дискусија и јас тоа не сакам да го повторувам. Искуствата се лоши во обидот да се даде политичка димензија и на законот особено на телата кои што ќе бидат задолжени да го спроведуваат, да го имплементираат законот во пракса.

И кога гледав како е можно да правиме помалку грешки ги имав предвид искуствата на сите земји кои го минуваат патот низ кои што треба да помине Македонија. Признавам дека најблиску од сите можно закони и начин на кој што е уредено прашањето на лустрација е она што го направи Унгарија. Претпоставувам дека и предлагачот имал можност да ги консултира сите тие закони, имавме можност да ги видиме на дебатата што ја организиравме и верувам дека ќе има многу исти и слични такви дебати, ќе се поканат релевантни личности, но за наши потреби овде и заради контексот чувствувам за потреба само неколку поенти да потенцирам од овој закон.

Унгарскиот закон е донесен 1994 година. Според тој закон постапката за лустрација ја покренува трочлена комисија за лустрација која ја избира државното собрание. Членови на комисијата се судии кои пред да станат членови на комисијата биле подвргнати на проверка онака како што тоа го предвидува законот. И тоа пред посебна комисија на државното собрание.

Комисијата за лустрација во својата работа е независна. Кога комисијата ќе покрене постапка против некое лице должна е со тоа да го запознае лицето, да го информира за понатамошниот тек на постапката.

Лицето има право да се појави пред комисијата и да ги изнесе своите аргументи.

Кога комисијата ќе донесе мериторен суд лицето има право на жалба.

Унгарскиот закон опфаќа само проверка на личности кои заземаат важна положба, па се набројува, пратеници во државното собрание, претседателот на републиката, судиите на уставниот суд, она што некои колеги и колешки говореа, колешката Иванова зборуваше дека не се опфатени една категорија на граѓани, претседателот на Народната банка, амбасадорите, командантите на унгарските вооружени сили, државните секретари, градоначалникот на главниот град, ректорите, деканите, шефови на катедри, судии, јавни обвинители, директори на стопански организации и банки.

Се применува и претседатели на управни одбори, генерални директори, уредници на поважните весници. Овде стои според унгарските стандарди "сите дневни и неделни весници поголеми од тираж од 30 илјади примероци", ние не можеме де се држиме на тоа бидејќи нашите весници сите заедно дали го достигнуваат тој тираж, нека ми простат новинарите, има некои дневни весници да, но неделните се многу скромни.

Сакам да сугерирам неколку забелешки кои предлагам во конечниот текст кога ќе се изготвува предлогот на законот би било добро да се разгледаат и доколку "држат вода" и да се интегрираат во законот.

Прво, еден од битните предуслови да успее процесот на лустрација е јасното разграничување помеѓу сторителите на идеолошко и политичко мотивирање, кршење на човековите права од нивните жртви. Тоа апсолутно недвосмислено мора да изнајдеме најјасен недвосмислен текст во законот што тоа ќе го овозможи.

Второ, да се изнајде механизам да избегне персонализација на одговорноста на лица кои биле условувани, заплашувани и на друг начин принудувани да соработуваат со структурите на тајната полиција. Нешто за тоа говореши и господин Павле Трајанов, лица кои без своја волја морале да станат информатори на тајните служби.

Трето, има потреба од проширување на процесот на лустрација, се разбира доколку биде усвоен овој закон. Дел од тоа сугерираше и дискутантката пред мене со внесување на лустрациони одредби и во други законски прописи. На пример во Законот за медиумите, за универзитетите, за образованието, па и за правосудството.

Четврто, да предвидиме можност за индивидуална одбрана и рехабилитација. Во законот не е прецизирано на колкав временски период лицето за кое комисијата утврдила дека соработувало со структурите на тајната полиција ќе биде лишено од можноста повторно да се кандидира. Таму еден период од пет години со некои услови. Тоа треба да го прецизираме.

Петто, законот се однесува на лица кои соработувале со безбедносните структури односно на лица кои не се дел или дирекно инволвирани во тие структури, што значи дека тие не биле директно инволвирани во кршењето на човековите права. Што е со директните извршители и нарачатели на политички идеолошки мотивираните процеси со кои се кршени човековите права. Мора многу попрецизно тоа да го уредиме.

Шесто, пожелно е составот на комисијата, заради онаа компаративност што имав можност да ја видам, сепак да биде составена од судии, правници, но во ниеден случај не смеат да бидат лица препознатливи идеолошки, па ако сакате дури и партиски блиски до некоја политичка партија. Такви луѓе нема да имаат кредибилитет и нема да дадат гаранција за сите граѓани дека крајно одговорно ќе ја вршат својата работа. И јас исто така мислам дека лоша услуга им правиме и на луѓето, некои се споменуваа овде, лоша услуга

на тие луѓе им правиме. Значи однапред ги промовираме за да ги дискредитираме, јас така мислам, а некои мислат за да ги заплашат политичките конкуренти. Значи, јасно препознатливи политички за да не добие политизација целиот процес. Процесот го спроведуваат луѓе. Тие имаат своја идеолошка одредница, имаат своја политичка припадност, си имаат свое убедување, гласаат на избори и јавно не ги кријат своите партиски, па и својата политичка припадност. Ако можеме да обезбедиме неподелени авторитети врз основа на мнозинство за кое што ќе се договориме процесот ќе има кредибилитет и одлуките ќе бидат прифатени кај граѓаните апсолутно како авторитетни.

Понатаму, значи предлага сепак тоа да бидат судии, врвни судии, судии докажани во праксата по својата чесност и правичност и правници, ако не најдеме такви.

Седмо, член 17 од Предлогот на законот, кој се однесува на лица кои не можат да бидат членови на комисијата за верификација на фактите, неговите органи да бидат проширени односно да се однесува и на лица за кои се води истражна и кривична постапка, до завршувањето на постапката.

Осмо, откако комисијата ќе утврди соработката на дадено лице, кандидат или носител на јавна функција со безбедносните структури пожелно е пред да ги објави неговите податоци во “Службен весник” да му даде можност самиот да се повлече од кандидатурата, или позицијата на јавен функционер, она што го имаат и Чешкиот и Унгарскиот закон. Доколку тоа го стори да се зачува тајноста на неговите лични податоци т.е. да не бидат објавувани во “Службен весник”. Во спротивно секој од податоците да бидат јавно објавени. Впрочем, некој лустрацијата секаде ја дефинираат како категорија народот мора да знае се, особено за своите претставници во институциите на власта. Заради тоа и мора да се заштити кредибилитетот на личноста на луѓето независно дали се фрла само сомнеж, или има апсолутно непобитни докази дека такво нешто работел за време на својата политичка кариера, или во вршењето на јавна функција.

Да заклучам овој закон и треба на Македонија и јас лично и Нова социјал демократска партија го поддржуваме. Очекуваме да се води една квалитетна, широка јавна расправа, да се отворат сите прашања, да се види и предноста на решенијата во законот и оние што ги нудат, и експертската јавност и невладините организации, и здруженијата на луѓето репресирани или кои што имаат последици од поранешните режими итн. Да донесеме еден закон кој ќе биде во функцијата на легитимирање на Македонија како сериозна држава во очите на Европа и Меѓународната заедница. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Петковски.

Има збор пратеникот Насер Ајдини, повелете.

**Насер Ајдини:** Благодарам господине потпретседател,

Бидејќи и јас сум потписник на овој Предлог закон, сакав да кажам нешто во однос на овој Предлог закон.

Во однос на Предлогот за донесување на закон за определување на дополнителен услов за вршење на јавна функција би сакал да изнесам некои мои забелешки кои, по мое мислење, имаат посебно значење.

Со жал можам да констатирам дека овој Предлог закон ги засегнува само лицата кои се евидентирани во досието на Службата за државна безбедност како тајни информатори во текот на оперативното собирање на информациите кои биле предмет на обработка од соодветните државни органи.

Зошто велам за жал, како што знаеме сите уште од првата седница на АСНОМ на 2 Август 1944 година од органите на воената безбедност и цивилната земени се на информативен разговор илјадници луѓе кои биле или во својство на обвинети или во својство на сведок.

За да се докаже невиноста на некој, вработените во овие органи не избирале ниту средства ниту начин само за да се дојде до формата за обвинување и осудување на оној кој бил цел на органот.

Често пати се случувало на пример некој кој бил поканет како сведок во истражна постапка која траела по некогаш цели денови и во потполна изолација. Значи, соодветно на тоа да се донесе доказ со присилба, со физички притисок, со разни уцени и, се разбира, кога органите немале успех, тогаш на сведокот му нуделе две можности или да потпише изјава или подготвен записник од страна на вработените во Службата за безбедност или да се претвори во обвинето лице и да се осуди и обвини со неколку години затвор.

Тој сведок кој прифаќал да потпише еден таков записник потоа бил уценуван и на така наречен пријателски начин му се сугерирало да стане информатор на органот без негова желба.

Понатаму имаме случај кога граѓаните не прифаќале да станат соработници на безбедноста, меѓутоа Службата го ставала во картотеката на соработници информирајќи ја јавноста преку своите вистински кодоши дека токму тој е информатор се со цел да го оцрнат пред семејството и пред луѓето.

Од ова што го кажав како илустрација следи заклучокот дека некои лица кои воопшто немаат врска со соработката со органите за безбедност излегуваат како кодоши, а од друга страна тие кои навистина се кодоши се кријат зад разни прекари и тешко да се демаскираат. Тука се поставува друго прашање со посебно значење од една страна ние со овој Предлог правиме како да ги откриеме вистинските кодоши и информатори со

цел намерно или не и кои нема да имаат можност не само да бидат носители на политички функции, туку нема да можат да бидат ни раководни службеници. Се разбира овие мерки се потполно во ред до колку се преземат мерки против вистинските информатори кои со своето дејствување влијаеле на другите лица да им се згазат основните права да се осудуваат и во такви монтирани процеси многумина за крвни деликти или “против револуционерно обединување и нарушување на јавниот ред и мир”. На истите им предизвикувале многу болка, многу страдање и многу тага, со еден збор потполно им го уништиле животот. Такви случаи имаме со илјадници уште од АСНОМ, демонстрациите од 1968 година, од 1981 година, од 1987 година, 1988 година до моментот на растурање на поранешна Југославија, за жал и во нашето демократско општество што се подразбира претставува анахронија која е со ист грев.

Од друга страна извршителите и многуте негативни лица кои работеле во својство на вработен инспектор или шеф на органот за безбедност било да е цивил или воено лице кое, раководејќи се дека работи во согласност со Уставот и законите, реално дејствувале арбитрарно газејќи ја секоја можна законска норма, морална норма и воопшто не се засегнати со овој Предлог закон.

Значи, тие слободно утре можеме да ги имаме како политички фигури, како пратеници, како министри, директори, државни службеници, раководни службеници и друго. Ова подразбира дека главата треба да се награди, а опашката треба да се казни.

Како што знаете, зборот лустрација во античко време имало значење на церемонија која е за прочистување на луѓето, на куќите, на полињата, на војската. Истовремено овој поим се користел и како поим кој подразбира и морално прочистување, жртвување за да се прочистиш од лошото.

Се поставува прашање што прочистуваме или расчистуваме со овој закон?

Второ прашање дали сакаме закон кој е добар за лустрација или само да го донесеме реда ради колку да кажеме дека ете сме донеле закон и работата е завршена.

Како заклучок, за да не ви одземам повеќе време, почитувани пратеници, мислам дека Предлогот вака како што е поднесен не е целосен и следствено на тоа треба да се надополни со гореспоменатите забелешки. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ајдини.

Како последен пријавен е господинот Ќенан Хасипи, повелете.

**Ќенан Хасипи:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Општа е констатацијата барем на овој собраниски состав дека законот за определување на дополнителен услов за вршење на јавна функција популарно наречен лустрација дефинитивно ќе види бел ден.

Пред малку господинот Андов констатира дека околу 90-тина пратеници го дале потписот на овој Предлог закон кон кој се вклучивме и јас и пратеникот Хади Незири во име на Демократската партија на турците на Македонија.

Значи, на овој начин ќе покажеме дека и ние дефинитивно одлучивме да го напуштиме наследството на поранешните тоталитарни режими и дека јавно и јасно ќе се дистанцираме од злосторствата во поранешните тоталитарни системи.

Независно што ние го правиме меѓу последните, дефинитивно ќе го симнеме тој багаж на тоталитарната идеологија во која подеднакво страдаат сите оние кои не се вклопуваа во тие идеолошки стандарди, независно дали бил Македонец, Албанец, Турчин, Србин, Ром, Влав, Бошњак или припадник на некоја друга етничка заедница.

Оттука, безпредметно и илузорно е да расправаме кој повеќе страдал, пател, бил прогонуван, затворан, понижуван, шиканиран. Тоа беше разработен систем кој некаде се нарекувал Архипелаг Гулак, а некаде Голи Оток. Меѓутоа, она што е посебно интересно, што кодоши имало меѓу припадници на сите етнички заедници, независно што тоа некој го правел од идеолошки причини додека другите биле принудени тоа да го прават.

Припаѓам на генерацијата која дел од животот го проведе во тој систем и независно што не сум членувал во тогашната комунистичка партија, сепак секојдневно и непрекинато бевме изложени на перење на мозокот со говори, тестови, списанија, учебници, усмени сведоштва за големината и праведноста на тој систем за кој подоцна ќе се покаже дека страдале милиони луѓе. За да се оправда еден експеримент во кој спротивно на природата на човекот на вештачки начин ќе се обезбеди еднаквост на сите и за сите. Систем во кој ќе одумре религијата во име на возвишената идеологија конструирана во главите на тогашните татковци на нациите.

Врските меѓу државите со комунистичка идеологија беа неопходни за да се интернационализира возвишената идеологија, а паралелно со тоа тајните служби применуваа исти или слични методи за да се маскира бедотијата на тој систем во кој немавме право да размислуваме затоа што некој друг мислеше за нас.

Беа шпиунирани и изложени на тортура милиони луѓе. Цела апаратура работеше на досиејата на тие луѓе се со цел да се обезбеди функционирање на еден систем кој продуцираше страв и сиромаштија.

Освен тоа со најгруби методи се менуваше етничката карта на цели држави. Се протеруваа

цели народи, модел кој успешно се применуваше во тогашниот Советски Сојуз, а веродостојно се копираше и на други простори. Доволно е само да потсетам на егзодусот на турското население од 50-тите години потпомогнато со обилна психолошка пропаганда на бројни кодоши.

Секој обид да се негуваат верските особености барем во еден период беа третирани како реинкарнирање на нешто што е назадно, спротивно на возвишеноста на пропагираната идеологија.

Затоа најразличните движења и здруженија формирани исклучиво да се задржат јазичните, верските или етничките особености на припадниците на одредени заедници беа третирани како опасни елементи кои се насочени кон рушење на режимите за кои идеолозите велеа дека е совршенство на човековиот род.

Страдаа илјадници луѓе кои со монструозни конструкции и со диригирани судски постапки беа убивани или труела по казаматите под до тогаш не видени тортури. Можеби ќе треба да размислиме како да ги рехабилитираме тие луѓе кои биле жртви на таквите режими.

Имав прилика за голем број од нив да прочитам дел од сведоштвата на очевидците и преживеаните од тој период. По истите казамати трулеа луѓе припадници на најразлични етнички заедници кои судбината ги споила да се дружат во тие затвори. Меѓу нив беа и голем број припадници и на таканаречената Организација Јуџел чии членови беа прогонувани или затворани, па дури и осудувани на смрт поради клевета за ширење на турски национализам или за наводна соработка со окупаторот.

Во интерес на вистината би сакал на еден објективен начин да се расветлат ваквите прогони независно кон кои се наменети за да не ги труеме младите генерации.

Втора работа по мене е многу битна. Законскиот проект не би бил комплетен до колку се сведе само на таканаречени тајни инфорамтори на Службата за државна безбедност, туку и на лица кои ги поттикнувале или принудувале на тоа како и на одговорните на тие служби.

Освен тоа процесот треба да се води многу внимателно со воведување на заштитни механизми за да можат неправедно лустрираните да поведат судска постапка. На овој начин ќе превенираме нови неправди до толку повеќе што не се исклучени можни подметнувања, лажни конструкции се со цел политичка дискредитација на поедини личности.

Понатаму, да се испита од страна на комисијата или некои други надлежни органи дали и поради што се исчезнати одредени досиеја или дел од нив во правец да се поништат доказите или да се заштитат одредени носители на јавни функции.

Освен тоа предлагачот мора да покаже слух и кон мислењата на стручната и научната елита од таа област. Невладиниот сектор, организациите за заштита на човековите права и слободи за да може во максимална можна мера да се заштитат луѓе кои неоправдано би биле предмет на лустрација.

Кон ова би сакал да додадам дека дилемите што овде по ова прашање го наметнаа некои пратеници особено господинот Павле Трајанов и госпоѓата Цветанка Иванова се сосема на место и во правец да се изнајде решение кое истовремено ќе обезбеди имплементација на лустрацијата, но и превенција на можни нови неправди што би имало бројни несакани последици.

На крај, не гаам илузија дека со овој закон ќе се стави точка на кодошењето. Впрочем, безбедносни и тајни структури имало, а ќе има и во иднина. Истото важи и за кодошите. Она што нам ни останува тоа е барем по прашањето на составот на комисијата, да излеземе од нашите политички обланди, да постигнеме максимална можна согласност се во интерес на ефикасна имплементација на законот и превенција на нови неправди.

Таа комисија мора да е стручна и идеолошки неконтаминирана. Во спротивно мислам дека би ја промашиле целта. Верувам дека предлагачите ќе ги имаат во предвид сите овие дилеми кои беа изнесени при ова парламентарна расправа како и сугестиите на научната и стручната јавност до толку повеќе што прашањето е осетливо и длабоко задира во сферата на човековите права и слободи.

Впрочем, можеме и мораме да ги избегнеме грешките што ги направија другите земји и да се учиме на нивните лоши искуства. Во спротивно сме ја промашиле целта. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Хасипи.

Последен пријавен е господинот Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Благодарам потпретсеателе, криво ми е што потпретседателот Иван Анастасовски под шифра (не разбирливо) не е тука да ја слушне дискусијата, меѓутоа, верувам ќе ја следи од она што ќе го кажам преку писмена форма.

Многу кратко да кажам од она што го чувствувам и после она што се случуваше овие неколку дена.

Законот за лустрација, слушаме тези, дека е доцна донесен, јас мислам дека согласно општествените услови, она што господинот Андов го објаснуваше се создадоа услови ние како сериозна политичка елита во оваа држава, како Парламент се обидеме да донесеме едно законско решение кое ќе ги исправи неправдите од условно речено тоталитарниот систем, бидејќи сепак без оглед на се системот што владееше пред 1990 година во поранешна Југославија и во земјите од Источна Европа е сепак малку поразличен и дека луѓето кои градеа среќа на туѓа несреќа не ќе можат да живеат удобно како живееа до сега.

Слушнавме многу тези, обично преку 30-40 дискутанти дискутираа од латинскиот назив на зборот лустрација, па се до компаративните методи. Меѓутоа, она што го кажа господинот Ќенан Хасипи и претходните дискутанти дека кодоши имало и ќе има. Почнувајќи од Александар Македонски, па до предавство на Цар Самоил, Гоце Делчев. Ѓорче Петров, Јане Сандански, Ченто, Рацин, Кузман Јосифовски Питу, па и во најново време кога и јас бев жртва на кодошење во 2000 година кога бев предмет на следење на тогашните тајни служби кога дел од моите соседи криеа дел од тие што ме следеа. Сметам дека е крајно време да расчистиме некои работи, меѓутоа, она што го рекоа сите колеги да не биде класичен реваншизам. Меѓутоа, да ги разоткриеме луѓето што тоа го правеа и нивните нарачатели.

Вчерашниот говор на господинот Павле Трајанов, јас реков треба да се направи дистинкција кој кодошел заради личен интерес, кој кодошел заради пари и кој кодошел заради принуда. Кој тие инфорамции ги користел.

Она за што сакам да му дадам поддршка на господинот Андов и она за што сметам дека е важно да се дискутира е тоа што законот се носи во две фази и условно речено ако има некои недостатоци во овој закон сигурен сум дека предлагачот и сите ние што сме потпишани ќе најдеме можност за јавна расправа каде интелектуалната елита во Република Македонија и јавноста ќе го каже своето и ќе направиме еден солиден закон.

Токму овие компаративни методи на господинот Петковски, а и останатите што ги изнесоа сметам дека можат да придонесат да направиме добар закон и да престанеме да се делиме на добри и лоши, на партизани и германци, на балисти и херои и останати. Жртвите никој нема да ги врати и сметам дека овој закон не треба да биде можност или желба за реваншизам. Затоа што кодоши имало и во СДСМ и во ВМРО-ДПМНЕ и во сите политички партии и во периодот од 1945 до 1990 година и од 1990 година, па наваму. Затоа треба на тие луѓе да им се каже дека доста беше.

Она што можеби мене лично ми пречи и тука сакам до господинот Андов лично да се обратам во делот на тоа кој бил соработник и на кои служби кажува дека се работници на тие и тие служби и Агенцијата за разузнавање.

Само да потенцирам законски, Агенцијата за разузнавање е формирана 1996 година и со закон е дерогирана да врши работи надвор од границата на Република Македонија и мислам дека такви соработници во Агенцијата за разузнавање не би требало да има. Можеби е техничка грешка. Тоа е едната работа.

Втора работа, тоа вчера во репликата на господинот Павле Трајанов го реков, дали е КОС, дали е Сојузен извршен секретаријат и слично треба навистина да се направи разлика кој и заради што, условно речено, давал инфорамции. Јас се согласувам со господинот Андов дека и во претходниот период имало луѓе кои вршеле одговорни задачи, а не морале да бидат и кодоши и да бидат клистирани, прочистувани, лустрирани или кастрирани не дај Боже, скраја да е.

Она за што сакам да кажам,она што мене лично ми пречи и тука треба да размислиме дали овој наш закон е мек или тврд, како закон за лустрација е казнувањето за тие луѓе што ќе дадат лажни изјави и слично. Овде пишува во членот 28 тој што ќе даде лажна заверена писмена изјава од членот 5 на овој закон ќе се казни со затвор до 3 години.

Му се обраќам на господинот Андов, предлагач е, искуството во Полска и во Унгарија дека носител на јавна функција да речеме пратеник кој во претходниот период бил кодош се вика на комисијата да му се укаже на тоа и му се кажува дека ќе биде објавено во Службен весник или слично. После тоа тој самиот носи одлука, не му се забранува или не се затвора заради лажна изјава.

Зошто го кажувам ова? Во Уставот на Република Македонија имате право да бирате и да бидете избран. Да не се случи господине Андов како предлагач на овој закон, овој закон, условно речено, да биде поништен пред Уставниот суд затоа што ја знам вашата добра намера, затоа ви укажувам и се надевам дека тука како консензус од преку 90 пратеници, гледам дека и други се пријавуваат затоа што ние создадовме сакале или не атмосфера на лов на вештерки тие што не се потпишани. Дали е тоа господинот Никола Поповски, Славица Грковска и останатите дека не потпишале, биле кодоши. Нема врска.

Сметам дека е добар закон, закон кој е донесен на време, не е доцна, затоа што и останатите југословенски републики само Словенија и Србија го имаат донесено овој закон пред 3 или 4 години. Останатите веројатно чекаат време да се создадат услови за да може да се донесе овој закон за да не предизвика револт. Затоа што 16 години црвено-сина коалиција без разлика дали било СДСМ или ВМРО на власт, премногу поделби, премногу лоши резултати за овој народ овде.

Сметам дека еднаш треба да се престане, дека кодоши од Александар Македонски наваму треба да излезат на виделина и дека чесните луѓе на Република Македонија треба да добијат можност да си го кажат она што си го знаат. Благодарам.

Имате поддршка од мене за овој закон.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Рахиќ.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Тука ја заклучувам денешната седница.

Продолжуваме утре во 11,00 часот со истата 26-та седница. Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,50 часот)